Службен весник на Република Македонија

Број 10 **22 јануари 2015, четврток** **година LXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
152.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата ..	**2**
153.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата.....	**3**
154.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита.....	**12**
155.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух	**89**
156.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води	**90**
157.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај	**91**
158.	**Закон** за Академијата за наставници.....	**93**
159.	**Закон** за наставници во основните и средните училишта	**117**
160.	**Закон** за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.....	**127**
161.	**Закон** за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование	**138**
162.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за основното образование	**148**
163.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за средното образование	**149**
164.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за високото образование	**150**
165.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - Делница Куманово - Бељаковце“.....	**168**

		Стр.
166.	**Закон** за дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“	**170**
167.	**Закон** за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот „Набавка на нови влечни и влечени средства во МЖ Транспорт АД - Скопје“ кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и МЖ Транспорт АД-Скопје	**171**
168.	**Закон** за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта.....	**173**
169.	**Закон** за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за рехабилитација на магистралните и регионалните патишта, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и Јавното претпријатие за државни патишта	**174**
170.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика	**175**
171.	**Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите	**175**
172.	**Одлука** за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за посебните барање за безбедност на додатоците на исхрана	**176**
173.	**Одлука** за давање согласност на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Македонија за 2015 година.....	**176**
	Огласен дел.....	**1-16**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

152.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јануари 2015 година.

Бр. 08 – 178/1
14 јануари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ број 23/13, 12/14, 44/14 и 144/14), во членот 33 алинеја 4, сврзникот „и“ се заменува со запирка и се додава нова алинеја, која гласи:

„- Даунов синдром и“.

Член 2

Во членот 35 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Износот на посебниот додаток од ставот (1) на овој член се зголемува за 25% и изнесува 5252,50 денари за материјално необезбедени родители, кои се корисници на социјална парична помош и постојана парична помош кои имаат дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот.“

Во ставот (3), кој станува став (4), зборовите: „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1), (2) и (3)“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јуни 2015 година.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJEN E FËMIJËVE

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtjen e fëmijëve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 23/13, 12/14, 44/14 dhe 144/14), në nenin 33 alineja 4 lidhëza "dhe" zëvendësohet me presje dhe shtohet aline e re, si vijon:

" - Sindroma e Daunit dhe".

Neni 2

Në nenin 35 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Shuma e shtesës së veçantë nga paragrafi (1) të këtij neni, rritet për 25% dhe arrin 5252,50 denarë për prindër të pasiguruar materialisht, të cilët janë shfrytëzues të ndihmës sociale me para dhe ndihmës së përhershme me para të cilët kanë fëmijë me nevoja specifike që ka pengesa në zhvillimin trupor apo mental ose pengesa të kombinuara në zhvillim deri në 26 vjet jetë."

Në paragrafin (3), i cili bëhet paragrafi (4), fjalët: "paragrafët (1) dhe (2)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafët (1), (2) dhe (3)".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të fillojë të zbatohet nga 1 qershori 2015.

153.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јануари 2015 година.

Бр. 08-179/1
14 јануари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Член 1

Во Законот за производи за заштита на растенијата („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 110/07, 20/09, 17/11, 53/11 и 69/13), во членот 2 по точката 4 се додаваат две нови точки 5 и 6 кои гласат:

„5. „Помошни супстанции “ се супстанции кои влегуваат во составот на производите за заштита на растенијата, а имаат за цел подобрување на нивната ефикасност или постигнување на други пестицидни својства;

6. „Паралелен увоз на производ за заштита на растенијата“ е увоз на производ за заштита на растенијата за кој е издадено одобрение за ставање во промет во земја членка на Европската унија, Швајцарија, Норвешка, Канада, Јапонија, Израел, САД, Русија или Турција кој е ист или сличен со производ за заштита на растенијата произведен од ист производител за кој е издадено одобрение за пласирање на пазар во Република Македонија и за кој Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има издадено одобрение за паралелен увоз.“

Точките 5, 6 ,7, 8, 9, 10, 11. 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 стануваат точки 7, 8, 9, 10, 11. 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28,29 и 30.

Член 2

Во членот 3 став (2) зборовите „ дозвола за увоз на паралелен производ “ се заменуваат со зборовите „ одобрение за паралелен увоз “.

Член 3

Во членот 4 став (2) во третата реченица зборовите „Официјалното овластување “ се заменуваат со зборот „Овластувањето“.

Член 4

Во членот 24 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Членовите на комисијата од ставот (1) на овој член не можат да бидат поврзани со подносителите на барања или со правните и физичките лица кои произведуваат или пласираат на пазар производи во смисла на судир на интереси. За спречување на судир на интереси, соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси. Во постапката на одобрување на производите за заштита на растенијата, членовите на стручната комисија потпишуваат изјава за непостоење на судир на интереси.“

Во ставот (5) зборовите: „ Програмата за здравје на растенијата “ се заменуваат со зборовите: „ Програма за фитосанитарна политика.“

Член 5

Во членот 25 ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) во точката 17) зборовите „ ставот (3) “ се заменуваат со зборовите „ ставот (2) “.

Во ставот (4) кој станува став (3) зборовите „ ставот (3) “ се заменуваат со зборовите „ ставот (2) “.

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (4) и (5).

Ставовите (7) и (8) се бришат.

Ставот (9) станува став (6).

Член 6

Во членот 27 став (1) по зборот „траење“ точката се брише и се додаваат зборовите „како и за враќање на празната амбалажа од употребените производи.“.

Член 7

Членот 28 се менува и гласи:

„(1) Одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија може да добие правно лице кое ги исполнува условите од членот 26 став (2) на овој закон за пласирање пазар на големо на производи за заштита на растенијата и кое има добиено одобрение за пласирање на пазар на големо на производи за заштита на растенијата за производ за заштита на растенијата за кој Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство веќе има издадено одобрение за пласирање на пазар.

(2) Производот за заштита на растенијата што има одобрение за пласирање на пазарот во земја членка на Европската унија, Швајцарија, Норвешка, Канада, Јапонија, Израел, САД, Русија или Турција може да се увезува паралелно на територијата на Република Македонија кога е ист или сличен со производот за заштита на растенијата за кој има одобрение за пласирање на пазар на територијата на Република Македонија.

(3) Ист или сличен производ за заштита на растенијата е производот за заштита на растенијата што е предмет на паралелен увоз и производот за заштита на растенијата што има добиено одобрение за пласирање на пазар на територијата на Република Македонија кои имаат ист квалитативен и квантитативен состав на активна супстанција, иста формулација, иста доза и се произведени од ист производител или производители што припаѓаат на иста група на производители или се произведени под лиценца на ист лиценциран партнер.

(4) Подносител на барањето за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е правното лице од став (1) на овој член кое не е во деловна врска, односно капитално поврзан со носителот на одобрението за пласирање на пазар на тој производ во Република Македонија.

(5) Барањето за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија се поднесува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во кое се посочува државата од ставот (2) на овој член од која ќе се врши паралелниот увоз и кон истото се приложува документацијата и податоците од членот 28-а на овој закон.

(6) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата го издава одобрението или го одбива барањето.

(7) Формата и содржината на барањето од ставот (5) на овој член, начинот на добивање на одобрение за паралелен увоз и формата и содржината на одобрението за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(8) Доколку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не издаде одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата, односно не го одбие барањето за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата во рокот од ставот (7) на овој член, подносителот на барање има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на седиштето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(9) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (8) на овој член да донесе решение со кое барањето за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е уважено или одбиено. Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(10) Кон барањето за донесување на решение за издавање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (5) на овој член.

(11) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(12) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (11) на овој член да изврши надзор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

(13) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(14) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (13) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кои министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (12) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(17) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (16) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (11) и (12)на овој член и/или не поднесе пријава согласно ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(19) Во случајот од ставот (18) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(20) Во случаите од ставот (19) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(21) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (20) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(22) Доколку министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рок од ставот (15) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(23) Постапката пред Управниот суд е итна.

(24) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (7) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.“

Член 8

По членот 28 се додаваат два нови члена 28-а и 28-б, кои гласат :

„Член 28-а

(1) За добивање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата, правното лице од член 28 став (1) од овој закон поднесува барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со следната документација и податоци:

1) податоци за производот за заштита на растенијата за кој е издадено одобрение за пласирање на пазар во Република Македонија (име на производот за заштита на растенијата, назив и количество на секоја активна супстанција која ја содржи производот, квалитативен состав на помошните супстанции во производите за заштита на растенијата, типот на формулацијата, начин на дејството на производот, намените за кои е одобрен производот, детално упатство за употреба и степен на дозирање, каренца, рок на употреба, посебни услови на чување, назив и адреса на носителот на одобрението за пласирање на пазар во Република Македонија и број на одобрение за пласирање на пазар);

2) податоци за производот за заштита на растенијата за кој се поднесува барање за добивање на одобрение за паралелен увоз (име на производот за заштита на растенијата, назив и количество на секоја активна супстанција која ја содржи производот, квалитативен состав на помошните супстанции во производите за заштита на растенијата, типот на формулацијата, начин на дејство на производот, рок на употреба, каренца, земја од која производот се увезува и во која се наоѓа во промет, намените за кои е одобрен производот во земјата од која се увезува, детално упатство за употреба и доза/концентрација на производот во земјата од која се увезува, број на одобрение за ставање на производот за заштита на растенијата во промет во земјата од каде што производот се увезува, назив и седиште на носителот на одобрението за ставање во промет на производот за заштита на растенијата во земјата од каде што се увезува, назив и седиште на производителот на производот за заштита на растенијата и адреса на местото на производство, назив и седиште на правното лице од кое се набавува производот);

3) податоци за разлики меѓу производот за заштита на растенијата за кој се поднесува барањето за паралелен увоз и производот за заштита на растенијата за кој постои одобрение за пласирање на пазар во Република Македонија (разлики во име на производителот, производна локација, составот на помошните супстанции, пакувањето, намена, доза/концентрација на производот, мерки на претпазливост и предупредување), доколку постојат;

4) изјава од подносителот на барањето од член 28 став (4) од овој закон, дека производот за заштита на растенијата во пакувањето во кое се увезува во Република Македонија и е предмет на паралелен увоз има одобрение за ставање во промет и се наоѓа во промет во земјата од каде што се врши паралелен увоз на производи за заштита на растенијата со податоци за производите за заштита на растенијата од надлежен орган, доколку истите може да се обезбедат од јавно достапната веб страница на надлежниот орган;

5) доказ дека подносителот на барањето има вработено лице со завршено најмалку високо образование од областа на земјоделските науки (насоки на кои се слушани предмети од областа на заштитата на растенијата), одговорно за известување во случај со проблеми со квалитетот на производите за заштита на растенијата и дефекти на сериите на истите, со податоци за име и презиме, стручна подготовка и телефонски број за контакт заради постојана достапност;

6) изјава дека подносителот на барањето од член 28 став (4) од овој закон не е во деловна врска, односно капитално поврзан со носителот на одобрението за пласирање на пазар на производи за заштита на растенија во Република Македонија;

7) договор со правното лице од кое се набавува производот за заштита на растенијата;

8) одобрение за пласирање на пазар на големо на правното лице од кое се набавува производот за заштита на растенијата во земјата од каде што се врши паралелниот увоз, издадена од надлежен орган, со превод од овластен судски преведувач на текстот на македонски јазик и неговото кирилско писмо;

9) упатство за употреба коешто е одобрено во земјата од каде што се врши паралелен увоз и кое се наоѓа во оригиналното пакување на производите за заштита на растенијата, со превод од овластен судски преведувач на содржината на текстот на македонски јазик и неговото кирилско писмо;

10) предлог на упатство за употреба на производите за заштита на растенијата, на македонски јазик и неговото кирилско писмо, со наведување на податоци за носителот на одобрението за паралелен увоз, како и за разликите, доколку постојат;

11) примерок од производот во вид во кој се наоѓа во промет во земјата од која се врши паралелен увоз;

12) предлог на дополнителна етикета која ќе се наоѓа на оригиналното надворешно пакување на производот за заштита на растенија со потребните податоци и ознаки за производот за заштита на растенијата на македонски јазик и неговото кирилско писмо, со наведување на податоци за носителот на одобрението за паралелен увоз, како и за разликите, доколку постојат;

13) изјава дека ставањето на етикета и вметнувањето на упатство за употреба на производот за заштита на растенијата што е предмет на паралелен увоз, ќе се врши од страна на увозникот кој е подносител на барањето и

14) доказ за платени надоместоци за одобрување на паралелен увоз на производи за заштита на растенијата.

(2) Производот за заштита на растенијата кој е паралелно увезен се употребува под истите услови како и производот за заштита на растенијата за кој е издадено одобрение за пласирање на пазар на територијата на Република Македонија.

(3) Кога помеѓу производот за заштита на растенијата што е предмет на паралелен увоз и производот за заштита на растенијата што има одобрување за пласирање на пазар за употреба на Република Македонија постојат разлики правното лице од член 28 став (1) на овој закон доставува доказ дека тие не влијаат врз ефикасноста на производот за заштита на растенијата што е предмет на паралелен увоз.

(4) По добивањето на одобрението за паралелен увоз, во периодот на неговото важење, носителот на одобрението е должен да ги следи сите промени што ќе настанат кај производот за заштита на растенијата во земјата од каде што се врши паралелниот увоз (дополнување на информациите за производот за заштита на растенијата на пакувањето и/или во упатството за употреба и/или на секој друг податок) и за истото да ја извести Управата.

(5) Ако промените се однесуваат на податоците во упатството за употреба и на други безбедносни промени што ќе настанат кај производи за заштита на растенијата во земјата од каде што се врши паралелен увоз, носителот на одобрението за паралелен увоз на производот за заштита на растенијата е должен до Управата да достави барање за промени, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на промената во земјата од каде што се врши паралелен увоз на производи за заштита на растенијата.

(6) Носителот на одобрението за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е должен да доставува ажурирано упатство за употреба на производи за заштита на растенијата во согласност со настанатите промени во добиеното одобрение за ставање во промет во Република Македонија за тој производ за заштита на растенијата.

(7) Носителот на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е должен да определи лице одговорно за известување во случај со проблеми со квалитетот на производите за заштита на растенијата кое ќе биде постојано и континуирано достапно и кое е должно да известува во случај на проблеми со квалитетот на производите за заштита на растенијата и дефекти на сериите на истите.

(8) Носителот на одобрението за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е должен да ја извести Управата во случај на повлекување на одобрението за ставање на производите за заштита на растенијата во промет во земјата од каде што се врши паралелен увоз во рок од 15 дена од денот на повлекувањето на одобрението.

(9) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го одзема одобрението за паралелен производ за заштита на растенијата во случај на повлекување на одобрението за ставање на производот за заштита на растенијата во промет во земјата од каде што се врши паралелен увоз.

(10) Правни лица кои се директни корисници на производи за заштита на растенијата можат да вршат паралелен увоз за сопствена употреба по претходно спроведена постапка за добивање на одобрение за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата, како и со доставување на изјава дека истите производи нема да се стават во слободен промет, пришто во овој случај не се обезбедува етикета која се прелепува на оригиналното пакување.

Член 28-б

(1) Одобрението за паралелен увоз на производот за заштита на растенијата важи две години. Ново одобрение се добива согласно со одредбите на овој закон со поднесување на барање најмалку два месеци пред истекувањето на важноста на одобрението.

(2) Одобрението за паралелен увоз на производ за заштита на растенијата не престанува да важи по автоматизам кога носителот на одобрението за пласирање на производот за заштита на растенијата на пазар во Република Македонија го повлече производот што е пласиран на пазарот на територијата на Република Македонија од причини кои не се поврзани со загрозување на безбедноста на луѓето, животните и животната средина.

(3) Носителот на одобрението за паралелен увоз на производи за заштита на растенијата е должен да води евиденција за паралелните производи за заштита на растенијата и истата да ја чува најмалку пет години. Во евиденцијата се внесуваат следните податоци:

- назив и адреса на правните лица кои имаат одобрение за пласирање на пазар на големо и мало на производи за заштита на растенијата и на лицата (правни/физички) на кои им бил продаден или биле снабдени со паралелно увезениот производ за заштита на растенијата,
- датум кога била извршена продажба или снабдување со паралелно увезениот производ; и
- доставена количина и број на серија на производот за заштита на растенијата кој е предмет на паралелен увоз.

(4) Ако носителот на одобрението за паралелен увоз одлучи да престане да пласира на пазарот производ за заштита на растенијата за кој има добиено одобрение за паралелен увоз пред истекот на одобрението, истиот е должен да ја извести Управата најмалку два месеца пред прекинот на пласирањето на производот на пазар во Република Македонија.

(5) За производот чиешто одобрение за паралелен увоз е истечено, количините кои се веќе пласирани на пазарот во Република Македонија може да останат во промет и по денот на истекувањето на рокот на важност на одобрението, но не подолго од 12 месеци од истекот на одобрението за паралелен увоз, освен во случаи поврзани со ефикасноста на производот и безбедноста во однос на здравјето на луѓето, животните и животната средина.“

Член 9

Во членот 35-а став (1) се менува и гласи:

„Испитувањата на производите за заштита на растенијата кои се во постапка на одобрување, контрола и надзор на производството, пласирање на пазарот и увозот, резидуите на и во примарните земјоделски производи од растително потекло како и испитувањата согласно мониторингот во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство ги врши акредитирана лабораторија согласно со стандардот МКС EN ISO/IEC 17025.“

Член 10

Во членот 36 се додава нов став (10) кој гласи:

„(10) Трошоците за собирање и уништување на празната амбалажа од производи за заштита на растенијата, заостанатите количества од производите за заштита на растенијата и производите за заштита на растенијата со поминат рок се на товар на производителот или увозникот на производите за заштита на растенијата.“

Член 11

Во членот 37 ставови (2) и (5) зборовите: „ Управата за ветеринарство ” се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за храна и ветеринарство”.

Член 12

Во членот 38 во ставот (3) зборовите: „ пласирани на пазарот “ се заменуваат со зборовите: „од ставот (1) на овој член“.

Член 13

Во член 46 ставот (1) се менува и гласи:

„Право на вршење на професионална работа на давање јавни услуги во областа на производите и опремата имаат само лица со најмалку високо образование од областа на земјоделските или шумарските науки (насоки на кои се слушани предмети од областа на заштитата на растенијата), хемија или земјоделска механизација, со работно искуство од најмалку една година, професионално квалификувани во соодветната област за вршење на одредената јавна услуга.“

Член 14

Во членот 52 точка 2) зборовите : „ Програмата за здравје на растенијата “ се заменуваат со зборовите: „ Програма за фитосанитарна политика “.

Член 15

Во член 55 ставот (2) се менува и гласи:

„Во однос на стручниот кадар истите треба да имаат вработено најмалку едно лице со најмалку високо образование од областа на земјоделските или шумарските науки (насоки на кои се слушани предмети од областа на заштитата на растенијата), земјоделска механизација, специјализација од областа на заштитата на растенијата или хемија, со работно искуство од најмалку една година, соодветно професионално квалификувани за спроведување на задачите за кои им се доделени јавните овластувања. “

Во ставот (9) зборовите: „ Програмата за здравје на растенијата “ се заменуваат со зборовите: „ Програмата за фитосанитарна политика “.

Член 16

Во членот 56 став (6) зборовите : „ Програмата за здравје на растенијата “ се заменуваат со зборовите: „ Програмата за фитосанитарна политика “.

Член 17

Во членот 57 став (1) по точката 3) се додава нова точка 4) која гласи:

„4) одобрување на паралелен увоз на производи за заштита на растенијата;“.

Точките 4), 5), 6), 7) и 8) стануваат точки 5), 6), 7), 8) и 9).

Во ставот (2) зборовите: „точки 1), 2) и 3)“ се заменуваат со зборовите: „точки 1), 2), 3) и 4)“.

Во ставот (3) зборовите: „точки 4), 5),6), 7) и 8)“ се заменуваат со зборовите: „точки 5), 6), 7), 8) и 9)“.

Член 18

Во член 58 став (7) зборовите: „Програмата за здравје на растенијата “ се заменуваат со зборовите: „ Програмата за фитосанитарна политика “.

Член 19

Во членот 65 став (1) точката 8) се брише.

Точката 9) станува точка 8).

Точката 10) се брише.

Точката 11) станува точка 9).

Во точката 12) која станува точка 10) зборовите „ и кај производите кои немаат бандерола-маркица “ се бришат.

Точките 13), 14), 15), 16), 17) и 18) стануваат точки 11), 12), 13), 14), 15) и 16).

Член 20

Во членот 67 став (1) точката 5) се брише.

Точката 6) станува точка 5).

Точката 7) се брише.

Точките 8), 9), 10), 11) и 12) стануваат точки 6), 7), 8), 9) и 10).

Член 21

Во членот 76 став (1) по точката 7) се додаваат пет нови точки 8), 9), 10), 11) и 12) кои гласат:

„8) не ги следи сите промени што ќе настанат кај производот за заштита на растенијата во земјата од каде што се врши паралелниот увоз и за истото не ја известува Управата (член 28-а став (4));

9) не достави барање за промени во упатството за употреба и другите безбедносни промени што ќе настанат кај производите за заштита на растенијата во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на промената во земјата од каде што се врши паралелен увоз на производи за заштита на растенијата (член 28-а став (5));

10) не доставува ажурирано упатство за употреба на производи за заштита на растенијата во согласност со настанатите промени во добиеното одобрение за ставање во промет во Република Македонија за тој производ за заштита на растенијата (член 28-а став (6));

11) не определи лице одговорно за известување во случај со проблеми со квалитетот на производите за заштита на растенијата кое ќе биде постојано и континуирано достапно и не известува во случај на проблеми со квалитетот на производите за заштита на растенијата и дефекти на сериите на истите (член 28-а став (7));

12) не ја извести Управата во случај на повлекување на одобрението за ставање на производите за заштита на растенијата во промет во земјата од каде што се врши паралелен увоз во рок од 15 дена од денот на повлекувањето на одобрението (член 28-а став 8);“

Точката 8) станува точка 13).

Точката 9) која станува точка 14) се менува и гласи:

„ не ги употребува производите и не постапува со амбалажата од употребените производи, како и со неупотребените производи на пропишан начин (член 36) “.

Точката 10) станува точка 15).

Член 22

Во членот 77 став (1) по точката 7) се додаваат две нови точки 8) и 9) кои гласат:

„8) не ја чува за период од пет години евиденцијата за паралелните производи за заштита на растенијата (член 28-б став (3));

9) не ја извести Управата најмалку два месеца пред да одлучи да престане да пласира на пазарот производ за заштита на растенијата за кој има добиено одобрение за паралелен увоз пред истекот на одобрението (член 28-б став (4))“

Точките 8), 9), 10), 11), 12) и 13) стануваат 10) , 11), 12), 13), 14) и 15).

Во ставот (3) зборовите: „ точки 1, 4, 6, 8, 10, 11 и 12 “ се заменуваат со зборовите: „ точки 1, 4, 5, 6, 8, 10, 11 и 12 “.

Член 23

Во член 80-а точката 1) се менува и гласи :

„ не ги употребува производите и не постапува со амбалажата од употребените производи, како и со неупотребените производи на пропишан начин (член 36) “.

По точка 2) се додава нова точка 3) која гласи:

„3) не води евиденција (член 36 став (4)) “.

Точките 3) и 4) стануваат точки 4) и 5).

Член 24

Правните и физички лица кои до денот на влегувањето во сила на овој закон поседуваат и користат опрема за апликација на производите за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија, се должни да поднесат барање за упис во Регистарот на опрема за апликација на производите за заштита на растенијата во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесување на подзаконските акти од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постоечките подзаконски акти.

Член 26

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за производи за заштита на растенијата.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен весник на Република Македонија “.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PRODHIME PËR MBROJTJE TË BIMËVE

Neni 1

Në Ligjin për prodhime për mbrojtje të bimëve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 110/07, 20/09, 17/11, 53/11 dhe 69/13), në nenin 2 pas pikës 4 shtohen dy pika të reja 5 dhe 6 si vijojnë:

„5. "Substanca ndihmëse" janë substanca të cilat hyjnë në përbërje të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve, kurse kanë për qëllim përmirësimin e efikasitetit të tyre ose arritjen e cilësive tjera të pesticideve;

6. "Import paralel i prodhimit për mbrojtjen e bimëve" është importi i prodhimeve për mbrojtjen e bimëve për të cilin është lëshuar pëlqim për vënien në qarkullim më vend anëtar të Bashkimit Evropian, Zvicër, Norvegji, Kanada, Japoni, Izrael, SHBA, Rusi dhe Turqi i cili është i njëjtë ose i ngjashëm me prodhimin për mbrojtjen e bimëve i prodhuar nga prodhues i njëjtë për të cilin është lëshuar pëlqim për plasim në treg në Republikën e Maqedonisë dhe për të cilin Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave ka lëshuar leje për import paralel."

Pikat 5, 6 ,7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 dhe 28 bëhet pika 7, 8, 9, 10, 11. 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 dhe 30.

Neni 2

Në nenin 3 paragrafi (2) fjalët: “leje për import të prodhimit paralel" zëvendësohen me fjalët: “pëlqim për import paralel".

Neni 3

Në nenin 4 paragrafi (2) në fjalinë e tretë fjalët: “Autorizimi oficial" zëvendësohen me fjalën "Autorizimi".

Neni 4

Në nenin 24 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"(2) Anëtarët e komisionit nga paragrafi (1) të këtij neni nuk mund të jenë të lidhur me parashtruesit e kërkesave ose me personat juridik dhe fizik të cilët prodhojnë ose plasojnë në treg prodhime në kuptim të konfliktit të interesave. Për parandalimin e konfliktit të interesave, në mënyrë përkatëse zbatohen dispozitat e Ligjit për parandalimin e konfliktit të interesave. Në procedurë për miratimin e prodhimeve për mbrojtjen e bimëve, anëtarët e komisionit profesional nënshkruajnë deklaratë për mosekzistimin e konfliktit të interesave."

Në paragrafin (5) fjalët: "Program për shëndetin e bimëve" zëvendësohet me fjalët: "Program për politikë fitosanitare."

Neni 5

Në nenin 25 paragrafi (2) shlyhet.

Në paragrafin (3) i cili bëhet paragrafi (2) në pikën 17) fjalët: “paragrafi (3)" zëvendësohet me fjalët: “ paragrafi (2)".

Në paragrafin (4) i cili bëhet paragrafi (3) fjalët: “paragrafi (3)" zëvendësohet me fjalët: “ paragrafi (2)".

Paragrafët (5) dhe (6) bëhen paragrafë (4) dhe (5).

Paragrafët (7) dhe (8) shlyhen.

Paragrafi (9) bëhet paragrafi (6)

Neni 6

Në nenin 27 paragrafi (1) pas fjalës "zgjatje" pika shlyhet dhe shtohen fjalët: “ si dhe për kthimin e ambalazhit të zbrazët nga prodhimet e përdorura".

Neni 7

Neni 28 ndryshohet si vijon:

"(1) Pëlqim për eksport paralel të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve në territorin e Republikës së Maqedonisë mund të marrë personi juridik i cili i plotëson kushtet nga neni 26 paragrafi (2) i këtij ligji për plasim në treg me shumicë të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve dhe i cili ka marrë pëlqim për plasimin në tregun me shumicë të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve për prodhim për mbrojtjen e bimëve për të cilin Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave ka dhënë tanimë pëlqim për plasimin në treg.

(2) Prodhimi për mbrojtjen e bimëve që ka pëlqim për plasim në tregun e vendit anëtar të Bashkimit Evropian, Zvicër, Norvegji, Kanada, Japoni, Izrael, SHBA, Rusi ose Turqi mund të importojë paralelisht në territorin e Republikës së Maqedonisë kur është i njëjtë ose i ngjashëm me prodhimin për mbrojtjen e bimëve për të cilin ka pëlqim për plasimin në treg në territorin e Republikës së Maqedonisë.

(3) Prodhim i njëjtë ose i ngjashëm për mbrojtjen e bimëve është prodhimi për mbrojtjen e bimëve që është lëndë e importit paralel dhe prodhimi për mbrojtjen e bimëve që ka marrë pëlqim për plasimin në treg në territorin e Republikës së Maqedonisë të cilët kanë përbërje të njëjtë kualitative dhe kuantitative të substancës aktive, formulacion të njëjtë, dozë të njëjtë dhe janë të prodhuar nga prodhuesi i njëjtë ose prodhuesit që bëjnë pjesë në grupin e njëjtë të prodhuesve ose prodhohen nën licencën e partnerit të njëjtë të licencuar.

(4) Parashtrues i kërkesës për lëshimin e pëlqimit për import paralel të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve është personi juridik nga paragrafi (1) i këtij neni i cili nuk është në lidhje afariste, përkatësisht nuk është i lidhur me kapital me bartësin e pëlqimit për plasimin në treg të atij prodhimi në Republikën e Maqedonisë.

(5) Kërkesa për lëshimin e pëlqimit për import paralel të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve në territorin e Republikës së Maqedonisë parashtrohet në Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, në të cilën theksohet shteti nga paragrafi (2) i këtij neni nga i cili do të bëhet importi paralel dhe me të njëjtës i bashkëngjitet dokumentacioni dhe të dhënat nga neni 28-a i këtij ligji.

(6) Ministria për Bujqësi, Pylltari dhe Ekonomi të Ujërave në afat prej 30 ditëve nga dita e pranimit të kërkesës për lëshimin e pëlqimit për import paralel të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve e lëshon pëlqimin ose e refuzon kërkesën.

(7) Formën dhe përmbajtjen e kërkesës nga paragrafi (5) i këtij neni, mënyrën e marrjes së pëlqimit për import pozitiv dhe formën dhe përmbajtjen e pëlqimit për import paralele të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve e përcakton ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave.

(8) Nëse Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave nuk lëshon pëlqim për import paralele të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve, përkatësisht nuk e refuzon kërkesën për lëshimin e pëlqimit për import paralel të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve në afat nga paragrafi (7) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës ka të drejtë në afat prej tri ditëve të punës të parashtrojë kërkesë te sekretaria e selisë së Ministrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave.

(9) Ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave obligohet që në afat prej pesë ditësh punë nga dita e parashtrimit të kërkesës nga paragrafi (8) i këtij neni të miratojë aktvendim me të cilën kërkesa për lëshimin e pëlqimit për import paralel të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve është pranuar ose është refuzuar. Nëse Ministri për Bujqësi, Pylltari dhe Ekonomi të Ujërave nuk ka sekretari, kërkesa parashtrohet në sekretarinë e selisë së Ministrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave.

(10) Me kërkesën për miratimin e aktvendimit për lëshimin e pëlqimit për import paralel të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve parashtruesi i kërkesës dërgon edhe kopje të kërkesës nga paragrafi (5) i këtij neni.

(11) Nëse Ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave nuk miraton aktvendim në afatin nga paragrafi (9) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës mund ta njoftojë Inspektoratin Administrativ Shtetëror në afat prej pese ditësh pune.

(12) Inspektorati Administrativ Shtetëror obligohet në afat prej dhjetë ditëve nga dita e pranimit të njoftimit nga paragrafi (11) i këtij neni të bëjë mbikëqyrje në Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave nëse është realizuar procedura në pajtim me ligj dhe në afat prej tri ditëve nga dita e mbikëqyrjes së kryer ta informojë parashtruesin e kërkesës.

(13) Inspektori nga Inspektori Administrativ Shtetëror pas mbikëqyrjes së kryer në pajtim me ligj miraton aktvendim me të cilën e obligon Ministrin e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave në afat prej dhjetë ditëve të vendos për kërkesën e parashtruar, përkatësisht ta miratojë ose ta refuzojë kërkesën dhe ta njoftojë inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dërgohet edhe kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kërkesën e parashtruar.

(14) Nëse Ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave nuk ka vendosur në afatin e paragrafit (13) të këtij neni, inspektori do të parashtrojë kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje për kundërvajtje të përcaktuar në Ligjin për inspeksion administrativ dhe do të përcaktojë afat plotësues prej pesë ditësh pune, në të cilat Ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave do të vendosë për kërkesën e parashtruar për çka në afatin e njëjtë do ta njoftojë inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dërgohet edhe kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kërkesën e parashtruar. Inspektori në afat prej tri ditësh pune do ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(15) Nëse Ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave nuk vendos edhe në afatin plotësues nga paragrafi (14) i këtij neni, inspektori në afat prej tri ditësh punë do të parashtrojë kallëzim deri te prokurori publik dhe në atë afat do ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(16) Nëse inspektori nuk vepron sipas njoftimit nga paragrafi (12) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës në afat prej pesë ditësh pune ka të drejtë të parashtrojë kundërshtim në sekretarinë e drejtorit të Inspektoratit Administrativ Shtetëror. Nëse drejtori nuk ka sekretari, kundërshtimi parashtrohet në sekretarinë e selisë së Inspektoratit Administrativ Shtetëror.

(17) Drejtori i Inspektoratit Administrativ Shtetëror obligohet në afat prej tri ditësh pune nga dita e pranimit ta shqyrtojë kundërshtimin nga paragrafi (16) i këtij neni dhe nëse konstaton se inspektori nuk ka vepruar në bazë të njoftimit nga parashtruesi i kërkesës nga paragrafët (11) dhe (12) të këtij neni dhe/ose nuk parashtron kallëzim në pajtim me paragrafin (15) të këtij neni, drejtori i Inspektoratit Administrativ Shtetëror do të parashtrojë kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje për kundërvajtje të përcaktuar në Ligjin për inspeksion administrativ edhe për inspektorin dhe do të përcaktojë afat plotësues prej pesë ditësh pune në të cilat inspektori do të bëjë mbikëqyrje në Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave nëse është realizuar procedura në pajtim me ligj dhe në afat prej tri ditësh pune nga dita e mbikëqyrjes së kryer, ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(18) Nëse inspektori nuk vepron edhe në afatin plotësues nga paragrafi (17) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Administrativ Shtetëror do të parashtrojë kallëzim te prokurori publik dhe në afat prej tri ditësh pune do ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(19) Në rastin e paragrafit (18) të këtij neni drejtori i Inspektoratit Administrativ Shtetëror menjëherë, ndërsa më së voni në afat prej një ditë pune do ta autorizojë inspektorin tjetër që ta realizojë mbikëqyrjen menjëherë.

(20) Në rastet nga paragrafi (19) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Administrativ Shtetëror në afat prej tri ditësh pune do ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(21) Nëse drejtori i Inspektoratit Administrativ Shtetëror nuk vepron në pajtim me paragrafin (20) të këtij neni, parashtruesi i kërkesës mund të parashtrojë kallëzim te prokurori publik kompetent në afat prej tetë ditësh pune.

(22) Nëse ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave nuk vendos në afatin nga paragrafi (15) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës mund të ngrejë kontest administrativ në gjykatën kompetente.

(23) Procedura në Gjykatën Administrative është urgjente.

(24) Pas miratimit të aktit nënligjor nga paragrafi (7) i këtij neni i njëjti menjëherë, ndërsa më së voni në afat prej 24 orësh publikohet në ueb faqen e Ministrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave."

Neni 8

Pas nenit 28 shtohen dy nene të reja 28-a dhe 28-b, si vijojnë:

"Neni 28 -a

(1) Për marrjen e pëlqimit për import paralel të prodhimeve për mbrojtjen e bimëve, personi juridik nga neni 28 paragrafi (1) i këtij ligji parashtron kërkesë në Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave me dokumentacionin dhe të dhënat si vijojnë:

1) të dhëna për prodhimin për mbrojtjen e bimëve për të cilat është lëshuar pëlqim për plasimin në treg në Republikën e Maqedonisë (emri i prodhimit për mbrojtjen e bimëve, emërtimi dhe sasia e secilës substancë aktive të cilën e përmban prodhimi, përbërja kuantitative e substancave ndihmëse në prodhimet për mbrojtjen e bimëve, lloji i formulimit, mënyra e veprimit të prodhimit, dedikimi për të cilin është lejuar prodhimi, udhëzim i detajuar për përdorim dhe shkalla e dozimit, karenca, afati i përdorimit, kushtet e posaçme për ruajtje, emërtimi dhe adresa e bartësit të pëlqimit për plasim në treg në Republikën e Maqedonisë dhe numri i pëlqimit për plasim në treg);

(12) Непостапувањето, односно делумно постапување по записникот од извршената контрола, претставува основа за определување на договорна казна за директорот, прекршочна постапка против здравствената установа и дисциплинска постапка против лицето вработено во здравствената установа кое е субјект на контрола, а кое ја сторило неправилноста, односно непостапило, односно делумно постапило по записникот од извршената контрола.

Постапка за вршење на контрола

Член 39-ѓ

(1) Постапката за вршење на контрола по правило се состои од подготовка, вршење на контролата, донесување на констатации и изготвување записник, извештај или известување.

(2) Подготовка на контролата опфаќа постапки за обезбедување и анализа на податоците и документацијата кои се потребни за извршување на контролата.

(3) Контролата се врши без најава со непосреден увид во работата на субјектот кој е предмет на контрола.

(4) Констатациите се завршен дел на контролата и се составен дел на записникот, извештајот или известувањето.

(5) Контролата се врши за периодот од тековната година, а по потреба може да опфати и претходен временски период во согласност со налогот за контролата.

Записник од извршена контрола

Член 39-е

(1) За извршената контрола овластеното лице за контрола составува записник на местото на вршење на контролата. Записникот го потпишуваат овластеното лице за контрола и субјектот на контрола и еден примерок од записникот му се предава на субјектот на контролата, а доколку поради обемот и сложеноста на контролата и другите околности не е можно да се состави записник во текот на контролата записникот се составува во службените простории на Министерството за здравство во рок од три дена од денот на контролата со образложение за причините поради што записникот е составен во службените простории на Министерството за здравство.

(2) Записникот го потпишува овластеното лице за контрола кое ја извршило контролата и претставник на субјектот, кој бил присутен при вршењето на контролата.

(3) Во записникот кој се состои од повеќе страници, овластеното лице за контрола и претставникот на субјектот стават свој потпис на секоја страница.

(4) Записникот се потпишува и се заверува со печат на субјектот на контрола, потпис на директорот, односно директорите на субјектот на контрола и потпис на претставникот на субјектот на контрола.

(5) Ако субјектот на контролата одбие да го потпише записникот, овластеното лице за контрола ќе ги наведе причините за одбивањето.

(6) Во записникот особено се внесува име и презиме на овластеното лице за контрола и бројот на неговата легитимација, местото, денот и часот кога е извршена контролата, предметот на контролата, присутните лица, застапникот или полномошникот на субјектот на контролата, утврдената фактичка состојба, забелешките, изјавите и другите релевантни факти и околности.

(7) Во случаите кога во записникот од извршената контрола се констатирани неправилности, овластеното лице за контрола во вршењето на контролата заради отстранување на утврдените неправилности има право и обврски на субјектот на контролата:

- да му укаже на утврдените неправилности и да определи рок за нивно отстранување,
- да му нареди да преземе соодветни мерки и активности во рок кој ќе го определи овластеното лице за контрола,
- да поднесе барање за поведување прекршочна постапка или
- да поведе друга соодветна постапка.

(8) Субјектот на контролата е должен во рок од три дена да го извести овластеното лице за контрола дали постапил по наредените мерки од контролата.

(9) По истекот на рокот од став (8) на овој член се врши повторна контрола, во делот на констатираните повреди и неправилности и се изготвува нов записник.

(10) На барање на овластеното лице за контрола, субјектот на контролата треба да обезбеди примероци од контролираната документација, како прилог на записникот.

Приговор на записникот

Член 39-ж

(1) Субјектот на контрола може да поднесе приговор на записникот за извршената контрола, во рок од осум дена од денот на приемот на записникот од извршена контрола до Министерството за здравство.

(2) Записникот во кој се констатирани неправилности, а за кој не е доставен приговор од страна на субјектот на контрола во утврдениот рок, станува конечен.

(3) Доколку субјектот на контрола достави приговор, овластеното лице за контрола кое ја извршило контролата ги доставува до Министерството за здравство за понатамошно постапување записникот од контролата и приговорот заедно со комплетната документација.

(4) По добиениот приговор, Министерството за здравство го разгледува и утврдува дали истиот е оправдан, навремен и потпишан од овластеното лице на субјектот на контрола.

(5) Доколку приговорот е неоправдан, ненавремен и не е потпишан од овластеното лице на субјектот на контрола, Министерството за здравство писмено го известува субјектот на контрола за неоснованоста на поднесениот приговор.

(6) Во случај кога Министерството за здравство при проверка на целокупната документација констатира дека приговорот треба да се прифати и нема потреба од спроведување на повторена контрола, за истото ќе достави известување во рок од 15 дена до субјектот на контрола.

(7) Доколку Министерството за здравство процени дека има потреба од повторена контрола на субјектот по основ на приговорот, истата се реализира во најкраток можен рок.

(8) Во случај кога со извршената повторена контрола се потврдат неправилностите констатирани во претходната контрола, се изготвува конечен извештај во рок од 15 дена, по кој субјектот нема право на приговор.

Доставување на конечен записник

Член 39-з

По завршување на постапката на контрола, примерок од конечниот записник може да се достави на понатамошно постапување до други овластени сектори на Министерството за здравство и надлежни институции кои вршат контрола на законитоста на работата на субјектот и контрола на стручната работа, заради запознавање или преземање на мерки кои се во нивна надлежност.

Евиденција од спроведените контроли и изречените мерки

Член 39-ѕ

(1) За спроведените контроли и изречените мерки се води евиденција во Министерството за здравство.

(2) За извршените контроли овластеното лице за контрола изготвува месечен и квартален извештај.

(3) Врз основа на месечните и кварталните извештаи од став (2) на овој член, Министерството за здравство изготвува годишен извештај за спроведени редовни и вонредни контроли кој го доставува до Владата на Република Македонија за информирање.

Поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка

Член 39-и

(1) Ако овластеното лице за контрола при вршењето на контролата утврди дека е сторен прекршок, тој е должен без одлагање да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(2) Надлежниот орган пред кој се поведува постапката од став (1) на овој член, должен е да го извести Министерството за здравство за текот и исходот на постапката.

(3) Ако при вршењето контрола, овластеното лице за контрола утврди прекршок за кој со закон е предвидена мандатна казна, изрекува мандатна казна на самото место на прекршокот.

Упатување на пациенти за специјалистичко-консултативни услуги со користење на медицинска опрема

Член 39-ј

(1) Здравствениот работник кој дава специјалистичко - консултативни услуги е должен да ги упатува пациентите на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита за специјалистичко-консултативни услуги со користење на медицинска опрема (во натамошниот текст: упатување на пациентите за користење на медицинска опрема) преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции и во согласност со стручните упатства за медицина заснова на докази од член 27 став (1) од овој закон и протоколите од член 27 став (4) од овој закон.

(2) Здравствениот работник кој дава специјалистичко - консултативни услуги од став (1) на овој член е одговорен за неосновано и неоправдано упатување на пациентите за специјалистичко-консултативни услуги со користење на медицинска опрема.

(3) Здравствениот работник кој дава специјалистичко - консултативни услуги неосновано и неоправдано ги упатува пациентите за користење на медицинска опрема во случај кога:

- ги упатува пациентите за специјалистичко-консултативни услуги со користење на медицинска опрема во спротивност со стручните упатства за медицина заснова на докази од член 27 став (1) од овој закон и протоколите од член 27 став (4) од овој закон, и

- ги упатува пациентите на дијагностички процедури за радиолошка дијагностика со компјутерски томограф и магнетна резонанца во согласност со стручните упатства за медицина заснова на докази од член 27 став (1) од овој закон и протоколите од член 27 став (4) од овој закон, но во 20% од вкупниот број на упатувања за користење на медицинска опрема во текот на претходната година со спроведените испитувања е утврдено дека нема наод за болест и/или за повреда, освен доколку пациентот се упатува на дијагностички процедури за радиолошка дијагностика со компјутерски томограф и магнетна резонанца заради докажување дека нема наод за болест и/или повреда согласно стручните упатства за медицина заснова на докази.

(4) Основаноста и оправданоста на упатувањето од став (3) на овој член ја следи,оценува и утврдува Министерството за здравство врз основа на податоците од електронската листа на закажани прегледи и интервенции и извештајот на здравствениот работник кој дава специјалистичко - консултативни услуги и нивна споредба со стручните упатства за медицина заснова на докази од член 27 став (1) од овој закон и протоколите од член 27 став (4) од овој закон.

(5) Здравствениот работник кој дава специјалистичко - консултативни услуги од став (1) на овој член, за кој Министерството за здравство ќе утврди дека неосновано и неоправдано ги упатувал пациентите за користење на медицинска опрема во случаите од став (3) на овој член, посетува обука во траење од 20 часа за стручните упатства за медицина заснова на докази од член 27 став (1) од овој закон и протоколите од член 27 став (4) од овој закон и обука за запознавање со карактеристиките на медицинската опрема, за нејзино користење и за штетните последици од неоснованото и прекумерно користење на медицинската опрема.

(6) Обуката од ставот (5) на овој член ја организира Министерството за здравство.

(7) Доколку здравствениот работник кој дава специјалистичко - консултативни услуги од став (1) на овој член не посетува обука во согласност со ставот(5) на овој член одговара дисциплински за дисциплински престап и против него работоводниот орган на јавната здравствена установа во кој е вработен спроведува дисциплинска постапка врз основа на известување од Министерството за здравство.

(8) Доколку и покрај посетените обуки се повторат случаите од став (3) на овој член, здравствениот работник кој дава специјалистичко - консултативни услуги од став (1) на овој член одговара дисциплински за дисциплински престап и против него работоводниот орган на јавната здравствена установа во кој е вработен спроведува дисциплинска постапка врз основа на известување од Министерството за здравство,.

(9) Во случаите од ставовите (7) и (8) на овој член, министерот за здравство за работоводниот орган на јавната здравствена установа во кој е вработен здравствениот работник кој дава специјалистичко - консултативни услуги од став (1) на овој член, а кој не спровел дисциплинска постапка и не донел решение за изрекување на дисциплинска мерка, ќе определи договорна казна согласно член 104 став (4) од овој закон.

Член 7

Во член 86, став (1), по зборот „закон“ се додаваат следните зборови „и/или други услови утврдени со овој закон“.

Член 8

По член 86 се додава нов наслов и нов член 86-а, кои гласат:

„Универзитетски институт за позитрон-емисионска томографија

Член 86-а

(1) Универзитетскиот институт за позитрон-емисионска томографија на Република Македонија врши здравствена дејност, односно дијагностика на метаболно функционални промени со користење на позитрон-емисионска томографија, произведува радиофармацевтски препарати, врши научно-истражувачка дејност и учествува во образованието на кадри во областа на нуклеарната медицина, радиофармацијата, медицинската физика и други сродни гранки од медицината.

(2) Универзитетскиот институт за позитрон-емисионска томографија на Република Македонија може да врши дејност ако во работен однос има најмалку пет вработени доктори на наука од областа на медицината,од областа на фармацијата и од областа на физиката, од кои најмалку двајца наставници на високообразовна установа од областа на медицината, фармацијата и/или физиката.

(3) Универзитетскиот институт за позитрон-емисионска томографија на Република Македонија може да врши дејност и ако наставниците од ставот (2) на овој член се во работен однос во универзитетскиот институт и во високообразовната установа од областа на медицината, фармацијата и/или физиката, согласно со прописите од областа на работните односи и договорот за вработување.“

Член 9

Во членот 91-а, по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Со лабораториите што се организирани како оддели во универзитетските институти, универзитетските клиники и клиниките во универзитетскиот клинички центар, покрај доктор на медицина специјалист или супспецијалист или здравствен работник со високо образование од областа на фармацијата со соодветна специјализација или супспецијализација, можат да раководат и следните лица кои ги исполнува условите од став (2) алинеите 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член:

- здравствен соработник со високо образование од областа на биохемијата и физиологија и молекуларната биологија и со соодветна специјализација или супспецијализација спроведена на високообразовна установа од областа на медицината;

- здравствен соработник со високо образование од областа на биохемијата и физиологија и молекуларната биологија и завршен втор или трет циклус на студии од областа на здравствената дејност или од областа на биохемијата и физиологија и молекуларната биологија, како и

- здравствен соработник со високо образование од областа на биохемијата и физиологија и молекуларната биологија, соодветна специјализација или супспецијализација спроведена на високообразовна установа од областа на медицината и завршен втор или трет циклус на студии од областа на здравствената дејност или од областа на биохемијата и физиологија и молекуларната биологија.“

(4) Со одделите во универзитетските институти, универзитетските клиники и клиниките во универзитетскиот клинички центар, во кој здравствените услуги се вршат од страна на здравствени работници и здравствени соработници поради потребата од мултидисциплинарен пристап при поставување на дијагноза и лекување на болестите, покрај доктор на медицина специјалист или супспецијалист, можат да раководат и следните лица кои ги исполнуваат условите од став (2) алинеите 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член:

- здравствен соработник со високо образование од областа соодветна на мултидисциплинарниот пристап што се применува во одделот при поставување на дијагноза и лекување на болестите и со соодветна специјализација или супспецијализација спроведена на високообразовна установа од областа на медицината;

- здравствен соработник со високо образование од областа соодветна на мултидисциплинарниот пристап што се применува во одделот при поставување на дијагноза и лекување на болестите и завршен втор или трет циклус на студии од областа на здравствената дејност, како и

- здравствен соработник со високо образование од областа соодветна на мултидисциплинарниот пристап што се применува во одделот при поставување на дијагноза и лекување на болестите, соодветна специјализација или супспецијализација спроведена на високообразовна установа од областа на медицината и завршен втор или трет циклус на студии од областа на здравствената дејност.

Ставовите (3), (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (5), (6), (7), (8) и (9).

Во ставот (6) кој станува став (8) зборовите „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите „ставовите (1), (3) и (4).

Во ставот (7) кој станува став (9) бројот „(6)“ се заменува со бројот „(8)“.

Член 10

По членот 92 се додаваат пет нови наслови и пет нови членови 92-а, 92-б, 92-в, 92-г и 92-д, кои гласат:

„Евиденција на медицинска опрема

Член 92-а

(1) Јавните здравствени установи се должни да водат евиденција на медицинската опрема со која располагаат и со која ја вршат здравствената дејност.

(2) Евиденцијата на медицинската опрема од став (1) на овој член содржи особено податоци за: тип на опремата, опис на опремата, во која специјалност, односно супспецијалност се користи, дали за користењето на опрема е потребно закажување преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции, годината на производство, назив на производителот, година на набавка, датум на склучување на договорот за набавка, односно на договорот за донација и архивскиот број под кој е заведен договорот, набавна цена на медицинската опрема, датум на склучување на договорот за одржување на медицинската опрема и архивскиот број под кој е заведен договорот, стапка на амортизација, број на извршени поправки, заменети делови и степен на искористеност.

(3) Евиденцијата на медицинската опрема од став (1) на овој член се води континуирано и секоја промена се внесува веднаш по настанувањето, а најдоцна во рок од 12 часа.

(4) Јавните здравствени установи секој месец ги внесуваат податоците од евиденцијата од став (1) на овој член во интегрираниот здравствен информатички систем востановен согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството .

(5) Начинот на водење на евиденцијата на медицинската опрема, како и видот, формата и содржината на обрасците за водење на евиденцијата на медицинската опрема од став (1) на овој член ги утврдува министерот за здравство.

(6) По донесувањето на подзаконскиот акт од став (5) на овој член, Министерството за здравство е должно веднаш да го објави на веб страницата на Министерството и во „Службен весник на Република Македонија“.

Користење на евиденцијата на медицинска опрема

Член 92-б

(1) Евиденцијата на медицинска опрема од член 92-а од овој закон се користи од работоводниот орган на јавната здравствена установа за планирање на користење на постојната медицинска опрема и за планирање на набавка на нова медицинска опрема, како и од Министерството за здравство.

(2) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни при изготвувањето на предлог на планот за јавни набавки на медицинска опрема, да ги користат податоците од евиденцијата на медицинска опрема од член 92-а од овој закон, како и податоците за потребата од нова медицинска опрема утврдена врз основа на анализа на податоците од интегрираниот здравствен информатички систем.

Обврски на директорот и здравствените работници во однос на медицинската опрема

Член 92-в

(1) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да овозможат ставање во функција и користење на медицинската опрема заради вршење на здравствена дејност на здравствените работници кои вршат специјалистичко - консултативна дејност и на здравствените работници кои вршат интервенции и хируршки интервенции.

(2) Здравствените работници кои вршат специјалистичко - консултативна дејност и здравствените работници кои вршат интервенции и хируршки интервенции се должни да ја користат медицинската опрема заради вршење на здравствена дејност.

(3) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да ја одржуваат медицинската опрема во исправна состојба во секое време со цел да обезбеди континуираност на здравствената заштита и да обезбедат одржување на медицинската опрема со која располага јавната здравствена установа со која тие раководат.

(4) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни медицинската опрема која е неисправна да ја доведат во исправна состојба во рок од еден до седум дена од денот на настапувањето на неисправноста во зависност од видот на неисправноста, а на пациентите за кои бил закажан термин преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции да им обезбеди преглед или интервенција со друга медицинската опрема од ист тип во рамки на истата или во рамки на друга јавна здравствена установа или преглед или интервенција со поправената медицинска опрема веднаш по нејзиното ставање во исправна состојба.

(5) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да достават писмено известување до Министерството за здравство за секоја неисправност на медицинската опрема во рок не подолг од 24 часа од часот кога настапила неисправноста.

(6) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да обезбедат во електронската листа на закажани прегледи и интервенции да биде внесен податокот дека одредена медицинска опрема е во неисправна состојба веднаш по настапувањето на неисправноста.

(7) Лицата кои ја водат, објавуваат и ажурираат електронската листа на закажани прегледи и интервенции се должни да го внесат податокот дека одредена медицинска опрема е во неисправна состојба веднаш по настапувањето на неисправноста.

Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во јавните здравствени установи

Член 92-г

(1) Заради обезбедување на следливост на целокупниот медицински потрошен материјали, медицински помагала, лекови и сите останати материјали кои ги набавува јавната здравствена установа за лекување на пациентите (во натамошниот текст: основни и помошни медицински материјали) преку прибирање на податоци за количината и вредноста на основните и помошните медицински материјали и лековите што се потрошени за лекување на еден пациент, односно што ги потрошил еден здравствен работник и здравствен соработник за лекување на пациентот заради анализа и следење на количините и планирање на набавка и планирање на залихите на медицински потрошен материјали, медицински помагала, лекови и сите останати материјали

кои ги набавува јавната здравствена установа, како и заради анализа на финансиските ефекти од нивната потрошувачка и следење на целокупното финансиско работење на јавните здравствени установи се востановува Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во јавните здравствени установи (во натамошниот текст: Националниот систем), кој овозможува побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во јавните здравствени установи, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во јавните здравствени установи.

(2) Во Националниот систем од став (1) на овој член се внесуваат особено податоци за шифрите на основните и помошните медицински материјали кои ги набавува јавната здравствена установа , нивните ЕАН (EAN-European Article Number)-кодови, шифрите за овие материјали на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и нивните цени.

(3) Националниот систем е составен дел од интегрираниот здравствен информатички систем востановен согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството.

(4) Јавните здравствени установи се должни да воведат редовна евиденција на сите потрошени основни и помошни медицински материјали класифицирани по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови.

(5) Во задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови, а со цел точен увид во залихите на лекови со рок на траење, уништување на лекови со истечен рок на траење, навремено обезбедување на нови залихи и заштита на пациентите од аплицирање на неадекватни лекови, особено се внесуваат следните податоци:

- ЕАН (EAN-European Article Number) код на лекот,
- датум на производство на лекот, и
- рок на траење на лекот.

(6) Директорот на јавната здравствена установа е должен заради водење на задолжителната евиденција на залихите на медицинските материјали од став (5) на овој член да организира на лековите да бидат постави налепници со бар кодови на производителот, односно носителот на одобрението за ставање во промет на лековите и да бидат обезбедени бар код читачи за сите депоа на лекови.

(7) Директорот на јавната здравствена установа е должен да обезбеди и организира во системот за финансиското книговодство да бидат контирани и да бидат внесени и книжени во финансов налог сите материјални документи, а особено следните материјални документи:

- приемниците од добавувачи и преносниците од главното депо;
- интерните приемници по основ на преносницата и издатниците/листите на потрошени медицински материјали по пациенти и по здравствени работници, односно здравствени соработници од помошните депоа,
- нивелациите,
- повратниците, влезните и излезните фактури и
- изводите од буџетската сметка и сопствената сметка.

(8) Работите од став (7) на овој член ги врши одговорен сметководител, вработен во јавната здравствена установа.

(9) Заради непречено функционирање на Националниот систем, директорот на јавната здравствена установа е должен да обезбеди софтверска апликација која овозможува непрекината двонасочно комуникација и размена на податоци со интегрираниот здравствен информатички систем востановен согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството.

(10) Во Националниот систем се води евиденција на целокупните финансиски ресурси на јавните здравствени установи во финансиското сметководство, евиденција на приходи и расходи по видови и по внатрешни организациони единици во рамки на секоја здравствена установа и евиденција на потрошените парични средства од буџетската и сопствената сметка групирани на ниво на јавната здравствена установа, по видови на јавни здравствени установи и вкупно за сите јавните здравствени установи.

Централен систем за електронска евиденција на работното време

Член 92-д

(1) Министерството за здравство воспоставува и води Централен систем за електронска евиденција на работното време и контрола на пристап до просториите во јавните здравствени установи (во натамошниот текст: Цeнралниот систем).

(2) Централниот систем е информациски систем кој овозможува евиденција за доаѓање и заминување од работното место на вработените во јавните здравствени установи, како и евиденција на нивното присуство во просториите на јавната здравствена установа, а особено во амбуланта, операциона сала, одделение или во просторија за вршење на интервенции или дијагностички постапки.

(3) Централниот систем ги содржи личните податоци на вработените во јавните здравствени установи, биометриските податоци потребни за потврда на идентитетот на субјектот на лични податоци и податоци за просториите во објектите каде што се сместени јавните здравствени установи.

(4) За да се обезбеди тајност и заштита на обработката и одржувањето на личните податоци на вработените во јавните здравствени установи, се применуваат соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка.

(5) Личните податоци на вработените во јавните здравствени установи од став (4) на овој закон, можат да се пренесуваат преку електронско комуникациска мрежа, само ако посебно се заштитени со соодветни технички и организациски мерки, така што нема да бидат читливи при преносот. Техничките и организациските мерки обезбедуваат степен на заштита на личните податоци соодветно на ризикот при обработката и природата на податоците кои се обработуваат.

(6) Описот на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци го утврдува министерот за здравство.

(7) Централниот систем овозможува евиденција за доаѓање и заминување од работното место на вработените во јавните здравствени установи, како и евиденција на нивното присуство во просториите на јавната здравствена установа преку проверување на личниот идентитет на вработените во јавните здравствени установи со користење на скенер со биометриски сензор поставен во објектите во кои се сместени јавните здравствени установи.

(8) Секоја јавна здравствена установа има пристап до податоците од евиденцијата за доаѓање и заминување од работното место и до податоците од евиденцијата на присуството во просториите на јавната здравствена установа за вработените во таа јавна здравствена установа и нема право на пристап до овие податоци за вработените во другите јавни здравствени установи.

(9) Начинот на водење на евиденција за доаѓање и заминување од работното место на вработените во јавните здравствени установи и на евиденцијата на нивното присуство во просториите на јавната здравствена установа, како и начинот на проверување на личниот идентитет на вработените во јавните здравствени установи со користење на скенер со биометриски сензор и видот на биометриски податок што се користи за таа цел, го утврдува министерот за здравство.

(10) По донесувањето на подзаконскиот акт од став (9) на овој член, Министерството за здравство е должно веднаш да го објави на веб страницата на Министерството и во „Службен весник на Република Македонија“.“

Член 11

Во член 104 во ставот (3) по зборот „директорот“ се става запирка и се додаваат зборовите „вршителот на должност директор“.

Во ставот (4) зборовите „од 50 до 100 евра“ се заменуваат со зборовите „од 50 до 200 евра“ и се додава нова реченица, која гласи:

„Случаите на непочитување на менаџерскиот договор кога се определува договорна казна и висината на договорната казна може да се определат и со овој закон.“

По ставот (4) се додаваат три нови става (5), (6) и (7), кои гласат:

„(5) Менаџерскиот договор од став (3) на овој член се заверува кај надлежен нотар и содржи извршна клаузула.

(6) Директорот, односно вршителот на должност директор е должен да постапува по наредби, упатства, планови и програми донесени од министерот за здравство, со кои се наредува или забранува постапување во определена ситуација која има општо значење за извршување на законите и подзаконските прописи, се пропишува начинот на постапување во извршувањето на одделни одредби на законите и подзаконските прописи, односно се утврдуваат и се разработуваат одделни прашања за извршување на законите и подзаконските прописи за кои е потребно утврдување на рокови и динамика на нивно извршување.

(7) Неисполнувањето на обврската од став (6) на овој член претставува непочитување на менаџерскиот договор од страна на директорот.“

Член 12

Во членот 104 се додава нов наслов и нов член 104-а, кои гласат:

„Договорна казна

Член 104-а

„(1) Директорот ќе се казни со договорна казна во висина од 200 евра во денарска противвредност ако здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој работи со странки во текот на работното време на работното место не носи на видно место ознака за личното име, работното место и здравствената установа во која работи согласно член 169 од овој закон, односно со договорна казна во висина од 200 евра во денарска противвредност ако не поведе дисциплинска постапка за дисциплински престап против здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој не носи на видно место ознака за личното име, работното место и здравствената установа во која работи, во рок од седум дена од денот кога дознал за причината за поведување на дисциплинската постапка согласно член 169 од овој закон.

(2) Директорот ќе се казни со договорна казна во висина од 200 евра во денарска противвредност ако се изврши исплата на плата на здравствените работници врз основа на неточни и неверодостојни информации за резултатите од работењето на здравствените работници внесени во интегрираниот здравствен информатички систем.

(3) Директорот ќе се казни со договорна казна во висина од 200 евра во денарска противвредност ако не поведе дисциплинска постапка за дисциплински престап против раководителот на внатрешната организациона единица и здравствениот работник кои во интегрираниот здравствен информатички систем внеле неточни и/или неверодостојни податоци спротивно на член 219 став (3) од овој закон.

(4) Директорот ќе се казни со договорна казна во висина од 200 евра во денарска противвредност ако не поведе дисциплинска постапка за дисциплински престап и/или не донесе решение за изрекување на дисциплинска мерка против здравствениот работник кој дава специјалистичко - консултативни услуги од член 39-ј став (1) од овој закон, а кој не посетува обука за запознавање со карактеристиките на медицинската опрема, за нејзино користење и за штетните последици од неоснованото и прекумерно користење на медицинската опрема, како и кој покрај посетените обуки повторно упатил пациенти на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита за користење на медицинска опрема во спротивност со стручните упатства за медицина заснова на докази од член 27 став (1) од овој закон и протоколите од член 27 став (4) од овој закон и/или во 20% од вкупниот број на упатувања за користење на медицинска опрема во текот на еден месец со спроведените испитувања е утврдено дека нема наод за болест и/или за повреда.

(5) Директорот ќе се казни со договорна казна во висина од 200 евра во денарска противвредност ако во роковите утврдени во членот 193-а ставовите (8) и (9) од овој закон, подносителот на претставката од членот 193-а став (1) од овој закон со која го изразува своето незадоволство поради непримену вање и непочитување од страна на здравствените работници и здравствените соработници на принципите и правилата на однесување и работење утврдени од министерот за здравство со правилникот за хоспитална култура согласно член 27 став (5) од овој закон, не добие известување за формирање на комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинскиот престап, односно не добие решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап против здравствен работник, односно здравствен соработник кој е дисциплински одговорен согласно член 152-а став (2) од овој закон.“

Член 13

Во член 111 став (1) во точката 10) на крајот на реченицата сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 11) на крајот на реченицата точката се заменува со точка и запирка.

По точката 11) се додаваат четири нови точки 12), 13), 14) и 15), кои гласат:

„12) ако два пати последователно или три пати во текот на една година, до директорот на јавната здравствена установа била доставена претставка согласно член 193-а од овој закон, но тој не формирал комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинскиот престап, ниту донел решение за изрекување на дисциплинска мерка,

13) ако се изврши исплата на плата на здравствените работници без работоводниот орган да даде писмена изјава дека информациите за резултатите од работењето на здравствените работници внесени во интегрираниот здравствен информатички систем согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството се точни и веродостојни,

14) ако два пати последователно или три пати во текот на една година не бидат внесени во интегрираниот здравствен информатички систем согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството податоците потребни за мерење на клучните индикатори на постигнувањата во рок и на начин согласно членот 239-б став (2) од овој закон или се внесени неточни и/или неверодостојни податоците потребни за мерење на клучните индикатори на постигнувањата, и

15) ако не ја уплати договорната казна од членот 239-в став (4) од овој закон во износ двојно повисок од износот согласно членот 239-в ставовите (7), (8) или (9) од овој закон, во дополнителниот рок утврден во членот 239-в ставот (4) од овој закон.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во случаите од ставот (1) точките од 12) до 15) на овој член, министерот за здравство ќе го разреши директорот кај кој е утврдено постоење на основ за разрешување, во рок од 15 дена од дознавањето на основот за разрешување, односно во рок од 15 дена по истекот на дополнителниот рок од член 239-в став (4) од овој закон.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 14

Во членот 121, ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Испитната комисија од ставовите (3) и (4) на овој член, е составена од пет членови кои се доктори на наука од областа на медицината, односно фармацијата, односно од областа на стоматологијата, со издадени најмалку пет научни труда со импакт фактор и најмалку три месеци во последните пет години поминато на обука во земјите членки на ОЕЦД. На членовите на комисијата им се определуваат заменици кои ги исполнуваат истите услови како и членовите на комисијата.“

По ставот (5), се додаваат четиринаесет нови ставови (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18) и (19), кои гласат:

„(6) Пријавата за полагање на стручниот испит се поднесува до Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора, најмалку еден месец пред да се полага испитот, која го одобрува полагањето на стручниот испит и го определува датумот на неговото полагање. Кон пријавата за полагање на стручниот испит се приложува сертификат за завршено високо образование од областа на медицината, стоматологијата или фармацијата и потврда за завршена пробна работа.

(7) Здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој полага стручен испит е должен да користи стручна литература што е во употреба на врвните десет високообразовни установи од областа на медицинските науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џиао Тонг универзитет.

(8) Стручниот испит се состои од три дела и тоа:

- прв дел, кој се полага писмено и со кој се проверува теоретското знаење на здравствениот работник, односно здравствениот соработник,

- втор дел, кој се полага усно и со кој се проверува теоретското знаење на здравствениот работник, односно здравствениот соработник, и

- практичен дел, со кој се проверува способноста на здравствениот работник, односно здравствениот соработник за примена на стекнатото теоретско знаењето во практика.

(9) Првиот дел на стручниот испит се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер, компјутерски генериран, чија содржина по случаен избор ја одредува софтвер од базата на прашања најмногу 15 минути пред почетокот на испитот, со избирање на еден точен одговор од понудените пет можни одговори, од кои еден одговор е точен, два се слични и два не се точни и со решавање на студии на случај, избрани по случаен избор со помош на софтвер од базата на студии на случаи.

(10) Вториот дел на стручниот испит се полага по правило наредниот ден по успешно полагање на првиот дел, а најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на првиот дел на стручниот испит кога здравствениот работник, односно здравствениот соработник успешно го положил првиот дел. Полагањето на вториот дел на стручниот испит се врши со давање на усни одговори на прашања, кои компјутерски се доделуваат на здравствениот работник, односно здравствениот соработник по пат на случаен избор направен со помош на софтвер од базата на прашања и студии на случаи, најмногу 15 минути непосредно пред почетокот на овој дел на стручниот испит.

(11) Практичниот дел на стручниот испит се полага по правило наредниот ден по успешно полагање на вториот дел, а најдоцна во рок од пет дена од денот на одржувањето на вториот дел на стручниот испит кога здравствениот работник, односно здравствениот соработник успешно го положил вториот дел.

(12) Базата на прашања за првиот и вториот дел од стручниот испит ја изготвува комисија формирана од страна на министерот за здравство чии членови ги исполнуваат условите од ставот (5) на овој член и содржи најмалку 4.000 прашања, кои прашања се од стручната литература што е во употреба на врвните 100 високообразовни установи во светот од областа на медицинските, стоматолошките, односно фармацевтските науки, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џиао Тонг универзитет, како и од најмалку по 1.500 практични примери,.

(13) Првиот и вториот дел на стручниот испит се полагаат во просторија, посебно опремена за полагање на испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето. Полагањето на првиот и вториот дел на стручниот испит се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за здравство, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за здравство. Полагањето на третиот дел на стручниот испит не се снима и истиот се полага во амбуланта, во болничка соба или во просторија за вршење на интервенции.

(14) Во просторијата за полагање на стручниот испит, на првиот дел на стручниот испит можат да присуствуваат само претседателот, членовите и секретарот на испитната комисија, а вториот дел на стручниот испит е јавен.

(15) При полагањето на стручниот испит пречекорувањето на времетраењето на испитот значи дека испит не е положен.

(16) Здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој не го положил првиот или вториот, односно практичниот дел од стручниот испит има право повторно да го полага тој дел во рок од најмалку 30 дена, а најмногу 60 дена од денот кога по прв пат било спроведено полагањето на тој дел од стручниот испит.

(17) Здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој не го положил стручниот испит има право повторно да го полага испитот уште еднаш. Доколку и по повторното полагање здравствениот работник, односно здравствениот соработник не го положи стручниот испит, повторно ја извршува пробната работа.

(18) Доколку здравствениот работник, односно здравствениот соработник не го положи специјалистичкиот испит во рок од една година од денот на завршувањето на планот и програмата за пробна работа, го губи правото за полагање на стручниот испит, освен за случаите на подолго отсуство поради болест и повреда, како и спреченост од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

(19) Обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование ги утврдува Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора со општ акт на кој согласност дава министерот за здравство, а обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со средно, вишо и високо стручно образование и здравствените соработници со високо образование ги утврдува министерот за здравство.“

Член 15

Во членот 123, по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, Лекарската комора во соработка со Министерството за здравство го врши издавањето на привремена лиценца за работа на докторите на медицина, специјалисти, односно супспецијалисти од државите членки на ОЕЦД или македонски државјани, кои работеле најмалку пет години непрекинато во здравствени установи, односно високообразовни установи од областа на медицината во државите членки на ОЕЦД, како и раководни лица од здравствени установи во државите членки на ОЕЦД, со кои согласно прописите од областа на медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина Министерството за здравство склучило договор за вршење на медицинска дејност како здравствен работник во јавна здравствена установа со цел за унапредување на вештините и знаењата на докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите во јавните здравствени установи во Република Македонија преку пренос на вештини и знаења од областа на медицината и работењето во здравствените установи. За овие доктори на медицина не е потребна дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности утврдени во програмата од член 126 став (1) од овој закон и не мора да го владеат македонскиот јазик како услов од членот 128 од овој закон. Привремената лиценца за работа се издава за периодот за кој е склучен договорот за вршење на медицинска дејност како здравствен работник во јавна здравствена установа, која престанува наредниот ден од денот кога истекува периодот за кој е склучен договорот.“

Член 16

Во член 140 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Висината на надоместокот за спроведување на специјализацијата, односно супспецијализацијата од став (1) на овој член ја определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за здравство врз основа на висината на надоместокот за:

- реалните материјални трошоци за спроведување на теоретската настава од ставот (1) на овој член и за лицата ангажирани во спроведувањето на теоретската настава;

- реалните материјални трошоци за спроведување на практичната обука од ставот (1) на овој член и за лицата ангажирани во спроведувањето на практичната обука, и за

- полагање на колоквиумите, интермедијалниот испит, специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит. “

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Средствата што високообразовната установа и здравствената установа ги добиваат за спроведувањето на специјализацијата, односно супспецијализацијата, се должни да ги користат за развој на високообразовната, односно здравствената дејност, за исплата на надоместокот за менторот и едукаторите, за надоместување на трошоците за изучување на странските јазици и за спроведување на тестирање на специјализантите за познавање на странските јазици со официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори .“

По ставот (3) се додаваат шест нови става (4), (5), (6), (7), (8) и (9), кои гласат:

„(4) Средствата од надоместокот од ставот (2) на овој член јавната здравствена установа која ги упатува на специјализација, односно супспецијализација здравствените работници и здравствените соработници со високо образование, ги уплатува за сите специјализанти, односно супспецијализанти, на сметка на високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата, односно супспецијализацијата, врз основа на претходно склучен договор помеѓу јавната здравствена установа и високообразовната установа во рок од еден месец од денот кога е донесен планот и програмата за специјализациите, односно супспецијализациите, а пред да бидат уплатени средствата од надоместокот од ставот (2) на овој член.

(5) Високообразовната установа задржува 50% од средствата за надоместок за секој поединечен специјализант, односно супспецијализант за спроведување на неговата специјализација, односно супспецијализација, а останатите 50% од средствата за надоместок за секој поединечен специјализант, односно супспецијализант соодветно ги распределува и уплатува на јавните здравствени установи каде што се совладуваат и исполнуваат одделните вештини од планот и програмата за специјализациите, односно супспецијализациите врз основа на претходно склучен договор со секоја јавна здравствена установа посебно.

(6) Високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата, односно супспецијализацијата, е должна да ги склучи договорите со јавните здравствени установи од став (5) на овој член во рок од два месеца од денот кога е донесен планот и програмата за специјализациите, односно супспецијализациите, а пред да бидат уплатени средствата од надоместокот од ставот (2) на овој член согласно став (5) на овој член.

(7) Од средствата што согласно ставот (4) на овој член високообразовната установа ги добива за спроведување на специјализацијата согласно став (4) на овој член, менторот има право на надоместок во висина од 90% од средствата што високообразовната установа ги добива за секој поединечен специјализант, односно супспецијализант што тој ментор го води, а 10% се наменети за високообразовната установа за развој на високообразовната дејност. Надоместокот за менторот се исплатува врз основа на договор склучен помеѓу високообразовната установа и менторот.

(8) Од средствата што согласно ставот (4) на овој член ги добива јавната здравствена установа каде што се совладуваат и исполнуваат одделните вештини од планот и програмата за специјализациите, односно супспецијализациите, едукаторот има право на надоместок во висина од 60% од средствата што јавната здравстве-

на установа ги добива за секој поединечен специјализант, односно супспецијализант што тој едукатор го води, а јавната здравствена установа задржува 30% од средствата што ги добива за секој поединечен специјализант, односно супспецијализант за надоместување на материјалните трошоци кои произлегуваат од неговата специјализација, односно супспецијализација и 10% за унапредување и развој на здравствените услуги во јавната здравствена установа . Надоместокот за едукаторот се исплатува врз основа на договор склучен помеѓу јавната здравствена установа и едукаторот.

(9) Висината на надоместокот за спроведување на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници, односно здравствените соработници запишани согласно член 150 од овој закон е за 20% пониска од надоместокот што го плаќаат јавните здравствени установи за здравствените работници со високо образование, односно здравствените соработници со високо образование вработени во јавната здравствена установа, односно е намалена за висината на средствата што согласно став (8) од овој член ги добива јавната здравствена установа во која се спроведува специјализацијата за надоместување на материјалните трошоци кои произлегуваат од специјализацијата, односно супспецијализацијата и за унапредување и развој на здравствените услуги во јавната здравствена установа. На јавната здравствена установа во која се спроведува специјализацијата, односно супспецијализацијата на здравствените работници, односно здравствените соработници запишани согласно член 150 од овој закон се плаќа надоместок само за лицата ангажирани во спроведувањето на практичната обука.“

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (10) и (11).

Член 17

По членот 144 се додаваат 15 нови наслови и 15 нови членови 144-а, 144-б, 144-в, 144-г, 144-д, 144-ѓ, 144-е, 144-ж, 144-з, 144-ѕ,144-и, 144-ј, 144-к, 144-л и 144-љ, кои гласат:

„Спроведување, прекин и завршување на стаж на специјализација

Член 144-а

(1) Планот и програмата за специјализација се спроведуваат без прекин, а стажот на специјализацијата завршува по успешното завршување на сите турнуси по утврдената програма и спроведувањето на сите постапки и интервенции во текот на стажот на специјализацијата.

(2) Во случај на отсуство поради болест и/или повреда, спроведувањето на стажот се прекинува најмногу до 12 месеци и продолжува по завршување на отсуството за толку време колку што траел прекинот.

(3) По исклучок од став (2) на овој член, во случај на спреченост од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, спроведувањето на стажот се прекинува најмногу до 24 месеци и продолжува по завршување на отсуството за толку време колку што траел прекинот.

(4) Спроведувањето на планот и програмата на специјалистичкиот стаж се впишува во специјализантска книшка, во која се внесуваат точни и целосни податоци особено за започнувањето и завршувањето на специјалистичкиот стаж, времето на вршење на турнусот, за исполнетите постапки предвидени со соодветниот дел на специјализацијата, стекнатите компетенции, односно вештини дефинирани со програмата за соодветниот турнус, присуството на специјализантот на теоретската настава согласно програмата, евентуалниот прекин на специјалистичкиот стаж и мислењето на менторот за спроведениот стаж на специјализантот и за исполнетоста на условите за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит.

(5) Спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализациите посебно за секоја специјализација се евидентираат во текот на стажот на специјализациите во книгата за евиденција за спроведените постапки и интервенции во која се внесуваат точни и целосни податоци особено за насловот на турнусот, видот на постапката, односно интервенцијата, датумот и здравствената установа во која е изведена постапката, односно интервенцијата, како и дали е изведена самостојно или под надзор.

(6) Спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализациите евидентирани во книгата за евиденција од став (5) на овој член во целост треба да одговараат на содржината на стажот утврден во програмите за специјализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование.

(7) Правилно и целосно пополнета со точни и целосни податоци специјализантска книшка од став (4) на овој член и правилно и целосно пополнета со точни и целосни податоци книга за евиденција за спроведените постапки и интервенции од став (5) на овој член, во која се внесени точни и целосни податоци, е услов за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит.

(8) Менторот, едукаторот и директорот на здравствената установа во која се спроведува турнусот, со свој потпис и факсимил потврдуваат дека специјализантската книшка од став (4) на овој член и книгата за евиденција за спроведените постапки и интервенции од став (5) на овој член се правилно и целосно пополнети, дека се внесени точни и целосни податоци и дека планот и програмата на специјалистичкиот стаж се спроведени, односно дека спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализациите во целост одговараат на содржината на стажот утврден во програмите за специјализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование.

Полагање на колоквиум

Член 144-б

(1) Турнусите кои се со траење подолго од два месеци, завршуваат со полагање на колоквиум. Колоквиумот се полага најдоцна еден месец по завршување на турнусот и специјализантот е должен да го положи најдоцна до завршување на наредниот турнус. Доколку специјализантот не го положи колоквиумот во текот на наредниот турнус нема право да го запише следниот турнус.

(2) Специјализантот полага колоквиум пред комисија, формирана од високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата, составена од тројца доктори на медицински науки и специјалисти од истата или сродна гранка на медицина за која се спроведува турнусот, избрани во наставно-научно или научно звање.

(3) Специјализантот кој полага колоквиум е должен да користи стручна литература што е во употреба на врвните 100 високообразовни установи од областа на медицинските науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Циао Тонг универзитет.

(4) Колоквиумот од став (1) на овој член се состои од три дела и тоа:

- прв дел, кој се полага писмено и со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите стекнато во текот на извршувањето на турнусот,

- втор дел, кој се полага усно и со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите стекнато во текот на извршувањето на турнусот, и

- практичен дел, со кој се проверува способноста на специјализантот за примена на знаењето стекнато во текот на турнусот во практика.

(5) Првиот дел на колоквиумот се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер, компјутерски генериран, чија содржина по случаен избор ја одредува софтвер од базата на прашања, со избирање на еден точен одговор од понудените пет можни одговори, од кои еден одговор е точен, два се слични и два не се точни и со решавање на студии на случај, избрани по случаен избор со помош на софтвер од базата на студии на случаи. Прашањата се класифицирани во три различни тежински групи на прашања, при што точните одговори на сите поставени прашања се оценуваат со најмногу 45 бодови. Првата група на прашања опфаќа 30 прашања, од кои секое точно одговорено прашање се оценува со 0,5 бодови. Втората група на прашања опфаќа 15 прашања, од кои секое точно одговорено прашање се оценува со еден бод. Третата група на прашања опфаќа пет студии на случај, од кои секој точно решен случај се оценува со три бода. Полагањето на првиот дел од колоквиумот трае 90 минути,. Специјализантот го положил првиот дел од колоквиумот доколку освои најмалку 29 бодови, од кои најмалку 9 бодови од третата група на прашања.

(6) Вториот дел на колоквиумот се полага по правило наредниот ден по успешно полагање на првиот дел, а најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на првиот дел на колоквиумот кога специјализантот успешно го положил првиот дел. Полагањето на вториот дел на колоквиумот се врши со давање на усни одговори на 10 прашања, кои компјутерски се доделуваат на специјализантот по пат на случаен избор направен со помош на софтвер од базата на прашања и студии на случаи, непосредно пред почетокот на овој дел од колоквиумот. Секое точно одговорено прашање се оценува со 5,5 бодови, при што точните одговори на сите поставени прашања се оценуваат со најмногу 55 бодови. Се смета дека специјализантот го положил вториот дел на колоквиумот доколку освоил најмалку 38,5 бодови.

(7) Практичниот дел на колоквиумот се полага по правило наредниот ден, а најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на вториот дел на колоквиумот. На полагањето на практичниот дел на колоквиумот се проверува познавањето на стручните упатства за медицина базирана на докази од областа за која се спроведува турнусот, преку три случаи на вистински пациенти кои се избираат на денот на полагањето на третиот дел на колоквиумот, при што специјализантот треба да се запознае со случајот за време од 45 минути, да земе анамнеза, изврши физикален преглед и подготви план за дијагностички процедури и соодветен третман што ќе го презентира пред испитната комисија. Комисијата од став (2) на овој член го оценува полагањето на практичниот дел на колоквиумот со оценка „положил“ или „не положил“.

(8) Базата на прашања за првиот дел од колоквиумот и базата на студии на случај за вториот дел од колоквиумот ја изготвува комисијата од став (2) на овој член, и таа содржи најмалку 400 прашања кои се од стручната литература што е во употреба на врвните 100 високообразовни установи од областа на медицинските науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џиао Тонг универзитет, како и најмалку 100 студии на случај. Базата на прашања и на студии на случај, во која не се содржани одговорите на прашањата, односно решенија на студиите на случаи, се достапни за специјализантите кои го полагаат колоквиумот.

(9) Првиот и вториот дел на колоквиумот се полагаат во просторијата за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит, посебно опремена за полагање на испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето. Полагањето на првиот и вториот дел на колоквиумот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за здравство, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за здравство. Полагањето на практичниот дел на колоквиумот не се снима и истиот се полага во амбуланта, во болничка соба или во просторија за вршење на интервенции.

(10) Во просторијата за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит, на првиот дел на колоквиумот можат да присуствуваат само претседателот, членовите и секретарот на комисијата од став (2) на овој член, а вториот дел на колоквиумот е јавен.

Време за стручно усовршување и права и обврски на специјализантот во текот на специјалистичкиот стаж

Член 144-в

(1) Специјализантот, во текот на првата и втората година од специјализацијата, заради стекнување на практични стручни знаења и научни сознанија поминува осум часа дневно во здравствената установа во која според програмата за специјализација се спроведуваат општите делови од специјалистичкиот стаж (во натамошниот текст: времето за стручно усовршување во здравствена установа во која се спроведува општиот турнус).

(2) Специјализантот во текот на периодот од став (1) на овој член, еднаш во текот на секоја седмица, односно четири пати во текот на секој месец поминува време за стручно усовршување за време на дежурство со кое се обезбедува непрекината 24-часовна здравствена дејност во јавната здравствена установа во која се спроведува општиот турнус.

(3) Специјализантот во случајот од став (2) од овој член, кога во работен ден поминува време за стручно усовршување за време на дежурство има право на 24-часовен одмор во текот на следниот ден по денот на дежурството.

(4) Специјализантот, од третата година на специјализација до завршување на специјалистичкиот стаж, заради стекнување на практични стручни знаења и научни сознанија поминува осум часа дневно во здравствената установа во која според програмата за специјализација се спроведуваат специјалните делови од специјалистичкиот стаж (во натамошниот текст: времето за стручно усовршување во здравствена установа во која се спроведува специјалниот турнус) .

(5) Специјализантот во текот на периодот од став (4) на овој член, еднаш во текот на секоја седмица, односно четири пати во текот на секој месец поминува време за стручно усовршување за време на дежурство со кое се обезбедува непрекината 24-часовна здравствена дејност во здравствената установа во која се спроведува специјалниот турнус.

(6) Специјализантот во случајот од став (5) од овој член, кога во работен ден поминува време за стручно усовршување за време на дежурство има право на 24-часовен одмор во текот на следниот ден по денот на дежурството.

(7) При определување на вкупното време за стручно усовршување на специјализантот што во текот на една седмица, согласно ставовите (1), (2) и (3) на овој член, односно согласно ставовите (4), (5) и (6) на овој член го поминува во здравствената установа во која се спроведува општиот турнус, односно специјалниот турнус, се имаат предвид обврските да поминува осум часа дневно во здравствената установа и дапоминува време за стручно усовршување за време на дежурство со кое се обезбедува непрекината 24-часовна здравствена дејност, како и правото на 24-часовен одмор кога во работен ден поминува време за стручно усовршување за време на дежурство.

(8) Специјализантот има право на годишен одмор во траење од 22 работни дена.

(9) За специјализантот важат сите права и обврски согласно Законот за работните односи во однос на право на пауза, отсуства, боледување и дисциплинска и материјална одговорност, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(10) Специјализантот е должен да носи на видно место ознака во форма на картичка која содржи фотографија на специјализантот и податоци за неговото лично име, неговиот статус на специјализант и гранката на медицина на која се усовршува.

(11) Специјализантот е должен да го евидентира своето присуство преку системот за евиденција на работно време во здравствената установа во која се спроведува турнусот, согласно распоредот на времето за стручно усовршување. Доколку специјализантот не го евидентира своето присуство, тој одговара дисциплински за повреда на работната дисциплина како дисциплински престап.

(12) Правата и обврските согласно Законот за работните односи специјализантот ги остварува, односно исполнува во здравствената установа од која е упатен на специјализација.

(13) Правата и обврските на специјализантот во текот на специјалистичкиот стаж од член 144-б од овој закон и работите што специјализантот ги врши согласно програмата за специјализација се сметаат како негови работи и работни задачи од работно место за чие вршење, извршување или неизвршување специјализантот одговара лично и дисциплински.

(14) Доколку специјализантот е здравствен работник, односно здравствен соработник кој е вработен во јавна здравствена установа, при утврдувањето на личната и дисциплинската одговорност од став (13) на овој член соодветно се применуваат одредбите за лична и дисциплинска одговорност од членовите од 180 до 193 од овој закон. Во овој случај дисциплинската мерка за дисциплинска неуредност ја изрекува работоводниот орган на јавната здравствена установа која го упатила на специјализација, а по претходен писмен извештај од неговиот ментор, коментор или едукатор кои во текот на специјализацијата се сметаат како негови непосредно претпоставени здравствени работници, односно здравствен соработници, а комисијата за водење дисциплинска постапка за дисциплински престап ја формира и решението за изрекување дисциплинска постапка за дисциплински престап го донесува работоводниот орган на јавната здравствена установа која го упатила на специјализација, по претходен писмен извештај од неговиот ментор, коментор или едукатор.

(15) За специјализантот кој е здравствен работник, односно здравствен соработник вработен во приватна здравствена установа, друго правно лице или е невработено лице, во договорот што високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата го склучува со специјализантот се утврдува личната и дисциплинската одговорност на специјализантот која е идентична со личната и дисциплинската одговорност на специјализантот кој е вработен во јавна здравствена установа. Со овој договор особено се утврдува дека како дисциплинска мерка за повреда на работната дисциплина како дисциплинска неуредност и дисциплински престап може, со решение, да се изрече јавна опомена, зголемување на висината на надоместок за специјализација што се плаќа за еден семестар во траење од еден до шест семестри за 20% за дисциплинска неуредност и за 30% за дисциплински престап, како и престанок на специјализацијата. За дисциплинска неуредност може да се изрече јавна опомена или зголемување на висината на годишниот надоместок за специјализација за 20%. Доколку повредата на работната дисциплина се повтори, се изрекува дисциплинска мерка за дисциплински престап и тоа зголемување на висината на годишниот надоместок за специјализација за 30% или престанок на специјализацијата. Во овој случај дисциплинската мерка за дисциплинска неуредност ја изрекува работоводниот орган на јавната здравствена установа каде што се спроведува турнусот во рамки на кој е сторена дисциплинската неуредност, а по претходен писмен извештај од неговиот ментор, коментор или едукатор. Комисијата за водење дисциплинска постапка за дисциплински престап ја формира и решението за изрекување дисциплинска постапка за дисциплински престап го донесува работоводниот орган на јавната здравствена установа каде што се спроведува турнусот во рамки на кој е сторен дисциплинскиот престап, по претходен писмен извештај од неговиот ментор, коментор или едукатор.

Учество на специјализантите на утрински и на дневен состанок

Член 144-г

(1) Во текот на целокупното траење на специјалистичкиот стаж, медицинскиот директор на јавната здравствена установа во која се спроведува специјалниот турнус, заедно со еден доктор на медицина специјалист со најмалку 7 години работно искуство како специјалист, секое утро одржува состанок со сите специјализанти. На утринскиот состанок учествува едукаторот, а најмалку еднаш неделно учествува и менторот на специјализантот.

(2) Специјализантот на утринскиот состанок ги реферира случаите кои ги имал претходниот ден согласно упатните дијагнози и јавно пред сите присутни предлага кои испитувања се потребни за утврдување на таа упатна дијагноза, каков треба да биде прегледот и го презентира упатството за медицина базирана на докази за таа упатна дијагноза.

(3) Во текот на целокупното траење на специјалистичкиот стаж, медицинскиот директор на јавната здравствена установа во која се спроведува општиот турнус, заедно со еден доктор на медицина специјалист со најмалку седум години работно искуство како специјалист, во текот на денот одржува дневен состанок со сите специјализанти. На дневниот состанок учествува едукаторот, а најмалку еднаш неделно учествува и менторот на специјализантот.

(4) Специјализантот на дневниот состанок ги реферира случаите кои ги имал претходниот ден согласно упатните дијагнози и јавно пред сите присутни предлага кои испитувања се потребни за утврдување на таа упатна дијагноза, каков треба да биде прегледот и го презентира упатството за медицина базирана на докази за таа упатна дијагноза.

(5) Медицинскиот директор на јавната здравствена установа од ставовите (1) и (3) на овој член изготвува листа на сите специјалисти со најмалку седум години работно искуство како специјалисти, кои на ротациона основа учествуваат на утринските и дневните состаноци.

Задолжителни обуки за специјализантите

Член 144-д

(1) Специјализантот, во текот на целокупното траење на специјализацијата поминува обука за користење на интегрираниот здравствен информатички систем, обука за правилникот за хоспитална култура и обука за рационална употреба на лекови и ресурси во траење од најмалку вкупно 250 часа за сите видови на обука, односно од 150 часа за специјализантите чиј специјалистички стаж трае две, односно четири години .

(2) Учеството на специјализантот во обуките од став (1) на овој член е услов за продолжување во следната година на специјализација.

(3) Распоредот на задолжителната обуката од став (1) на овој член ја утврдува Министерството за здравство, на предлог на високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата.

(4) Задолжителната обука од став (1) на овој член ја спроведуваат обучувачи овластени од страна на Министерството за здравство.

Изучување на странски јазици

Член 144-ѓ

(1) Специјалистот задолжително познава најмалку два светски јазици и тоа задолжително го познава англискиот јазик и еден од следните светски јазици како втор странски јазик: германски, француски, италијански, турски, кинески, шпански или руски јазик.

(2) Специјалистот го познава англискиот јазик најмалку на ниво Б2 според Европското јазично портфолио (Common European Framework of Reference for Languages: Learning, Teaching, Assessment), а другиот странски јазик на ниво А2 според Европското јазично портфолио (Common European Framework of Reference for Languages: Learning, Teaching, Assessment) потврдено од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори.

(3) Заради постигнување на нивото на познавање на странските јазици од став (2) на овој член, специјализантот ги изучува странските јазици во текот на целокупното траење на специјализацијата и тоа на изучување на англискиот јазик посветуваат вкупно 180 минути неделно, што може да се распореди во најмалку три наставни часови неделно во траење од по 60 минути и на изучување на другиот странски јазик посветуваат вкупно 120 минути неделно, што може да се распореди во најмалку два наставни часа неделно во траење од по 60 минути.

(4) По исклучок од став (3) на овој член, не треба да посетува часови специјализантот кој поседува меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција за познавање на англискиот јазик на Б2 нивото, а другиот странски јазик на А2 нивото. Специјализантот е должен да го достави до високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата меѓународно признатиот сертификат, односно уверението од меѓународна институција како доказ за познавање на странските јазици на соодветното ниво.

(5) Специјализантот кој има завршено прв, втор или трет циклус на студии од областа на медицинските науки, на еден од 200-те највисоко рангирани факултети на Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities), на англиски јазик или на еден од другите јазици од став (1) на овој член, за кои студии кандидатот поседува нострифицирана диплома, не треба да посетува часови согласно став (2) на овој член за странскиот јазик на кој ги завршил студиите, а треба да посетува часови за другиот странски јазик. Тој е должен да достави до високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата потврда или нострифицирана диплома за завршен прв, втор или трет циклус на студии на еден од 200 највисоко рангирани факултети на Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities) како доказ за познавање на странскиот јазик на кој ги завршил студиите на соодветното ниво.

(6) Странските јазици се изучуваат по завршувањето на времето за стручно усовршување на специјализантот и часовите за изучување на странските јазици не смеат да се одржуваат во текот на времето за стручно усовршување на специјализантот.

(7) При изучувањето на странските јазици особено внимание се посветува на изучувањето на медицинската терминологија на странски јазик.

(8) Високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата е должна да овозможи изучување на англискиот јазик од страна на специјализантите во соработка со високообразовните установи од областа на филолошките науки или во соработка со други установи од областа на образованието, на кои наставата ќе ја спроведуваат лица со најмалку 10 годишно искуство во струката, а Министерството за здравство е должно да организира изучување на странските јазици кои согласно став (1) на овој член се изучуваат како втор странски јазик. Високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата е должна да склучи договор за тестирање на специјализантите за познавање на двата странски јазици на нивото од став (2) на овој член со официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори.

(9) Трошоците за изучување на англискиот јазик и другиот странски јазик и за тестирање на специјализантите, согласно став (8) на овој член, се засметани во трошоците за спроведување на специјализацијата.

Користење на стручна литература

Член 144-е

(1) Во текот на специјализацијата, односно супспецијализацијата специјализантот задолжително користи стручна литература од најдобрите 100 универзитети во светот според ранг-листата на: Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities); Times Higher Education - World University Rankings или QS World University Rankings.

(2) Стручната литература од став (1) на овој член претставува литература од која се изготвуваат прашањата за полагање на специјалистички и интермедијален испит.

(3) Листата на задолжителната стручна литература и автори од став (1) на овој член ја утврдува Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за здравство за секоја специјалност посебно.

Обврски на специјализантот во текот на целокупното траење на специјализацијата

Член 144-ж

(1) Во текот на секоја година на специјализација, специјализантот е должен да ги стекне предвидените вештини преку извршување на постапки, интервенции, асистенции и операции во вид и обем утврден со програмата за специјализација.

(2) Во текот на целокупното траење на специјализацијата, специјализантите од сите гранки на специјализација поминуваат најмалку вкупно 250 часа теоретска настава од соодветната гранка на специјализацијата, од кои најмногу 15% од вкупниот број на часови од предвидената теоретска настава поминуваат настава од областа на научно-истражувачката работа, донесувањето на клиничка одлука, комуникациските вештини, јавното здравство, способност на стекнување и пренесување на знаење, етика и прописи и промоција на здравјето.

(3) Наставата од соодветната гранка на специјализацијата ја организира и спроведува високообразовната установа која ја спроведува специјализацијата.

Обврски на специјализантот во првата и втората година од специјализацијата

Член 144-з

(1) Специјализантот во текот на првата и втората година на специјализација задолжително стекнува практични вештини преку обука на опрема која симулира патолошки состојби на човекот и овозможува проверка на стекнатите вештини преку дијагностички и терапевтски интервенции извршени на опремата, на конкретни случаи зададени по случаен избор, при што истовремено се врши и видеоснимање на целиот тек на интервенцијата, организирана од Медицинскиот симулациски центар.

(2) Обуката од став (1) на овој член се изведува во времетраење од најмалку еден час во текот на секој месец во годината, односно вкупно најмалку 11 часа во текот на годината.

(3) Медицинскиот симулациски центар обезбедува симулирање на најмалку 40 животозагрозувачки, односно ургенти состојби со различни витални параметри.

(4) Видеоснимката од целиот тек на интервенцијата извршена од страна на специјализантот се чува најмалку пет години по завршувањето на специјализацијата.

(5) Специјализантот во текот на првата година на специјализација задолжително успешно ги совладува и техниките на земање крв, давање инфузија, давање инјекција, преврска и мерење на витални параметри.

Интермедијален испит

Член 144-ѕ

(1) По завршувањето на втората година на специјализација, специјализантот полага интермедијален испит кој се организира за секоја гранка на медицината за која специјализантот се усовршува посебно. Успешното полагање на овој испит е услов за започнување со трета година на специјализација.

(2) Интермедијалниот испит се полага пред комисија што ја формира министерот за здравство, на предлог на високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата, составена од тројца членови кои се доктори на наука од областа на медицината, специјалисти во истата или сродна гранка на медицината за која се спроведува специјализацијата , избрани во наставно-научни или научни звања, со издадени најмалку пет научни труда со импакт фактор и најмалку три месеци во последните пет години поминато на обука во земјите членки на ОЕЦД,. На членовите на комисијата им се определуваат заменици кои ги исполнуваат истите услови како и членовите на комисијата.

(3) Специјализантот кој полага интермедијален испит е должен да користи стручна литература што е во употреба на врвните 100 високообразовни установи од областа на медицинските науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џиао Тонг универзитет.

(4) Интермедијалниот испит се состои од три дела и тоа:

- прв дел, кој се полага писмено и со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите стекнато во текот на извршувањето на турнусот,
- втор дел, кој се полага усно и со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите стекнато во текот на извршувањето на турнусот, и
- практичен дел, со кој се проверува способноста на специјализантот за примена на знаењето стекнато во текот на турнусот во практика.

(5) Првиот дел на интермедијалниот испит се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер, компјутерски генериран, чија содржина по случаен избор ја одредува софтвер од базата на прашања, со избирање на еден точен одговор од понудените пет можни одговори, од кои еден одговор е точен, два се слични и два не се точни и со решавање на студии на случај, избрани по случаен избор со помош на софтвер од базата на студии на случаи. Прашањата се класифицирани во три различни тежински групи на прашања, при што точните одговори на сите поставени прашања се оценуваат со најмногу 45 бодови. Првата група на прашања опфаќа 30 прашања, од кои секое точно одговорено прашање се оценува со 0,5 бодови. Втората група на прашања опфаќа 15 прашања, од кои секое точно одговорено прашање се оценува со еден бод. Третата група на прашања опфаќа пет студии на случај, од кои секој точно решен случај се оценува со три бода. Полагањето на првиот дел на интермедијалниот испит трае 90 минути. Специјализантот го положил првиот дел на интермедијалниот испит доколку освои најмалку 29 бодови, од кои најмалку 9 бодови од третата група на прашања.

(6) Вториот дел на интермедијалниот испит се полага по правило наредниот ден по успешно полагање на првиот дел, а најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на првиот дел на интермедијалниот испит кога специјализантот успешно го положил првиот дел. Полагањето на вториот дел на интермедијалниот испит се врши со давање на усни одговори на 10 прашања, кои компјутерски се доделуваат на специјализантот по пат на случаен избор направен со помош на софтвер од базата на прашања и студии на случаи, непосредно пред почетокот на овој дел на интермедијален испит. Секое точно одговорено прашање се оценува со 5,5 бодови, при што точните одговори на сите поставени прашања се оценуваат со најмногу 55 бодови. Се смета дека специјализантот го положил вториот дел на интермедијален испит доколку освоил најмалку 38,5 бодови.

(7) Практичниот дел на интермедијалниот испит се полага по правило наредниот ден по успешно полагање на вториот дел, а најдоцна во рок од пет дена од денот на одржувањето на вториот дел на интермедијалниот испит кога специјализантот успешно го положил вториот дел. На полагањето на практичниот дел на интермедијалниот испит се проверува познавањето на стручните упатства за медицина базирана на докази преку три случаи на вистински пациенти кои се избираат на денот на полагањето на третиот дел на интермедијалниот испит, при што специјализантот треба да се запознае со случајот за време од 45 минути, да земе анамнеза, изврши физикален преглед и подготви план за дијагностички процедури и соодветен третман што ќе го презентира пред испитната комисија. Комисијата од став (2) на овој член го оценува полагањето на третиот дел на на интермедијалниот испит со оценка „положил“ или „не положил“.

(8) Базата на прашања за првиот и вториот дел од интермедијален испит содржи најмалку по 800 прашања за секоја гранка на медицината за која се спроведува специјализација, кои се од стручната литература што е во употреба на врвните 10 високообразовни установи од областа на медицинските науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Циао Тонг универзитет, како и најмалку по 200 студии на случај за секоја гранка на медицината за која се спроведува специјализација.

(9) Првиот и вториот дел на интермедијалниот испит се полагаат во просторијата за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит, посебно опремена за полагање на испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето. Полагањето на првиот и вториот дел на интермедијалниот испит се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за здравство, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за здравство. Полагањето на практичниот дел на интермедијалниот испит не се снима и истиот се полага во амбуланта, во болничка соба или во просторија за вршење на интервенции.

(10) Во просторијата за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит, на првиот дел на интермедијалниот испит можат да присуствуваат само претседателот, членовите и секретарот на испитната комисија, а вториот дел на интермедијалниот испит е јавен.

(11) Јавноста се информира за датумот и времето на полагањето на првиот и вториот дел на интермедијалниот испит најмалку 24 часа пред одржувањето на испитот.

(12) По положувањето на интермедијалниот испит специјализантот се стекнува со статус на постар специјализант.

Национална комисија за изготвување на базите на прашања и студии на случаи за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит

Член 144-и

(1) Базата на прашања и базата на студии на случај за интермедијалниот и специјалистичкиот испит ја изготвува Националната комисија за изготвување на базите на прашања и студии на случаи за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит (во натамошниот текст: Националната комисија).

(2) Министерот за здравство ја формира Националната комисија, која е составена од десет члена кои ги исполнуваат условите од член 144-s став (2) од овој закон. Во работата на Националната комисија како нејзини членови учествуваат и сите членови на Македонската академија на науките и уметностите од областа на медицинските науки и еден претставник на Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора во зависност од тоа за која област на специјализација се полага интермедијалниот, односно специјалистичкиот испит.

(3) Националната комисија ги изготвува прашањата и студиите на случаи за првиот и вториот дел на интермедијалниот, односно специјалистичкиот испит користејќи ја стручната литература што е во употреба на врвните десет високообразовни установи од областа на медицинските науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Циао Тонг универзитет.

(4) Националната комисија врши ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на студии на случаи за интермедијалниот и специјалистичкиот испит најмалку еднаш на две години.

(5) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид промените на стручни упатства за медицина заснована на докази за одделни специјалности на кои е засновано прашањето, односно студијата на случај, бројот на специјализанти кои го одговорале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базите на прашања и базите на практични примери.

(6) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на студии на случаи, Националната комисија одлучува прашањата и студиите на случаи да бидат изменети или целосно отстранети од базите на прашања и базите на практични примери.

(7) Членовите на Националната комисија имаат право на паричен надоместок за изготвување на базата на прашања и базата на студии на случај за интермедијалниот и специјалистичкиот испит, за што решение донесува министерот за здравство.

(8) Паричниот надоместок од ставот (7) на овој член изнесува една просечна плата во Република Македонија, исплатена во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Просторни услови и материјално-техничка и информатичка опрема за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит

Член 144-ј

(1) Стручните и административно-техничките работи за потребите на спроведување на интермедијалниот, односно специјалистичкиот испит ги врши Министерството за здравство, а испитот технички го спроведува високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата.

(2) Високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата располага со најмалку една просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(3) Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат вршат контрола дали просторијата, односно просториите за полагање на испит е опремена во согласност со став (2) на овој член и дали опремата е во исправна состојба и изрекува времена мерка за забрана на спроведување на испитот доколку утврди неправилности која трае до отстранување на неправилностите.

(4) Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на интермедијалниот испит ги пропишува министерот за здравство.

Практична обука во општа болница или специјализирана болница, во служба за итна медицинска помош или во здравствен дом, одржување на дневна визита и присуство, односно учество при вршење на обдукција

Член 144-к

(1) Во текот на третата година на специјализација, постариот специјализант е должен да прегледува пациенти над кои треба да се изврши контролен преглед под надзор на едукаторот, а по завршување на третата година на специјализација постариот специјализант е должен да прегледува пациенти над кои треба да се изврши контролен преглед самостојно, без надзор на еду-

каторот и пациенти кои биле упатени на специјалистичко-консултативен преглед по прв пат под надзор на едукаторот.

(2) Постариот специјализант во текот на третата година на специјализација спроведува турнус во траење од најмалку два месеци во општа болница или специјализирана болница во Република Македонија.

(3) Распоредот на постарите специјализанти во општите болници и специјализираните болници го прави Министерството за здравство, на заеднички предлог на високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата и овластената здравствена установа во која се спроведува специјалниот дел од специјалистичкиот стаж на специјализантот.

(4) За периодот поминат во општа болница или специјализирана болница, постариот специјализант има право на надомест на патни трошоци во висина на автобуски билет или железнички билет на товар на здравствената установа која го упатила на специјализација.

(5) Постариот специјализант во текот на третата година на специјализација задолжително изведува најмалку една дневна визита дневно во здравствената установа во која се спроведува турнусот, која не смее да биде во исто време со редовната визита на специјалистите и која тој ја врши индивидуално, а не во група со други специјализанти.

(6) При дневната визита постариот специјализант е должен да го посети секој хоспитализиран пациент во здравствената установа во која се спроведува турнусот, да се запознае со неговата здравствена состојба, да го распраша пациентот за неговата здравствена состојба доколку е контактибилен, да провери дали ја примил препишаната терапија и дали има несакана реакција на терапијата.

(7) Постариот специјализант води специјализантски дневник за дневните визити (во натамошниот текст: специјализантскиот дневник), во кој при изведувањето на дневната визита внесува податоци за секој пациент одделно, а особено внесува податоци за поставената дијагноза со проверка на секој елемент од постапувањето согласно упатствата за медицина базирана на докази и споредба со преземените активности од страна на специјалистите кои го лекуваат пациентот.

(8) Доколку при дневната визита постариот специјализант утврди дека пациентот не се лекува согласно упатствата за медицина базирана на докази должен е веднаш без одлагање да го извести специјалистот што го лекува пациентот и менторот, а доколку тие не преземат соодветни мерки го известува и директорот на здравствената установа во која се спроведува турнусот.

(9) Директорот на здравствената установа во која се спроведува турнусот е должен да преземе соодветни мерки во случајот од став (8) на овој член, кога постариот специјализант до него доставил известување дека одреден пациент не се лекува согласно упатствата за медицина базирана на докази.

(10) Временскиот распоред на дневните визити за секој постар специјализант одделно го определува директорот на јавната здравствена установа и истиот јавно се објавува.

(11) Правилно и целосно пополнет специјализантски дневник е услов за полагање на специјалистички испит.

(12) Менторот, едукаторот и директорот на здравствена установа во која се спроведувал соодветниот турнус од специјализацијата, со свој потпис и факсимил потврдуваат дека специјализантскиот дневник е правилно и целосно пополнет и дека дневните визити се реализирани.

(13) Во текот на последната и претпоследната година на специјализација постариот специјализант присуствува на најмалку пет обдукции годишно и тоа сам или во група со други специјализанти, што зависи од бројот на расположливи обдукции, освен специјализантот на хируршки гранки кој од првата година на специјализација како член на тимот кој ја врши обдукцијата учествува во извршувањето на најмалку пет обдукции годишно заради стекнување на практично знаење од областа на анатомијата и истражувањето и изучувањето на градбата на организмот со помош на дисекција.

(14) Во текот на последната година на специјализација постариот специјализант задолжително спроведува турнуси, каде што е активно вклучен во планот за работа на:

- служба за итна медицинска помош, во траење од најмалку еден месец;
- болница или во здравствен дом со седиште во општината каде што има седиште јавната здравствена установа која го упатила здравствениот работник или здравствениот соработник на специјализација, во траење од најмалку три месеци;
- ургентен центар или клиничка болница, во траење од најмалку 15 работни денови.

(15) Временскиот распоредот на турнусите од ставот (14) на овој член го утврдува Министерството за здравство, на предлог на високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата, односно супспецијализацијата.

(16) Формата и содржината на специјализантскиот дневник за дневните визити и начинот на неговото пополнување го утврдува министерот за здравство, на предлог на високообразовната установа од областа на медицинските науки на која се спроведува специјализацијата.

(17) По донесувањето на подзаконскиот акт од став (16) на овој член, Министерството за здравство е должно веднаш да го објави на веб страницата на Министерството и во „Службен весник на Република Македонија“.

Времена лиценца за работа како постар специјализант и факсимил на постар специјализант

Член 144-л

(1) По истекот на третата година од специјалистичкиот стаж, постариот специјализант се стекнува со времена лиценца за работа како постар специјализант во гранката на медицината во која специјализира, која ја користи до завршување на стажот на специјализација согласно програмата за специјализација.

(2) Времената лиценца за работа како постар специјализант ја издава Лекарската комора на Македонија на барање на специјализантот, кој барањето за издавање на времена лиценца го доставува наредниот ден по истекот на третата година од специјалистичкиот стаж, а кон барањето приложува:

1) диплома за завршено соодветно образование од областа на медицината;
2) доказ за положен стручен испит,
3) доказ за положен интермедијален испит, и
4) доказ за спроведени три години специјалистички стаж.

(3) Лекарската комора на Македонија е должна времената лиценца за работа како постар специјализант да ја издаде во рок од седум дена од денот на приемот на барање на специјализантот од став (2) на овој член.

(4) Министерот за здравство издава одобрение за изработка и користење на времен факсимил на постариот специјализант од став (1) на овој член кој го користи при вршењето на прегледите, постапките и интервенциите во здравствени установи во кои се спроведуваат турнусите.

(5) Времениот факсимил од став (4) на овој член може да се употребува до завршување на стажот на специјализацијата согласно програмата за специјализација, во јавните здравствени установи во кои се спроведуваат турнусите до полагањето на специјалистичкиот испит, без можност за повторно издавање на одобрение.

(6) Во одобрението од ставот (4) на овој член се наведува дека се издава на постар специјализант врз основа на овој закон.

(7) Прегледите и интервенциите што ги врши постариот специјализант од став (1) на овој член се закажуваат преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции.

Специјализација на хируршки и на интернистички гранки

Член 144-љ

(1) Специјализантот во текот на првото полугодие од прва година на специјализација на хируршка, односно интернистичка гранка задолжително успешно извршува најмалку три интервенции на симулирани животозагрозувачки состојби на симулатор во Медицинскиот симулациски центар, при што се врши и видеоснимање на целиот тек на интервенцијата.

(2) Медицинскиот симулациски центар на специјализантот на хируршки гранки му издава потврда доколку успешно изврши најмалку три хируршки интервенции на симулатор согласно став (1) на овој член.

(3) Доколку специјализантот не изврши успешно најмалку три хируршки интервенции на симулатор согласно став (1) на овој член, Медицинскиот симулациски центар на специјализантот не му издава потврда и периодот на специјализација му се продолжува за периодот кој му е потребен за успешно да изврши најмалку три хируршки интервенции на симулатор.

(4) Специјализантот на хируршки гранки на специјализација асистира и извршува хируршки интервенции согласно програмата за специјализација на хируршки гранки, кога врши работи како асистент на хируршки интервенции и како хирург оператор, заедно со неговиот ментор и/или едукатор.

(5) Специјализант на интернистичките гранки на специјализација е должен да стекне вештини на неинвазивни и инвазивни дијагностички методи во обем утврден со програмата за специјализација.

(6) Специјализантот во последна година на специјализација на интернистички гранки на специјализација во текот на спроведувањето на турнусите задолжително се стекнува со вештини на земање на аспирациони, тенкоиглени и/или ендоскопски биопсии, при што е должен да спроведе самостојно најмалку онолку интервентни дијагностички процедури колку што е утврдено во планот и програмата за соодветната специјализација.

Член 18

Насловот на членот 145 и членот 145 се менуваат и гласат:

„Услови за полагање на специјалистички испит

Член 145

(1) По спроведување на сите постапки и интервенции содржани во планот и програмата за специјализација, а пред полагањето на специјалистичкиот испит, специјализантот полага специјалистичкиот испит.

(2) За полагање на специјалистичкиот испит специјализантот, треба:

- да има книшка за специјализација со уредно завршени и заверени делови од стажот на специјализацијата,
- да ги има положено сите колоквиуми,
- да има писмена согласност дадена од менторот, и
- самостојно како автор или заедно со други автори како коавтор да има објавено најмалку еден научен труд во меѓународно списание кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат најмалку пет земји, при што бројот на членовите од една земја не може да надминува 40% од вкупниот број на членови, кое се издава најмалку пет години непрекинато.

Член 19

По членот 145 се додаваат три нови наслови и три нови членови 145-а, 145-б и 145-в, кои гласат:

„Полагање на специјалистички испит

Член 145-а

(1) По совладувањето на планот и програмата за специјализација, специјализантот во присуство на менторот, полага специјалистички испит.

(2) Специјалистичкиот испит од став (1) на овој член, специјализантот го полага најдоцна шест месеци од денот на завршување на стажот на специјализацијата пред испитна комисија формирана од министерот за здравство, на предлог на високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата.

(3) Испитната комисија од став (2) на овој член, е составена од тројца членови кои се доктори на медицински науки, специјалисти во истата или сродна гранка на медицината за која се спроведува специјализацијата, избрани во наставно-научни или научни звања, со издадени најмалку пет научни труда со импакт фактор и најмалку три месеци во последните пет години поминато на обука во земјите членки на ОЕЦД,.. На членовите на комисијата им се определуваат заменици кои ги исполнуваат истите услови како и членовите на комисијата. Член на испитната комисија не може да биде менторот кој учествувал во спроведувањето на специјалистичкиот стаж.

(4) Пријавата за полагање на специјалистичкиот испит се поднесува најмалку месец дена пред да се полага испитот.

(5) Високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата го одобрува полагањето на специјалистичкиот испит и го определува датумот на полагање на специјалистичкиот испит.

(6) Специјализантот кој полага специјалистички испит е должен да користи стручна литература што е во употреба на врвните десет високообразовни установи од областа на медицинските науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џиао Тонг универзитет.

(7) Специјалистичкиот испит се состои од три дела и тоа:

- прв дел, кој се полага писмено и со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите стекнато во текот на извршувањето на турнусот,
- втор дел, кој се полага усно и со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите стекнато во текот на извршувањето на турнусот, и
- практичен дел, со кој се проверува способноста на специјализантот за примена на знаењето стекнато во текот на стажот на специјализација во практика.

(8) Првиот дел на специјалистички испит се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски

тест на компјутер, компјутерски генериран, чија содржина по случаен избор ја одредува софтвер од базата на прашања, со избирање на еден точен одговор од понудените пет можни одговори, од кои еден одговор е точен, два се слични и два не се точни и со решавање на студии на случај, избрани по случаен избор со помош на софтвер од базата на студии на случаи. Прашањата се класифицирани во три различни тежински групи на прашања, при што точните одговори на сите поставени прашања се оценуваат со најмногу 45 бодови. Првата група на прашања опфаќа 30 прашања, од кои секое точно одговорено прашање се оценува со 0,5 бодови. Втората група на прашања опфаќа 15 прашања, од кои секое точно одговорено прашање се оценува со еден бод. Третата група на прашања опфаќа пет студии на случај, од кои секој точно решен случај се оценува со три бода. Полагањето на првиот дел на специјалистички испит трае 90 минути, од кои најмалку 30 минути се посветени на третата група прашања. Специјализантот го положил првиот дел на специјалистички испит доколку освои најмалку 29 бодови, од кои најмалку 9 бодови од третата група на прашања.

(9) Вториот дел на специјалистички испит се полага по правило наредниот ден по успешно полагање на првиот дел, а најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на првиот дел на специјалистички испит кога специјализантот успешно го положил првиот дел. Полагањето на вториот дел на специјалистички испит се врши со давање на усни одговори на 10 прашања, кои компјутерски се доделуваат на специјализантот по пат на случаен избор направен со помош на софтвер од базата на прашања и студии на случаи, непосредно пред почетокот на овој дел на специјалистички испит. Секое точно одговорено прашање се оценува со 5,5 бодови, при што точните одговори на сите поставени прашања се оценуваат со најмногу 55 бодови. Се смета дека специјализантот го положил вториот дел на специјалистички испит доколку освоил најмалку 38,5 бодови.

(10) Практичниот дел на специјалистичкиот испит се полага по правило наредниот ден по успешно полагање на вториот дел, а најдоцна во рок од пет дена од денот на одржувањето на вториот дел на специјалистичкиот испит кога специјализантот успешно го положил вториот дел. На полагањето на практичниот дел на специјалистичкиот испит се проверува познавањето на стручните упатства за медицина базирана на докази преку три случаи на вистински пациенти кои се избираат на денот на полагањето на третиот дел на специјалистичкиот испит, при што специјализантот треба да се запознае со случајот за време од 45 минути, да земе анамнеза, изврши физикален преглед и подготви план за дијагностички процедури и соодветен третман што ќе го презентира пред испитната комисија. Специјализантот на хируршки гранки е должен да изврши една хируршка интервенција, а специјализантот на интернистички гранки е должен да изврши најмалку три интервенции или други дијагностички постапки. Комисијата од став (2) на овој член го оценува полагањето на третиот дел на специјалистичкиот испит со оценка „положил“ или „не положил“.

(11) Базата на прашања за првиот и вториот дел од специјалистички испит содржи најмалку по 1.500 прашања за секоја гранка на медицината за која се спроведува специјализација, кои прашања се од стручната литература што е во употреба на врвните 100 високообразовни установи од областа на медицинските науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Циао Тонг универзитет, како и од најмалку по 500 практични примери за секоја гранка на медицината за која се спроведува специјализација.

(12) Првиот и вториот дел на специјалистичкиот испит се полагаат во просторијата за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит, посебно опремена за полагање на испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето. Полагањето на првиот и вториот дел на специјалистичкиот испит се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за здравство, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за здравство. Полагањето на третиот дел на специјалистичкиот испит не се снима и истиот се полага во амбуланта, во болничка соба или во просторија за вршење на интервенции.

(13) Во просторијата за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит, на првиот дел на специјалистичкиот испит можат да присуствуваат само претседателот, членовите и секретарот на испитната комисија, а вториот дел на специјалистичкиот испит е јавен.

(14) При полагањето на специјалистичкиот испит времетраењето на испитот е однапред определено и пречекорувањето на времетраењето значи дека испит не е положен.

Член 145-б

(1) За полагањето на специјалистичкиот испит се води записник во кој испитната комисија констатира дека специјализантот го положил, односно не го положил испитот. Записникот го потпишуваат сите членови на комисијата и записничарот.

(2) Специјализантот кој не го положил првиот или вториот, односно практичниот дел од специјалистичкиот испит има право повторно да го полага тој дел во рок од најмалку 30 дена, а најмногу 60 дена од денот кога по прв пат било спроведено полагањето на тој дел од специјалистичкиот испит.

(3) Специјализантот кој не го положил испитот има право повторно да го полага испитот уште еднаш. Доколку и по повторното полагање специјализантот не го положи специјалистичкиот испит, се упатува на повторно спроведување на специјалистички стаж со времетраење кое го одредува испитната комисија и кое не може да биде пократко од 90 дена.

(4) Доколку специјализантот не се пријави за полагање на специјалистичкиот испит во рокот од член 145-а став (2) од овој закон или без оправдани причини се откаже од понатамошно полагање на испитот кој започнал да го полага, се смета дека испитот не го положил и има право повторно да го полага испитот уште еднаш во рок кој ќе го определи испитната комисија, а кој не може да биде подолг од 90 дена од истекот на рокот од член 145-а став (2) од овој закон, односно од денот кога се откажал од полагање на испитот.

(5) Доколку специјализантот не го положи специјалистичкиот испит во рок од една година од денот на завршувањето на стажот на специјализација, го губи правото за полагање на тој испит, освен за случаите на подолго отсуство поради болест и повреда, како и спреченост од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

Обука на специјализантот во странство

Член 145-в

(1) Специјализантот се стекнува со стручен назив специјалист, од соодветната гранка на специјализација ако има:

1) уверение за положен специјалистички испит, и

2) доказ за посетена обука на специјализантот во странство во земја членка на ОЕЦД или на Европската Унија, во времетраење од три месеци.

(2) Заради исполнување на условот од став (1) точка 2) на овој член, по положувањето на специјалистичкиот испит, Министерството за здравство го упатува и ги надоместува трошоците за обука на специјализантот вработен во јавна здравствена установа во странство во земја членка на ОЕЦД или на Европската Унија, во времетраење од три месеци.

(3) Специјализантот запишан на специјализација, односно супспецијализација во согласност со член 150 од овој закон, сам ги надоместува трошоците за обука во странство во земја членка на ОЕЦД или на Европската Унија, во времетраење од три месеци, која ја посетува заради исполнување на условот од став (1) точка 2) на овој член.

(4) Специјализантот запишан на специјализација во согласност со член 150 од овој закон, има право да бара Министерството за здравство да ги надомести трошоците за обука во странство во земја членка на ОЕЦД или на Европската Унија, во времетраење од три месеци за што склучува договор со Министерството за здравство, со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски, а особено во однос на обврската специјализантот да работи во јавна или приватна здравствена установа во Република Македонија најмалку три години по стекнувањето на статусот специјалист, како и висината на средствата што треба да ги надомести специјализантот ако по негово барање или по негова вина не ја исполни оваа обврска.

(5) Висината на средствата што треба да ги надомести специјализантот ако не ја исполни обврската од став (4) на овој член не може да биде помала од десеткратен износ на висината на трошоците за обука во странство во земја членка на ОЕЦД или на Европската Унија во времетраење од три месеци од став (4) на овој член. “

Член 20

По членот 146 се додава нов наслов и нов член 146-а, кои гласат:

„Престанок на овластувањето на менторот, коментерот и едукаторот

Член 146-а

На менторот, коментерот и едукаторот во текот на специјализацијата, односно супспецијализацијата може да му престане овластувањето за менторство, коментерство и едукатор во случај на престанок на договорот за вработување, подолготрајно отсуство поради болест и повреда, во случај на спреченост од работа поради поради бременост, раѓање и мајчинство или подолготрајно отсуство поради усовршување во странство.“

Член 21

По членот 150 се додаваат три нови наслова и три нови члена 150-а, 150-б и 150-в, кои гласат:

„Можност за продолжување на специјализација, односно супспецијализација на товар на јавна здравствена установа

Члн 150-а

(1) Здравствените работници и здравствените соработници вработени во јавна здравствена установа и запишани на специјализација, односно супспецијализација во согласност со член 150 од овој закон, можат да поднесат барање до јавната здравствена установа во која се вработени за продолжување на специјализацијата, односно супспецијализацијата на товар на јавната здравствена установа во која се вработени.

(2) Јавната здравствена установа го одобрува барањето од став (1) на овој член со донесување на решение ако специјализацијата, односно супспецијализацијата на која е запишан здравствениот работник, односно здравствениот соработник е за гранка на медицината, стоматологијата, фармацијата и други области кои ја сочинуваат дејноста на здравствената установа, како и доколку е во согласност со Програмата за потребата од специјалистички и супспецијалистички кадри од членот 148 од овој закон и ако здравствениот работник, односно здравствениот соработник ги исполнува условите од членот 141 од овој закон.

(3) Јавната здравствена установа која го одобрила барањето од став (1) на овој член ги надоместува трошоците за спроведување на специјализацијата, односно супспецијализацијата од денот на донесувањето на решението од став (2) на овој член.

Член 150-б

(1) Трошоците за специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници, односно здравствените соработници запишани на специјализација, односно супспецијализација во согласност со член 150 од овој закон, кои се вработиле во јавна здравствена установа која врши специјалистичко-консултативна и болничка дејност, продолжува да ги надоместува јавната здравствена установа од денот на склучувањето на договор за работа, ако се исполнети следните услови:

- специјализацијата, односно супспецијализацијата на која е запишан здравствениот работник, односно здравствениот соработник е за гранка на медицината, стоматологијата, фармацијата и други области кои ја сочинуваат дејноста на здравствената установа,
- ако во согласност со Програмата за потребата од специјалистички и супспецијалистички кадри од членот 148 од овој закон и
- ако здравствениот работник, односно здравствениот соработник ги исполнува условите од членот 141 од овој закон.

(2) Вработувањето на здравствените работници, односно на здравствените соработници од став (1) на овој член престанува доколку здравствениот работник, односно здравствениот соработник не склучи договор за специјализација, односно супспецијализација со јавната здравствена установа во која е вработен.

Работна специјализација

Член 150-в

(1) Специјализантот запишан на специјализација во согласност со член 150 од овој закон, за време на специјализацијата, надвор од времето за стручно усовршување од член 144-в од овој закон, може да работи:

- како избран лекар;
- во дежурните служби на јавните здравствени установи;
- во службите за итна медицинска помош на јавните здравствени установи, и
- во остварување на правото на пациентите на здравствена заштита на примарно ниво во здравствен дом кој има седиште во подрачјето во кое е опфатена општината во која се наоѓа местото на живеење на пациентот согласно член 32-а од овој закон, односно како рурален доктор.

(2) Кога специјализантот од став (1) на овој член работи како избран лекар, има право да користи факсимил на доктор на општа медицина и да дава, односно да продолжи да дава здравствени услуги на пациентите кои го избрале за избран лекар согласно член 32 од овој закон, како и да вработи доктор на медицина кој ќе биде негова замена за време на времето за стручно усовршување од член 144-в од овој закон.

(3) Кога специјализантот од став (1) на овој член работи во дежурните служби на јавните здравствени установи, во службите за итна медицинска помош и во здравствен дом на примарно ниво, во остварување на правото на пациентите на здравствена заштита на примарно ниво во здравствен дом во кој се врши здравствена дејност на примарно ниво и кој има седиште во подрачјето во кое е опфатена општината во која се наоѓа местото на живеење на пациентот согласно член 32-а од овој закон, тој има право на исплата на надоместок, кој зависи од бројот на работни часови што специјализантот ги поминал во овие служби.

Член 22

Во член 151, ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Министерството за здравство врши признавање на специјализации и супспецијализации завршени во странство, како и делови од специјализации и супспецијализации завршени во странство од страна на специјализанти и супспецијализанти кои се запишани на специјализација, односно супспецијализација во Република Македонија и се упатени делови од специјализацијата, односно супспецијализацијата или целокупниот специјалистички стаж да го спроведат и завршат во странство согласно програма на Владата на Република Македонија.“

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок од став (3) на овој член, Министерството за здравство врши признавање со донесување на решение врз основа на доставен сертификат издаден од здравствената установа од странство, односно високообразовната установа од странство, без спроведување на постапка и без формирање на комисија, на деловите од специјализации и супспецијализации завршени во странство од страна на специјализанти и супспецијализанти кои се запишани на специјализација, односно супспецијализација во Република Македонија и се упатени делови од специјализацијата, односно супспецијализацијата или целокупниот специјалистички стаж да го спроведат и завршат во странство согласно програма на Владата на Република Македонија.“

Ставот (4) станува став (5).

Член 23

По членот 151 се додава нов наслов и нов член 151-а, кои гласат:

„ Примена на одредбите за специјализација

Член 151-а

(1) Членовите од 144-а до 144-љ од овој закон се однесуваат на специјализација на здравствените работници со завршено високо образование од областа на медицината.

(2) Членовите од 144-а до 144-љ од овој закон не се однесуваат на здравствените работници со завршено високо образование од областа на медицината кои спроведуваат специјализација по епидемиологија, имунологија, хумана генетика, клиничка фармакологија, клиничка фармакотерапија, медицинска биохемија, медицина на трудот, медицинска микробиологија со паразитологија, нуклеарна медицина, патолошка анатомија, судска медицина, социјална медицина, спортска медицина и хигиена со здравствена екологија. “

Член 24

По членот 152 се додава нов наслов и нов член 152-а, кои гласат:

„Одговорност на здравствените работници и здравствените соработници за применување и почитување на принципите и правилата на однесување и работење

Член 152-а

(1) Здравствените работници и здравствените соработници во својата работа, делување и однесување се должни да ги применуваат и почитуваат принципите и правилата на однесување и работење утврдени од министерот за здравство со протокол согласно член 27 став (5) од овој закон, со цел да се обезбеди примена и почитување на принципите на законитост, професионален интегритет, ефикасност, ефективност и посветеност при вршењето на нивните службени должности.

(2) За постапување спротивно на став (1) од овој член и одредбите утврдени со протоколот од член 27 став (5) од овој закон, здравствените работници и здравствените соработници одговараат дисциплински за дисциплински престап.

Член 25

Во членот 155-ѓ, во став (1), по зборовите „ ниво Д1 –“ се додаваат зборовите „доктори на науки и„.

Член 26

Во член 161 во ставот (1) по зборот „условите“ се додаваат зборовите „спроведува интервју и“.

Член 27

По членот 165, се додава нов наслов и нов член 165-а, кој гласи:

„Физички и психички интегритет, личност, достоинство и сигурност на здравствените работници и здравствените соработници

Член 165-а

(1) Здравствен работник со завршено високо, вишо и средно образование и здравствен соработник со завршено високо образование кога врши здравствена дејност и дава здравствени услуги се смета како службено лице кое врши службена должност врз основа на овластување дадено со овој закон.

(2) Физичкиот и психичкиот интегритет, личноста и достоинството на здравствените работници и здравствените соработници од став (1) на овој член, како и нивната сигурност мора да се почитуваат и овие здравствени работници и здравствени соработници имаат право на заштита на овие права кога вршат здравствена дејноста и даваат здравствени услуги како службена должност.

(3) Напад врз здравствен работник и здравствен соработник при вршење на здравствена дејност и давање на здравствени услуги како службена должност се смета како напад врз службено лице при вршење на здравствена дејност и давање на здравствени услуги како службена должност.“

Член 28

Насловот на членот 169 и член 169 се менуваат и гласат:

„Ознаки и одговорност за носење на ознака

Член 169

(1) Здравствениот работник, односно здравствениот соработник е должен во текот на работното време на работното место да носи на видно место ознака во форма на картичка која содржи фотографија на здравствениот работник, односно здравствениот соработник, неговото лично име, работното место и здравствената установа во која работи.

(2) Директорот на јавната здравствена установа е одговорен да организира и обезбеди здравствените работници, односно здравствените соработници да носат на видно место ознака согласно став (1) од овој член и е должен да поведе дисциплинска постапка против здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој не ја носи ознаката од став (1) на овој член, во рок од седум дена од денот на дознавањето на причината за поведување на дисциплинска постапка.“

Член 29

Во членот 178, по став (1) се додаваат четири нови става (2), (3), (4) и (5), кои гласат:

„(2) Заради одржување и надградба на стручните знаења, способности и вештини, здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, има право по истекот на работното време на органот на државната власт или органот на единицата на локална самоуправа, јавното претпријатие, агенцијата и друга институција основана со закон, повремено да ги извршува работите и работните задачи на здравствениот работник, односно здравствениот соработник во јавната здравствена установа каде што му мирува вработувањето согласно став (1) на овој член, за што е лично одговорен, а одговара и дисциплински, како и за штетата што на работа или во врска со работата ја предизвикал на здравствената установа.

(3) По исклучок од став (2) на овој член, здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, може со одобрение од Министерството за здравство повремено да врши здравствена дејност и во друга јавна здравствена установа, различна од јавната здравствена установа каде што му мирува вработувањето согласно став (1) на овој член.

(4) Здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член, има право да ги врши работите и работните задачи на здравствениот работник, односно здравствениот соработник најмногу 15 часа неделно, за што нема право на исплата на плата и надоместоци на плата, додатоци на плата и надоместок на трошоци поврзани со работата под услови и критериуми утврдени со закон, колективен договор и договор за вработување согласно член 165 од овој закон, ниту пак има право на исплата на надоместок по било кој друг основ.

(5) Здравствениот работник со високо образование од областа на медицината кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, има право да го користи факсимилот за вршење на здравствена дејност во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член.

Член 30

Во член 186 став (1) во точката 19) на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат десет нови точки 20), 21), 22), 23), 24), 25), 26), 27),28) и 29), кои гласат

„20) неприменување и непочитување на принципите и правилата на однесување и работење по кои здравствените работници и здравствените соработници се должни да постапуваат во извршувањето на работата со цел да се обезбеди примена и почитување на принципите на законитост, професионален интегритет, ефикасност, ефективност и посветеност при вршењето на нивните службени должности, утврдени од министерот за здравство со правилникот за хоспитална култура согласно член 27 став (5) од овој закон,

21) нејавувањето на работа во здравствената установа и неизвршувањето на работните обврски согласно патниот налог од член 28 став (4) од овој закон, од страна на здравствениот работник односно здравствениот соработник кој е упатен на работа со патниот налог, претставува дисциплински прекршок;

22) неизвршување на преглед и/или интервенција во терминот закажан преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции од страна на здравствениот работник, односно здравствениот соработник без за тоа да постојат објективни и оправдани причини согласно член 39-б став (2) од овој закон или започнување на извршувањето на прегледот, односно интервенцијата со задоцнување од страна на здравствениот работник односно здравствениот соработник за што не постојат објективни и оправдани причини согласно член 39-б став (2) од овој закон;

23) непрепраќање на известувањето од страна на раководителот на внатрешната организациона единица во јавната здравствена установа до работоводниот орган на јавната здравствена установа согласно членот 39-б став (8) од овој закон;

24) неформирање на комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинскиот престап и/или недонесување на решение за изрекување на дисциплинска мерка од страна на работоводниот орган на јавната здравствена установа до кој било доставено известување согласно членот 39-б став (8) од овој закон;

25) неприсуство на лицето вработено во јавната здравствена установа кое согласно членот 39-б став (14) од овој закон ќе биде должно постојано да биде присутно во чекалната и на сите пациенти затекнати во чекалната и на пациентите кои ќе дојдат во закажаниот термин, во лична и непосредна комуникација да им ги соопшти и образложи причините за немањето можност прегледот, односно интервенцијата да биде извршена во закажаниот термин, како и да им закаже нов термин преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции доколку прегледот, односно интервенцијата не била извршена, несоопштување и необразложување во лична и непосредна комуникација од негова страна на причините за немањето можност прегледот, односно интервенцијата да биде извршена во закажаниот термин, незакажување на нов термин преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции доколку прегледот, односно интервенцијата не била извршена;

26) непосетување на обука од страна на здравствениот работник кој дава специјалистичко - консултативни услуги од став (1) на овој член во согласност со член 39-ј став (5) од овој закон;

27) невнесување на податокот дека одредена медицинска опрема е во неисправна состојба веднаш по настапувањето на неисправноста од страна на лицата кои ја водат, објавуваат и ажурираат електронската листа на закажани прегледи и интервенции;

28) неевидентирање на своето присуство преку системот за евиденција на работно време во здравствената установа во која се спроведува турнусот, согласно распоредот на времето за стручно усовршување од страна на специјализантот;

29) внесување на неточни и/или неверодостојни податоци за резултатите од работењето во интегрираниот здравствен информатички систем согласно член 219 од овој закон, добиени од здравствениот работник и/или од раководителот на внатрешната организациона единица.“

Член 31

По членот 193 се додава нов наслов и нов член 193-а, кои гласат:

„Постапка во случај на одговорност на здравствените работници и здравствените соработници за непримену-вање и непочитување на принципите и правилата на однесување и работење

Член 193-а

(1) Пациентот или членовите на семејството на пациентот поднесуваат претставка во писмена форма или усно на записник до директорот, односно директорите на јавната здравствена установа, со која го изразуваат своето незадоволство поради неприменување и непочитување од страна на здравствените работници и здравствените соработници на принципите и правилата на однесување и работење утврдени од министерот за здравство со правилникот за хоспитална култура согласно член 27 став (5) од овој закон. Во претставката задолжително се наведува телефон за контакт и точна адреса заради контакт со подносителот на претставката.

(2) Подносителот на претставката од став (1) на овој член не смее да биде повикан на одговорност, ниту да трпи какви било штетни последици поради поднесувањето на претставката, освен доколку подносителот во претставката изнесува или пронесува нешто невистинито што може да наштети на честа и угледот на здравствениот работник, односно на здравствениот соработник поради што здравствениот работник, односно здравствениот соработник може да поднесе тужба.

(3) Постапувањето по претставката од став (1) на овој член опфаќа задолжително одржување на состанок со подносителот на претставката, прибирање и анализа на податоци за фактите и околностите од значење за оценување на наводите во претставката и преземање на потребни дејствија и мерки за остварување на правата на подносителот на претставката.

(4) Состанок со подносителот на претставката од став (1) на овој член одржува и директорот, односно директорите на јавната здравствена установа, во присуство на дипломиран правник вработен во јавната здравствена установа и/или координаторот за квалитет.

(5) Јавната здравствена установа не постапува по анонимна претставка, освен ако се работи за прашања од јавен интерес утврден со закон.

(6) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да му одговорат на подносителот на претставката од став (1) на овој член за основаноста на претставката во рок од 15 дена од приемот на претставката.

(7) Ако при постапувањето по претставката, се утврди дека на подносителот на претставката му е повредено право или му е нанесена штета, директорот, односно директорите на јавната здравствена установа ќе ги преземат потребните мерки согласно со закон за отстранување на повредата на правото, односно причинетата штета, а раководителот на внатрешната организациона единица во јавната здравствена установа во која е распореден здравствениот работник, односно здравствениот соработник против кој е поднесена претставката задолжително ќе поднесе барање за поведување на дисциплинска постапка против тој здравствен работник, односно здравствен соработник против кој е поднесена претставката согласно член 152-а став (2) од овој закон.

(8) Директорот на јавната здравствена установа формира комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинскиот престап согласно член 152-а став (2) од овој закон во рок од три дена од денот кога ќе се утврди дека на подносителот на претставката му е повредено право или му е нанесена штета и го известува подносителот на претставката од став (1) на овој член дека е формирана комисија во рок од три дена од денот на формирањето на комисијата.

(9) Директорот на јавната здравствена установа во рок од 15 дена од денот на започнувањето на постапката, врз основа на предлог на комисијата од став (8) на овој член донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап. Примерок од решението за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап директорот на јавната здравствена установа доставува до подносителот на претставката во рок од три дена од денот на донесувањето на решението.

(10) Недобивање на известување за формирање на комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинскиот престап, односно недобивање на решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап во роковите утврдени во ставовите (8) и (9) на овој член, се смета како комисијата за водење на дисциплинска постапка за дисциплинскиот престап да не е формирана, односно дисциплинската мерка за дисциплинскиот престап не е изречена.

(11) Подносителот на претставката од став (1) на овој член има право да достави претставка до Министерството за здравство доколку во роковите утврдени во ставовите (8) и (9) на овој член не добие известување за формирање на комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинскиот престап, односно не добие решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап. Во прилог на претставката, пациентот доставува копија од претставката во писмена форма, односно копија од записникот во случај кога претставката е дадена усно на записник.

(12) Во случајот од ставот (11) на овој член министерот за здравство за директорот на јавната здравствена установа ќе определи договорна казна согласно член 104 став (4) од овој закон во висина од 200 евра во денарска противвредност.

(13) Во случајот од ставот (11) на овој член, доколку до директорот на јавната здравствена установа била доставена претставка, но тој не формирал комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинскиот престап, ниту донел решение за изрекување на дисциплинска мерка, директорот на јавната здравствена установа е должен против здравствениот работник, односно здравствениот соработник против кој е поднесена претставка да поведе дисциплинска постапка за дисциплински престап согласно став (8) на овој член.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член, министерот за здравство за директорот на јавната здравствена установа ќе определи договорна казна согласно член 104 став (4) од овој закон во висина од 200 евра во денарска противвредност.“

Член 32

Во членот 212 по зборот „установи“ се додаваат зборовите „и на избраните лекари“.

Член 33

Во член 219, ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Резултатите од работењето на здравствениот работник ги оценува, утврдува и одговара за нивната точност и веродостојност раководителот на внатрешната организациона единица кој го води и организира процесот на работа и директорот, односно директорите на јавната здравствена установа во која е вработен здравствениот работник.“

По ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6), кои гласат:

„(4) Податоците за резултатите од работењето на здравствениот работник се внесуваат во интегрираниот здравствен информатички систем како дел од интегрираниот здравствен информатички систем согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството и за точноста и веродостојноста на податоците внесени во интегрираниот здравствен информатички систем одговара здравствениот работник, раководителот на внатрешната организациона единица кој го води и организира процесот на работа и директорот, односно директорите на јавната здравствена установа во која е вработен здравствениот работник.

(5) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа не одобрува исплата на плата доколку платата е пресметана врз основа на неточни, нецелосни и неверодостојни информации за резултатите од работењето на здравствениот работник.

(6) Платата на здравствените работници се исплаќа врз основа на изјавата на работоводниот орган дадена во писмена форма дека податоците за резултатите од работењето на здравствените работници внесени во интегрираниот здравствен информатички систем се точни и веродостојни.“

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (7) и (8).

Во ставот (6), кој станува став (9), бројот „(5)“ се заменува со бројот „(8)“

Член 34

Во член 221 во ставот (1) зборовите „непрекинато вршење на здравствената дејност“ се заменуваат со зборовите „вршење на определена здравствена услуга“, а зборот „континуирано“ се брише.

Член 35

По членот 226-з се додаваат два нови наслова и два нови члена 226-ѕ и 226-и, кои гласат:

„ Протокол за безбедна хирургија

Член 226-ѕ

(1) Хируршките интервенции во здравствените установи се извршуваат согласно протоколот за безбедна хирургија кој опфаќа вршење на проверки на преземените дејствија согласно оперативната листа за проверка за безбедна хирургија пред, за време и по извршувањето на хируршка интервенција, заради намалување на веројатноста за грешка при извршувањето на хируршка интервенција.

(2) Протоколот за безбедна хирургија и формата и содржината на оперативната листа за проверка за безбедна хирургија ги утврдува министерот за здравство.

(3) По донесувањето на протоколот од став (2) на овој член, Министерството за здравство е должно веднаш да го објави на веб страницата на Министерството и во „Службен весник на Република Македонија“.

Клиничка патека за дијагностицирање и лекување на малигни заболувања

Член 226-и

(1) Здравствениот третман на пациентите болни од малигни заболувања кој опфаќа дијагностицирање и лекување на малигните болести се врши согласно со клиничка патека со која особено се утврдува добивање на приоритетен статус на пациентите болни од малигни заболувања во давањето на здравствени услуги, најдолгото време од времето на закажување до времето на извршување на прегледите и интервенциите и задолжителните прегледи и интервенции на пациентите болни од малигни заболувања.

(2) Текот на здравствениот третман на пациентите болни од малигни заболувања од став (1) на овој член го утврдува министерот за здравство.

(3) По донесувањето на клиничката патека од став (2) на овој член, Министерството за здравство е должно веднаш да го објави на веб страницата на Министерството и во „Службен весник на Република Македонија“.“

Член 36

По членот 231 се додаваат осум нови члена 231-а, 231-б, 231-в, 231-г, 231-д, 231-ѓ, 231-е и 231-ж, кои гласат:

„Член 231-а

(1) Комисијата која го спроведува јавното наддавање, формирана од директорот на предлог на управниот одбор на јавната здравствена установа, е должна во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката на управниот одбор за давање под закуп на простор, да објави оглас во “Службен весник на Република Македонија” за давање под закуп на простор со јавно наддавање, а управниот одбор на јавната здравствена установа е должен да ја донесе одлуката за давање под закуп на простор најмалку три месеци пред истекот на договорот за закуп на просторот со претходниот закупец.

(2) Комисијата од став (1) на овој член е составена од три члена од редот на вработените во јавната здравствена установа која го издава под закуп просторот. Претседателот на комисијата се избира од редот на членовите на комисијата.

(3) Огласот за јавно наддавање јавното претпријатие “Службен весник на Република Македонија”е должно да го објави без надомест најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето за објавување оглас.

(4) Огласот за јавно наддавање по потреба може да се објави и во дневниот печат.

(5) Во случај на неистовремено објавување на огласот за јавно наддавање, важи рокот за јавно наддавање објавен во “Службен весник на Република Македонија”.

(6) Огласот за јавно наддавање на просторот особено содржи:

- податоци за недвижната ствар што е предмет на закуп (место, улица и број, катастарска општина, катастарска парцела, број на имотенлист во кој е запишана намената на просторот, а намената може да биде станбена или деловна просторија и површина),
- почетен износ на закупнината на недвижната ствар предмет на јавното наддавање,
- висината на паричниот депозит што треба да се уплати за учество во јавното наддавање,
- сметката на која се уплаќа депозитот,
- рокот за уплата на депозитот,
- условите што треба да ги исполнат наддавачите за учество во јавното наддавање,
- рок за поднесување на пријавата за учество на јавното наддавање,
- рокот во кој треба да се пристапи кон склучување на договорот и
- место, ден и час на јавното наддавање.

Член 231-б

(1) На јавното наддавање не може да учествува лице кое не ги исполнува условите од огласот.

(2) Комисијата од член 231-а став (1) од овој закон, пред почетокот на јавното наддавање ги утврдува и ги соопштува начинот и техничките правила за наддавањето.

(3) Претседателот на Комисијата од член 231-а став (1) од овој закон раководи со работата на Комисијата и со јавното наддавање.

(4) Комисијата од член 231-а став (1) од овој закон води евидентен лист за присутните наддавачи, на кој нивните претставници своерачно се запишуваат.

(5) Комисијата од ставот (1) на овој член го спроведува јавното наддавање согласно со огласот за јавното наддавање, на начин при што учесниците на јавното наддавање го наддаваат почетниот износ утврден во огласот за јавното наддавање.

(6) Рок за поднесување на пријавата за учество на јавното наддавање не може да биде пократок од десет календарски дена ниту подолг од 30 дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријавите.

(7) Пријавата за учество на јавното наддавање треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за јавно наддавање.

(8) Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите. На подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

Член 231-в

(1) Јавното наддавање ќе се одржи доколку учесниците ги исполнуваат условите дадени во објавата. Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и го наддаде почетниот износ.

(2) Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање. Во записникот за текот на јавното наддавање се внесуваат особено податоците за наддавачите по редослед на најповолно рангирани наддавачи и се утврдува обврската кога истекува рокот во кој најповолниот наддавач треба да пристапи кон склучување на договорот за закуп.

Член 231-г

(1) Кога на јавното наддавање за давање под закуп на просторот се јави само еден наддавач, кој ги прифаќа условите од огласот и го наддаде почетниот износ, единствениот наддавач стекнува статус на најповолен наддавач, со кој се склучува договор за закуп на простор.

(2) Кога на јавното наддавање нема учесник, јавното наддавање се повторува, при што почетниот износ за закуп на простор се намалува за 5%.

(3) Кога и второто јавно наддавање е неуспешно, јавното наддавање се повторува при што почетниот износ за закуп на простор се намалува за 10% во однос на почетниот износ објавен во огласот од првото јавно наддавање.

Член 231-д

(1) По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од пет работни дена по извршената уплата на закупнината на просторот, јавната здравствена установа склучува договор за закуп на недвижните ствари. На договорот за закуп на недвижните ствари соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

(2) Кога најповолниот наддавач не пристапи кон склучување, односно не склучи договор за закуп, во рок од 15 дена од денот кога најповолниот наддавач требал да го склучи договорот, следно рангираните по редослед наддавачи што ги исполниле условите и го наддале почетниот износ, стекнуваат статус на најповолен наддавач и можат да пристапат кон склучување на договорот.

Член 231-ѓ

(1) Уплатениот паричен депозит од најповолниот наддавач се засметува во постигнатиот износ на закупнина.

(2) Висината на паричниот депозит што се уплаќа за учество во јавното наддавање е еднаков на висината на закупнината што треба да се плати за користење на просторот под закуп во траење од 12 месеци.

(3) Најповолниот наддавач кој нема да пристапи кон склучување на договор за закуп го губи правото на враќање на паричниот депозит.

(4) Паричниот депозит за учество на јавното наддавање се враќа на подносителот на пријавата кој не е најповолен понудувач за учество на јавното наддавање во целост, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

Член 231-е

(1) Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од пет дена од приемот на приговорот.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 231-ж

(1) Договорот за закуп се склучува во писмена форма и особено содржи страни на договорот, предмет на договорот, односно конкретни податоци за недвижната ствар и обврска за закупецот за плаќање на нотарските трошоци.

(2) Договорот кој не ги содржи елементите од ставот (1) на овој член е ништовен.

(3) По склучувањето на договорот закупецот во рок од 30 дена истиот го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.“

Член 37

По одделот 2. „Внатрешно следење и унапредување на квалитетот на здравствената заштита“ се додава нов оддел. 2-а „Систем за стратешко планирање и менаџмент и избалансирано оценување на постигнувањата“ и шест нови членови 239-а, 239-б, 239-в, 239-г, 239-д и 239-ѓ, кои гласат:

„2-а Систем за стратешко планирање и менаџмент и избалансирано оценување на постигнувањата

Член 239-а

(1) Во јавните здравствени установи се воведува систем за стратешко планирање и менаџмент кој опфаќа следење на јавните здравствени установи во однос на стратешките цели на Република Македонија во областа на здравството со цел да се овозможи стабилност и развој на здравствениот систем преку утврдување на урамнотежен план на постигнувања (BSC-Balanced ScoreCard-урамнотежен план на постигнувања (во натамошниот текст: УПП).

(2) УПП се состои од критични фактори за успешност и од клучни индикатори на постигнувањата, кои ги утврдува министерот за здравство на национално ниво и на ниво на јавна здравствена установа, за секоја од следните области:
- финансии;
- пациенти;
- клинички фокус, и
- развој и обука.

(3) УПП на национално ниво го утврдува министерот за здравство со програма и ја објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

(4) УПП на ниво на јавна здравствена установа го утврдува министерот за здравство врз основа на УПП на национално ниво, со донесување на наредба најдоцна до 1 декември во тековната година за наредната година.

(5) За секоја од областите од став (2) на овој член се утврдуваат критични фактори за успешност, а за секој критичен фактор за успешност се утврдуваат клучни индикатори на постигнувањата со соодветна целна вредност, тежински коефициент и динамика на известување.

(6) Како клучни индикатори на постигнувањата се утврдуваат индикатори кои овозможуваат прибирање на статистички и/или квантитативни податоци потребни за мерење на индикаторите.

(7) За секој клучен индикатор на постигнувањата се утврдуваат минимални, просечни или максимални годишни целни вредности кои јавната здравствена установа треба да ги оствари за да се смета за успешна, како и дека активноста е успешно спроведена (во натамошниот текст: целна вредност). Секој клучен индикатори на постигнувањата учествува во вкупната успешност на јавната здравствена установа со одреден процент (во натамошниот текст: тежинскиот коефициент).

Член 239-б

(1) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се одговорни за остварувањето на УПП на ниво на јавната здравствена установа.

(2) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да организираат и обезбедат тековно прибирање и обработување на податоци потребни за мерење на клучните индикатори на постигнувањата и внесување на овие податоци во интегрираниот здравствен информатички систем најдоцна до петти секој месец за претходниот месец.

(3) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се одговорни за точноста и целосноста на податоците за мерење на клучните индикатори на постигнувањата од став (1) на овој член.

(4) Податоците потребни за мерење на клучните индикатори на постигнувањата се чуваат и обработуваат во интегрираниот здравствен информатички систем, на начин утврден со прописите од областа на евиденциите во здравството и со овој закон.

Член 239-в

(1) Клучните индикатори на постигнувањата, годишните целни вредности и тежинскиот коефициент на секој клучен индикатор на постигнувањата претставуваат показатели на успешност кои директорот треба да ги оствари и се содржани во менаџерскиот договор од член 104 став (3) од овој закон.

(2) За неостварување на годишните целни вредности на клучните индикатори на постигнувањата, одговара директорот на јавната здравствена установа кој плаќа договорна казна согласно член 104 став (4) од овој закон во износ еднаков на износот за кој би била намалена платата на директорот на јавната здравствена установа зависно од процентот на остварени месечни целни вредности кои произлегуваат од годишните целни вредности на клучните индикатори на постигнувањата.

(3) Министерот за здравство со решение утврдува обврска за директорот на јавната здравствена установа за плаќање на договорната казна од став (2) на овој член во рок од десет дена од денот на донесувањето на решението во износ согласно ставовите (7), (8) или (9) на овој член.

(4) Доколку директорот на јавната здравствена установа не ја уплати договорната казна во рокот утврден во ставот (3) на овој член, тој е должен да уплати договорна казна во износ двојно повисок од износот согласно ставовите (7), (8) или (9) на овој член, во дополнителен рок од десет дена од денот кога требал да ја уплати договорната казна од став (3) на овој член.

(5) Вкупниот износ на договорна казна што во текот на еден месец директорот на јавната здравствена установа е должен да го уплати согласно ставот (3) на овој член, не смее да биде повисок од 200 евра во денарска противвредност според среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на донесувањето на решението од став (3) на овој член.

(6) Вкупниот износ на договорна казна во износ двојно повисок од износот согласно ставовите (7), (8) или (9) на овој член, што во текот на еден месец директорот на јавната здравствена установа е должен да го уплати согласно ставот (4) на овој член, не смее да биде повисок од 400 евра во денарска противвредност според среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на донесувањето на решението од став (3) на овој член.

(7) Директорот на јавната здравствена установа е должен да уплати договорна казна во износ во висина од 20% од неговата основна плата во период од три месеци, доколку оствари вредности пониски од 80% од годишните целни вредности на клучните индикатори на постигнувањата на ниво на јавната здравствена установа.

(8) Директорот на јавната здравствена установа е должен да уплати договорна казна во износ во висина од 10% од неговата основна плата во период од три месеци, доколку оствари вредности од 81% до 85% од годишните целни вредности на клучните индикатори на постигнувањата на ниво на јавната здравствена установа.

(9) Директорот на јавната здравствена установа е должен да уплати договорна казна во износ во висина од 5% од неговата основна плата во период од три месеци, доколку оствари вредности од 86% до 90% од годишните целни вредности на клучните индикатори на постигнувањата на ниво на јавната здравствена установа.

(10) Директорот на јавната здравствена установа има право на жалба против решението од став (3) на овој член во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(11) Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одлучува по жалбата од ставот (11) на овој член во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата.

(12) Жалбата од ставот (11) на овој член го одлага извршувањето на решението од став (3) на овој член. Доколку Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор сте-

пен ја отфрли или одбие жалбата и го потврди решението од став (3) на овој член, договорната казна од став (2) на овој член се уплатува по конечноста на решението од став (3) на овој член.

(13) Директорот на јавната здравствена установа има право на плата во висина од 100% од неговата основна плата, доколку оствари вредности од 91% до 94% од годишните целни вредности на клучните индикатори на постигнувањата на ниво на јавната здравствена установа.

Член 239-г

(1) За надминување на годишните целни вредности на клучните индикатори на постигнувањата на ниво на јавната здравствена установа, право на еднократна парична награда во висина од две плати исплатени на директорот што се наградува во последниот месец во годината за која се однесуваат годишните целни вредности, имаат најдобрите пет директори на јавни здравствени установи и тоа двајца директори на јавни здравствени установи на терцијарно ниво на здравствена заштита, двајца директори на јавни здравствени установи на секундарно ниво на здравствена заштита кои вршат болничка дејност и еден директор на јавна здравствена установа на примарно ниво на здравствена заштита, за што министерот за здравство донесува решение.

(2) Директорот на јавната здравствена установа има право на еднократна парична награда во текот на три месеци последователно во износ од 5% од неговата основна плата доколку оствари вредности од 95% до 97% од годишните целни вредности на клучните индикатори на постигнувањата на ниво на јавната здравствена установа.

(3) Директорот на јавната здравствена установа има право на еднократна парична награда во текот на три месеци последователно во износ од 10% од неговата основна плата доколку оствари вредности од 98% до 99% од месечни годишните целни вредности на клучните индикатори на постигнувањата на ниво на јавната здравствена установа.

(4) Директорот на јавната здравствена установа има право на еднократна парична награда во текот на три месеци последователно во износ од 20% од неговата основна плата доколку оствари вредности од 100% од годишните целни вредности на клучните индикатори на постигнувањата на ниво на јавната здравствена установа.

(5) Министерот за здравство со решение утврдува право на директорот на јавната здравствена установа на парична награда од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член и нејзина исплата во рок од 10 дена од денот на донесувањето на решението.

(6) Средствата потребни за исплата на паричната награда од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија, за што Владата на Република Македонија секоја година донесува посебна програма за поврзување на платите на директорите со критериуми и индикатори, на предлог на Министерството за здравство.

Член 239-д

(1) Министерството за здравство четири пати годишно врши евалуација на успешноста на јавната здравствена установа во остварувањето на УПП врз основа на податоците содржани во интегрираниот здравствен информатички систем, како и податоците доставени од Фондот и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, како и врз основа на спроведени анкети.

(2) Евалуацијата од став (1) на овој член Министерството за здравство ја врши како квартална евалуација во април, јули, октомври и декември во тековната година за претходните три месеци, за што изготвува квартален извештај. Кварталните извештаи Министерството за здравство ги објавува на својата веб страница најдоцна до 15 април, односно 15 јули, односно 15 октомври, односно 15 декември.

(3) Министерството за здравство врз основа на кварталните извештаи од став (2) на овој член изготвува годишен извештај, кој го објавува најдоцна до 15 јануари во тековната година за минатата година и врз основа на кој најдоцна до 31 јануари во тековната година министерот за здравство донесува решение за договорна казна од член 239-в од овој закон или решение за парична награда од член 239-г од овој закон.

(4) Врз основа на кварталниот извештај од став (2) на овој член, Министерството за здравство четири пати годишно изготвува ранг листа на најуспешни јавни здравствени установи.

(5) Здравствените работници, здравствените соработници и другите даватели на јавни услуги во здравството вработени во јавната здравствена установа која се наоѓа осум пати во текот на две последователни години на прво место на ранг листата на најуспешни јавни здравствени установи, добиваат парична награда во износ од 10% од минималната плата во Република Македонија согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Македонија, во текот на три месеци последователно.

(6) Административните службеници и помошно-техничките лица вработени во јавната здравствена установа која се наоѓа осум пати во текот на две последователни години на прво место на ранг листата на најуспешни јавни здравствени установи изготвена врз основа на кварталните извештаи, ќе бидат парично наградени во согласност со прописите за административните службеници, како и прописите за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

(7) Средствата потребни за исплата на паричната награда од ставот (5) на овој член се обезбедува во Буџетот на Република Македонија, за што Владата на Република Македонија секоја година донесува посебна програма на предлог на Министерството за здравство.“

Член 239-ѓ

(1) Министерството за здравство, во соработка со Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, организира спроведување на анонимни анкети за задоволството на пациентите два пати годишно.

(2) Податоците од анкетите се доставуваат до Министерството за здравство, кое јавно ги објавува на својата веб страница во рок од три дена од денот на нивното доставување до Министерството и ги доставува до средствата за јавно информирање заради нивно објавување. “

Член 38

По членот 248, се додаваат два нови наслова и два нови члена 248-а и 248-б, кои гласат:

„Национална комисија за дијабетес мелитус

Член 248-а

(1) Заради спроведување на соодветен третман на пациентите болни од дијабетес мелитус, министерот за здравство формира Националната комисија за дијабетес мелитус.

(2) Националната комисија за дијабетес особено:

- ја следи имплементацијата на стручните упатства за медицина базирана на докази од областа на дијабетес мелитус за начинот на вршење на здравствената

дејност која се однесува на третманот и контролата на пациентите болни од дијабетес мелитус од страна на докторите на медицина специјалисти по интерна медицина кои препишуваат инсулинска терапија;

- врз основа на препораките од стручните упатства за медицина базирана на докази од областа на дијабетес мелитус за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот и контролата на дијабетес мелитус, одобрува префрлување од терапија со хумани инсулини на терапија со инсулински аналози и обратно, како и префрлување од терапија со едни инсулински аналози на други инсулински аналози, и

- врши евалуација на инсулинската терапија кај пациенти болни од дијабетес мелитус согласно нивната медицинска документација и дава препораки за понатамошно користење на инсулинската терапија и останатиот антидијабетичен третман кај евалуираните пациенти.

(3) Националната комисија за дијабетес мелитус се формира со мандат од четири години и е составена од претседател и четири члена избрани од редот на докторите на медицина специјалисти по интерна медицина и докторите на медицина специјалисти по педијатрија, кои се доктори на медицински науки од областа на ендокринологијата и дијабетологијата и кои се вработени или пензионирани во јавна здравствена установа која врши здравствена дејност на терцијарно ниво на здравствена заштита. Членовите на Националната комисија за дијабетес мелитус имаат право на повторен избор.

(4) За работата на Националната комисија за дијабетес мелитус на членовите на комисијата им се исплаќа месечен надоместок во висина од 70% од просечната плата по работник во Република Македонија, според податоците на Државниот завод за статистика објавени за претходната година.

(5) Административно-техничките работи за потребите на Националната комисија за дијабетес мелитус ги врши секретар кој се определува со решението за нејзиното формирање, од редот на вработените во Министерството за здравство и истиот не е член на Националната комисија за дијабетес мелитус. На секретарот му се исплаќа месечен надоместок во висина од 30% од просечната плата по работник во Република Македонија, според податоците на Државниот завод за статистика објавени за претходната година.

(6) Надоместоците од ставовите (4) и (5) на овој член се исплаќаат доколку Националната комисија за дијабетес мелитус одржи најмалку два состанока месечно, на кои се присутни сите членови и секретарот согласно член 248-б став (1) од овој закон.

Член 248-б

(1) Националната комисија за дијабетес мелитус работи на работни состаноци кои се одржуваат најмалку два пати месечно. Работните состаноци се одржуваат доколку се присутни сите членови на Националната комисија за дијабетес мелитус .

(2) Седниците на Националната комисија за дијабетес мелитус ги закажува претседателот на Комисијата, а седница на Комисијата може да биде закажана и на барање на министерот за здравство.

(3) Сите членови на Националната комисија за дијабетес мелитус се должни да учествуваат со свое мислење во работата на Националната комисија за дијабетес мелитус.

(4) По спроведената дискусија за секој случај одделно Националната комисија за дијабетес мелитус изготвува извештај во кој се содржани заедничките наоди, заклучоци и препораки за натамошен третман, на кој се потпишуваат сите членови на Националната комисија за дијабетес мелитус и кој претставува составен дел од медицинското досие на пациентот.

(5) За секој состанок се води евиденција за присуството на членовите на Националната комисија за дијабетес и записник за работата. За одржаните состаноци се води записник во писмена форма и/или во форма на електронски видео или аудиозапис.

(6) Сите членови на Националната комисија за дијабетес мелитус се должни да ги чуваат како деловна тајна информациите изнесени на состаноците.“

Член 39

По членот 249 се додава нова Глава Х-а. Електронско здравство и осум нови наслови и осум нови члена 249-а, 249-б, 249-в, 249-г, 249-д, 249-ѓ, 249-е и 249-ж, кои гласат:

„Х-а. ЕЛЕКТРОНСКО ЗДРАВСТВО

Управа за електронско здравство

Член 249-а

Управата за електронско здравство е орган на државна управа во состав на Министерството за здравство со својство на правно лице која врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на интегрираниот здравствен информатички систем, како и формирање на концепти за развој на здравствената политика врз основа на добиените анализи од податоците внесени во националниот систем.

Организациона поставеност и државни службеници со специфична природа на работните задачи и посебност на извршувањето на посебните должности и овластувања

Член 249-б

(1) Организационата поставеност на Управата за електронско здравство (во натамошниот текст: Управата) се уредува со актот за внатрешна организација на Министерството за здравство.

(2) Називот на работните места, работните должности и бројот на извршителите во Управата се уредуваат со актот за систематизација на работните места.

(3) На државните службеници кои ги извршуваат работите од областа на информатичко-комуникациската технологија во функција на интегрираниот здравствен информатички систем, заради специфичната природа на работните задачи и посебностите на извршувањето на посебните должности и овластувања, основната плата и додатокот на плата за звање им се зголемува за 33%.

Надлежност на Управата за електронско здравство

Член 249-в

(1) Управата е надлежна за надградба, оптимизација, извршување, регулирање, одржување, контрола, едукација на здравствениот кадар и анализа на сите процеси и функционалности поврзани со интегрираниот здравствен информатички систем, а особено за:

1. надградба на интегрираниот здравствен информатички систем со нови функционалности кои се потребни и кои ги користат здравстените установи кои спаѓаат во мрежата на здравствени установи, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Агенцијата за лекови или други субјекти од областа на здравството;

2. оптимизација и одржување на програмските модули и функционалности кои се во склоп на националниот систем;

3. воспоставување и одржување на регистар на здравствени установи, регистар на здравствени работници и здравствени соработници, регистар на здравствени услуги, регистар на пациенти по дијагнози на болести, регистар на ретки болести и на пациенти кои боледуваат од ретки болести, регистар на медицински потрошен материјал и на други регистри за потребите на здравственият систем;

4. воспоставување и одржување на единствен електронски здравствен картон на здравствените осигуреници;

5. изработка и одржување на веб сервиси за интеграција и размена на податоци со органи на државната управа, како и со софтерски решенија кои се во употреба во здравствените установи кои спаѓаат во мрежата на здравствени установи;

6. предлагање за дефинирање на работните должности, овластувањата и обврските на здравствените работници и раководните органи на здравствените установи во однос на функционалностите на интегрираниот здравствен информатички систем и листите на закажани интервенции;

7. предлагање на министерот за здравство концепти за развој на здравствената политика врз основа на добиените анализи од податоците внесени во интегрираниот здравствен информатички систем;

8. предлагање стандарди за најкратко и најдолго времетраење на специјалистичко-консултативниот преглед по специјалност во амбуланта;

9. предлагање на распоред за работа на вработените во здравствените установи, како и план за работа преку дефинирање на оптимален број на амбулантски прегледи по лекар или медицински апарат, број на амбуланти за одредена специјалност, како и други параметри за непречено функционирање на интегрираниот здравствен информатички систем во поглед на листите на закажување на прегледи и интервенции;

10. контрола на придржувањето на стандарди и протоколи при работењето на здравствената установа во однос на примената на функционалности од интегрираниот здравствен информатички систем и електронската листа на закажани прегледи и интервенции;

11. управување и унапредување на интегрираниот здравствен информатички систем;

12. дефинирање и ажурирање на кодни табели со кои се разменуваат податоците во централната база на интегрираниот здравствен информатички систем со медицинскиот софтвер кој се користи во здравствените установи во Република Македонија;

13. оптимизација на постојните системи за електронска евиденција во здравството и нивна интеграција во еден колаборациски систем вклучувајќи ги сите надлежни институции;

14. вршење на обука на здравствените работници и здравствените соработници во здравствените установи за користење на интегрираниот здравствен информатички систем и сите негови функционалности.

15. сертификација и одобрување за користење и продажба на софтверски решенија кои се користат во здравствевните установи во состав на мрежата на здравствени установи;

16. изготвување на анализи и извештаи кои ќе ги користи Министерството за здравство, Агенцијата за лекови, Владата на Република Македонија, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Институтот за јавно здравје, Агенцијата за акредитација на здравствените установи, Фондот за здравствено осигурување и други субјекти од областа на здравството;

17. управување со комуникацискиот центар за техничка поддршка на сите корисници на интегрираниот здравствен информатички систем, и

18. создавање и одржување на база на податоци од интегрираниот здравствен информатички систем .

(2) Стандардите за сертификација на софтверските решенија од ставот (1) точка 13 на овој член ги утврдува министерот за здравство.

(3) По донесувањето на подзаконскиот акт од став (2) на овој член, Министерството за здравство е должно веднаш да го објави на веб страницата на Министерството и во „Службен весник на Република Македонија“.

(4) Начинот на пристап, дистрибуција, издавање, користење, чување и заштита на податоците од интегрираниот здравствен информатички систем го утврдува министерот за здравство.

(5) За користење и увид на податоците од интегрираниот здравствен информатички систем се плаќа надоместок.

(6) По исклучок од став (5) на овој член, Фондот за здравствено осигурување на Македонија не плаќа надоместок за увид и користење на податоците од интегрираниот здравствен информатички систем.

(7) Висината на надоместокот за користење и за увид на податоците од интегрираниот здравствен информатички систем зависи од реалните трошоци за нивното изготвување, видот на податоците, содржината на податоците, формата на податоците (електронска/писмена), количината на податоците (број на истоветни издадени податоци) и друго.

(8) Во случај на зголемен обем на поднесени барања од ист подносител за користење на податоци, Управата може со подносителот на барањето да склучи договор со кој го уредува начинот на плаќањето.

(9) Висината на надоместокот за користење и увид на податоците од интегрираниот здравствен информатички систем се утврдува со тарифник кој го донесува министерот за здравство.

(10) По донесувањето на подзаконскиот акт од став (8) на овој член, Министерството за здравство е должно веднаш да го објави на веб страницата на Министерството и во „Службен весник на Република Македонија“.

(11) Управата и Фондот за здравствено осигурување на Македонија вршат размена на податоците со кои располагаат во рамки на својата надлежност, на начин утврден од страна на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Македонија со правила за пренос, односно за испраќање и примање на податоците.

Финансирање на дејноста на Управата

Член 249-г

(1) Средствата за финансирање на Управата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(2) Управата може да остварува сопствени приходи, приходи од донации и од други извори утврдени со овој закон.

Раководење со Управата

Член 249-д

(1) Со Управата раководи директор.

(2) Директорот на Управата го именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог од министерот за здравство, со мандат од четири години. (3) За именување на директор на Управата се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граг?аните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Член 249-ѓ

(1) За директор на Управата може да биде именувано лице кое:

1. е државјанин на Република Македонија;

2. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3. има завршено висока стручна спрема (VII/1) или најмалку 240 ЕКТС на природно-математички студии или студии по информатика;

4. има најмалку пет години искуство во управување на системи со поголем број на корисници, од кои најмалку три години во управување на проекти од областа на здравството, и

5. поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6. има положено психолошки тест и тест за интегритет.

(2) Директорот на Управата е одговорен за својата работа и за работата на Управата пред Владата на Република Македонија и министерот за здравство.

(3) Директорот на Управата донесува годишна програма за работа на Управата и го организира нејзиното спроведување.

(4) Директорот за својата работа и за работата на Управата поднесува годишен извештај до министерот за здравство за усвојување, а по потреба и до Владата на Република Македонија за информирање.

(5) Годишниот извештај за работењето на Управата директорот го доставува до Министерството за здравство за усвојување, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

Член 249-е

(1) Владата го разрешува директорот на Управата:

- ако не постапува според закон и општите акти на Управата,
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на Управата,
- ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во извршување на дејноста на Управата, и
- ако работи спротивно на закон.

(2) На директоротна Управата му престанува мандатот во следните случаи:

- на негово барање,
- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи, му престанува работниот однос по сила на закон, и
- му престане договорот за вработување или договорот за продолжување на вработувањето, поради возраст согласно прописите од областа на работните односи.

Вршење на стручни работи од надлежност на Управата

Член 249-ж

(1) За вршење на стручните работи од надлежност на Управата, директорот може да формира стручни тимови со учество на надворешни стручни и научни експерти.

(2) Составот и бројот на членовите на стручните тимови ги утврдува директорот на Управата со решение.

(3) Директорот со писмено овластување може да пренесе одделни негови надлежности на раководни службеници во Управата.

(4) Стручните, административно-техничките, помошните и други работи ги вршат вработените во стручните служби на Управата.“

Член 40

По членот 304-б се додаваат два нови наслови и два нови члена 304-в и 304-г, кои гласат:

„ Внесување на неточни податоци за бројот, видот и обемот на здравствените услуги во интегрираниот здравствен информатички систем

Член 304-в

Тој што ќе внесе во интегрираниот здравствен информатички систем неточни податоци за бројот, видот и обемот на здравствените услуги, ќе внесе податоци за здравствени услуги кои не биле извршени или нема да внесе податоци за здравствени услуги кои биле извршени, кривично ќе одговара и ќе се казни со парична казна или казна затвор до една година.“

Напад врз здравствен работник и здравствен соработник при вршење на здравствена дејност

Член 304-г

(1) Тој којшто ќе нападне или сериозно се заканува дека ќе нападне здравствен работник и здравствен соработник при вршење на здравствена дејност како службена дејност и давање на здравствени услуги, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако при извршувањето на делото од став (1) на овој член, сторителот со употреба на оружје или друго опасно орудие го малтретира или го навредува здравствениот работник и/или здравствениот соработник или телесно го повреди, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако при извршувањето на делото од став (1) на овој член, на здравствениот работник и/или здравствениот соработник му е нанесена тешка телесна повреда, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако сторителот на делото од ставовите (1) и (2) на овој член бил предизвикан со незаконито или грубо постапување на здравствениот работник и/или здравствениот соработник, може да се ослободи од казна. “

Член 41

По членот 313 се додава нов член 313-а, кој гласи:

„Член 313-а

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) не му овозможи на здравствен работник односно здравствен соработник вработен во здравствена установа во мрежата на работа, да работи врз основа на патен налог на Министерството за здравство најмногу три работни дена во текот на еден месец, односно најмногу пет работни дена во текот на еден месец со писмена согласност од здравствениот работник односно здравствениот соработник, во друга здравствена установа во мрежата на здравствени установи, во која има потреба од извршување на работните задачи од страна на здравствениот работник односно здравствениот соработник согласно член 28 ставови (4) и (5) од

овој закон, а здравствената установа во мрежата на здравствени установи во која е упатен на работа со патен налог, за периодот за кој е упатен на здравствениот работник односно здравствениот соработник не му исплатува согласно член 28 став (6) од овој закон патни и дневни трошоци согласно закон и колективен договор;

2) медицинскиот директор на здравствената установа во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита не определи календар на активности однапред, најрано до десетиот ден во тековниот месец за следниот месец за секој здравствен работник кој дава специјалистичко-консултативни услуги во здравствената установа и не определи календар на слободни термини за користење на медицинската опрема со која здравствената установа дава специјалистичко-консултативни услуги согласно член 39-а став (2) од овој закон;

3) здравствениот работник кој дава услуги во здравствените установи во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита не определи календар на активности однапред, најрано до петтиот ден во тековниот месец за следниот месец и не го достави до директорот на здравствената установа согласно член 39-а став (4) од овој закон;

4) здравствениот работник кој дава специјалистичко-консултативни услуги во здравствените установи во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита не ги упатува пациентите што тој ги прегледал, односно врз кои извршил интервенција на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита за дополнителни специјалистичко-консултативни услуги преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции заради дијагностика и лекување на болестите и повредите и рехабилитација и не издава интерспецијалистички упат, специјалистичко-супспецијалистички упат, упат за радиодијагностика и упат за лабораториски услуги согласно член 39-а став (5) од овој закон;

5) здравствениот работник кој дава специјалистичко-консултативни услуги во здравствените установи во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита не ги упатува пациентите што тој ги прегледал, односно врз кои извршил интервенција за контролна специјалистичко-консултативните услуга преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции и не издава контролен упат согласно член 39-а став (6) од овој закон;

6) здравствениот работник кој дава специјалистичко-консултативни услуги во здравствените установи во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита не ги упатува пациентите што тој ги прегледал, односно врз кои извршил интервенција на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита за болничко лекување во установата во која работи или за вршење на хируршка интервенција која тој ја извршува и не издава болнички упат и/или болнички упат за хируршки интервенции согласно член 39-а став (7) од овој закон.

7) здравствениот работник кој врши хируршки интервенции во здравствените установи во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита во календарот на активности не определи термини за вршење на елективни хируршки интервенции согласно член 39-а став (9) од овој закон;

8) списокот со распоред на пациенти врз кои треба да биде извршена хируршка интервенција (оперативна програма) не е изработен согласно член 39-а став (10) од овој закон врз основа на термините за вршење на елективни хируршки интервенции од член 39-а став (9) од овој закон и издадените болнички упати за операции од член 39-а став (7) од овој закон;

9) во електронските листи на закажани прегледи и интервенции не е внесен списокот со распоред на пациенти врз кои треба да биде извршена хируршка интервенција (оперативна програма) согласно член 39-а став (10) од овој закон;

10) оперативната програма не ја одобрува, односно не ја одобрил стручниот колегиум на здравствената установа во која се врши хируршката интервенција во тековната недела за наредната недела согласно член 39-а став (10) од овој закон;

11) секоја промена на оперативната програма не се внесува, односно не е внесена во електронската листа на закажани прегледи и интервенции со наведување на причините поради кои е направена промената и за истата согласно член 39-а став (10) од овој закон;

12) здравствената установа не ги известила, односно не ги известува пациентите веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од настанувањето на промената на оперативната програма согласно член 39-а став (10) од овој закон;

13) здравствениот работник кој дава специјалистичко-консултативни услуги, нема да го изврши прегледот во терминот закажан преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции согласно член 39-б став (1) од овој закон или го започне извршувањето на прегледот, односно интервенцијата со задоцнување за што не постојат објективни и оправдани причини согласно член 39-б став (3) од овој закон;

14) здравствениот работник кој дава специјалистичко консултативни услуги, кој неосновано и неоправдано упатил пациенти на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита за користење на медицинска опрема во случаите од член 39-ј став (3) од овој закон (ги упатува пациентите за специјалистичко-консултативни услуги со користење на медицинска опрема во спротивност со стручните упатства за медицина заснова на докази од член 27 став (1) од овој закон и протоколите од член 27 став (4) од овој закон и ги упатува пациентите на дијагностички процедури за радиолошка дијагностика со компјутерски томограф и магнетна резонанца во согласност со стручните упатства за медицина заснова на докази од член 27 став (1) од овој закон и протоколите од член 27 став (4) од овој закон, но во 20% од вкупниот број на упатувања за користење на медицинска опрема во текот на претходната година со спроведените испитувања е утврдено дека нема наод за болест и/или за повреда, освен доколку пациентот се упатува на дијагностички процедури за радиолошка дијагностика со компјутерски томограф и магнетна резонанца заради докажување дека нема наод за болест и/или повреда согласно стручните упатства за медицина заснова на докази) , нема да посетува обука во траење од 20 часа за стручните упатства за медицина заснова на докази од член 27 став (1) од овој закон и протоколите од член 27 став (4) од овој закон и обука за запознавање со карактеристиките на медицинската опрема, за нејзино користење и за штетните последици од неоснованото и прекумерно користење на медицинската опрема согласно член 39-ј став (5) од овој закон;

15) лицата кои ја водат, објавуваат и ажурираат електронската листа на закажани прегледи и интервенции нема да го внесат податокот дека одредена медицинска опрема е во неисправна состојба веднаш по настапувањето на неисправноста согласно член 92-в став (7) од овој закон;

16) не воведе редовна евиденција на сите потрошени основни и помошни медицински материјали по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови согласно член 92-г став (4) од овој закон;

17) високообразовната установа и здравствената установа нема да ги распоредат и користат средствата што ги добиваат за спроведувањето на специјализацијата, односно супспецијализацијата на начин и во висина согласно член 140 ставовите (4), (5), (6), (7),(8) и (9) од овој закон;

18) високообразованата установа на која се спроведува специјализацијата, односно супспецијализацијата и јавната здравствена установа на здравствените работници, односно здравствените соработници запишани на специјализација, односно супспецијализација согласно член 150 од овој закон им пресмета и/или наплати надоместокот за јавната здравствена установа за материјалните трошоци кои произлегуваат од специјализацијата, односно супспецијализацијата и за унапредување и развој на здравствените услуги во јавната здравствена установа, спротивно на член 140 став (9) од овој закон;

19) во специјализантската книшка не се внесени податоците од член 144-а став (4) од овој закон и во книгата за евиденција за спроведените постапки и интервенции не се внесени податоците од член 144-а став (5) од овој закон;

20) специјализантската книшка од член 144-а став (4) од овој закон и книгата за евиденција за спроведените постапки и интервенции од член 144-а став (5) од овој закон не се правилно и целосно пополнети, во нив се внесени неточни, погрешни и нецелосни податоци, како и планот и програмата на специјалистичкиот стаж не се спроведени воопшто или не се спроведени во целост, односно спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализациите внесени во книгата за евиденција за спроведените постапки и интервенции во целост не одговараат на содржината на стажот утврден во програмите за специјализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование согласно член 144-а став (6) од овој закон;

21) специјализантот, заради стекнување на практични стручни знаења и научни сознанија не поминува осум часа дневно во здравствената установа во која според програмата за специјализација се спроведуваат општиот, односно специјалниот дел од специјалистичкиот стаж согласно член 144-в ставови (1) и (4) од овој закон, односно специјализантот не поминува време за стручно усовршување за време на дежурство со кое се обезбедува непрекината 24-часовна здравствена дејност во јавната здравствена установа во која се спроведува општиот, односно специјалниот турнус, еднаш во текот на секоја недела, односно четири пати во текот на секој месецсогласно член 144-в ставови (2) и (5) од овој закон, а здравствената установа не му овозможи да го оствари правото на 24-часовен одмор во текот на следниот ден по денот на дежурството согласно член 144-в ставови (3) и (6) од овој закон ;

22) специјализантот нема да го евидентира своето присуство преку системот за евиденција на работно време во здравствената установа во која се спроведува турнусот, согласно член 144-в став (11) од овој закон;

23) високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата не обезбеди најмалку една просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањет согласно член 144-ј став (2) од овој закон;

24) специјализантот нема да ги исполни обврските од член 144-г ставови (1) и (3) од овој закон за учество на дневен и утрински состанок, член 144-д став (1) од овој закон за задолжителни обуки, член 144-ѓ ставови (1) и (3) од овој закон за изучување на странски јазици, член 144-ж став (2) од овој закон за обврските на специјализантот во текот на целокупното траење на специјализацијата, член 144-з ставови (1), (2) и (5) од овој закон за обврските на специјализантот во текот на првата и втората година на специјализацијата, член 144-к ставови (1), (2), (5), (7), (8), (13) и (14) од овој закон за практичната обука во општа болница или специјализирана болница, во служба за итна медицинска помош или во здравствен дом, одржување на дневна визита и присуство при вршење на обдукција и од член 144-љ ставови (1), (4), (5) и (6) од овој закон за специјализација на хируршки и на интернистички гранки;

25) високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата не овозможи изучување на англиски јазик од страна на специјализантите во соработка со високообразовните установи од областа на филолошките науки или во соработка со други установи од областа на образованието, на кои наставата ќе ја спроведуваат лица со најмалку десет годишно искуство во струката, како и не склучи договор за тестирање на специјализантите со официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори, а Министерството за здравство не организира изучување на странските јазици кои согласно член 144-ѓ став (1) од овој закон се изучуваат како втор странски јазик, согласно член 144-ѓ став (8) од овој закон,;

26) високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата за специјализантите од сите гранки на специјализација не организира и спроведе настава од најмалку вкупно 250 часа теоретска настава од соодветната гранка на специјализацијата, од кои најмногу 15% од вкупниот број на часови од предвидената теоретска настава е настава од областа на научно-истражувачката работа, донесувањето на клиничка одлука, комуникациските вештини, јавното здравство, способност на стекнување и пренесување на знаење, етика и прописи и промоција на здравјето во текот на целокупното траење на специјализацијата, согласно член 144-ж ставови (2) и (3) од овој закон;

27) овластената здравствена установа во која се спроведува специјалниот дел од специјалистичкиот стаж на специјализантот до Министерството за здравство не достави предлог распоред на постарите специјализанти во општите болници и специјализираните болници согласно член 144-к став (3) од овој закон;

28) здравствената установа која го упатила на специјализација не му ги надоместила патни трошоци во висина на автобуски билет или железнички билет на постариот специјализант за периодот поминат во општа болница или специјализирана болница, согласно член 144-к став (4) од овој закон;

29) високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата до Министерството за здравство не достави предлог на временскиот распоред на турнусите во текот на последната година на специјализација кога постариот специјализант задолжително спроведува турнуси во служба за итна медицинска помош, во болница или во здравствен дом со седиште во општината каде што има седиште јавната здравствена установа која го упатила здравствениот работник или здравствениот соработник на специјализација и во ургентен центар или клиничка болница, согласно член 144-к став (15) од овој закон;

30) јавната здравствена установа не го одобри согласно член 150-а став (2) од овој закон барањето на здравствените работници и здравствените соработници вработени во јавна здравствена установа и запишани на специјализација, односно супспецијализација во согласност со член 150 од овој закон, за продолжување на специјализацијата, односно супспецијализацијата на товар на јавната здравствена установа во која се вработени, со донесување на решение кога се исполнети условите од член 150-а став (1) од овој закон;

31) јавната здравствена установа која го одобрила барањето од член 150-а став (1) од овој закон, не продолжи да ги надоместува трошоците за спроведување на специјализацијата, односно супспецијализацијата согласно член 150-а став (3) од овој закон;

32) јавната здравствена установа која врши специјалистичко-консултативна и болничка дејност, а во која се вработиле здравствените работници, односно здравствените соработници запишани на специјализација, односно супспецијализација во согласност со член 150 од овој закон, не продолжи да ги надоместува нивните трошоци за специјализација, односно супспецијализација од денот на склучувањето на договор за работа, кога се исполнети условите од член 150-б став (1) од овој закон;

33) не го раскине договорот за вработување на здравствените работници, односно на здравствените соработници запишани на специјализација, односно супспецијализација во согласност со член 150 од овој закон, кои се вработиле во јавна здравствена установа која врши специјалистичко-консултативна и болничка дејност согласно член 150-б став (2) од овој закон, затоа што здравствениот работник, односно здравствениот соработник не склучил договор за специјализација, односно супспецијализација со јавната здравствена установа во која е вработен;

34) здравствениот работник, односно здравствениот соработник не носи на видно место ознака во форма на картичка која содржи фотографија на здравствениот работник, односно здравствениот соработник, неговото лично име, работното место и здравствената установа во која работи во текот на работното време на работното место согласно член 169 став (1) од овој закон;

35) хируршките интервенции во здравствените установи се извршуваат спротивно на протоколот за безбедна хирургија кој опфаќа вршење на проверки на преземените дејствија согласно оперативната листа за проверка за безбедна хирургија пред, за време и по извршувањето на хируршка интервенција, заради намалување на веројатноста за грешка при извршувањето на хируршка интервенција (член 226-s став (1) од овој закон);

36) здравствениот третман на пациентите болни од малигни заболувања кој опфаќа дијагностицирање и лекување на малигните болести се врши спротивно на клиничката патека со која особено се утврдува добивање на приоритетен статус на пациентите болни од малигни заболувања во давањето на здравствени услуги, најдолгото време од времето на закажување до времето на извршување на прегледите и интервенциите и задолжителните прегледи и интервенции на пациентите болни од малигни заболувања (член 226-и став (1) од овој закон);

(2) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице ако се повтори прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице, ако:

1) не спроведе постапка за утврдување на дисциплинска одговорност согласно член 28 став (7) од овој закон за здравствениот работник односно здравствениот соработник од член 28 ставови (4) и (5) од овој закон во рок од пет дена од денот кога здравствениот работник односно здравствениот соработник од член 28 ставови (4) и (5) од овој закон пропуштил да се јави на работа односно не ги извршувал работните обврски во друга здравствена установа врз основа на патен налог на Министерството за здравство;

2) не обезбеди секој пациент да биде информиран за неговото право од член 39-а став (15) од овој закон со писмено известување кое се истакнува во влезниот дел на здравствената установа, на лесно видливо и пристапно место (член 39-а став (12)).

3) не организира печатење во писмена форма во доволен број на примероци на известувањето дека не е извршен прегледот, односно интервенцијата во терминот закажан преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции или дека извршувањето на прегледот, односно интервенцијата започнала со задоцнување кое не е во согласност со член 39-б ставови (2) и (3) од овој закон, што се поставува во влезниот дел на здравствената установа, на лесно видливо и пристапно место согласно член 39-б став (6) од овој закон;

4) не истакне на видливо место писмено известување и/или не определил лице вработено во јавната здравствена установа согласно член 39-б ставовите (16) и (17) од овој закон, односно не испратил известување преку интегрираниот здравствен информатички систем согласно член 39-б став (16) од овој закон;

5) не спроведе постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против здравствениот работник кој дава специјалистичко-консултативни услуги затоа што не посетува обука согласно член 39-ј став (5) од овој закон (член 39-ј став (7));

6) не достави писмено известување до Министерството за здравство за секоја неисправност на медицинската опрема во рок не подолг од 24 часа од часот кога настапила неисправноста согласно член 92-в став (5) од овој закон и не обезбеди во електронската листа на закажани прегледи и интервенции да биде внесен податокот дека одредена медицинска опрема е во неисправна состојба веднаш по настапувањето на неисправноста согласно член 92-в став (6) од овој закон.

7) не спроведе дисциплинска постапка против лицата кои ја водат, објавуваат и ажурираат електронската листа на закажани прегледи и интервенции, а кои не го внеле податокот дека одредена медицинска опрема е во неисправна состојба веднаш по настапувањето на неисправноста согласно член 92-в став (7) од овој закон (член 186 став (1) точка 27) од овој закон);

8) не ги внесе во задолжителната евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови, а со цел точен увид во залихите на лекови со рок на траење, уништување на лекови со истечен рок на траење, навремено обезбедување на нови залихи и заштита на пациентите од аплицирање на неадекватни лекови, особено податоците за ЕАН (EAN-European Article Number) код на лекот, датум на производство на лекот и рок на траење на лекот, согласно член 92-г став (5) од овој закон;

9) не обезбеди и не организира во системот за финансиското книговодство да бидат контирании да бидат внесени и книжени во финансов налог сите материјални документи, а особено приемниците од добавувачи и преносниците од главното депо, интерните приемници по основ на преносницата и издатниците/листите на потрошени медицински материјали по пациенти и по здравствени работници и здравствени соработници од помошните депоа, нивелациите, повратниците, влезните и излезните фактури и изводите од буџетската сметка и од сопствената сметка согласно член 92-г став (7) од овој закон;

10) не постапува по наредби, упатства, планови и програми донесени од министерот за здравство со кои се наредува или забранува постапување во определена ситуација која има општо значење за извршување на законите и подзаконските прописи, се пропишува начинот на постапување во извршувањето на одделни одредби на законите и подзаконските прописи, односно се утврдуваат и се разработуваат одделни прашања за извршување на законите и подзаконските прописи за кои е потребно утврдување на рокови и динамика на нивно извршувањесогласно член 104 став (6) од овој закон;

11) јавната здравствена установа која упатува здравствени работници и здравствени соработници на специјализација и супспецијализација не склучи договор со високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата и супспецијализацијата, односно високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата и супспецијализацијата не склучи договор со јавните здравствени установи кои упатуваат здравствени работници и здравствени соработници на специјализација и супспецијализација согласно член 140 став (4) од овој закон, во рок од еден месец од денот кога е донесен планот и програмата за специјализациите, односно супспецијализациите, а пред да бидат уплатени средствата од надоместокот;

12) високообразовната установа не склучи договор со јавните здравствени установи каде што се совладуваат и исполнуваат одделните вештини од планот и програмата за специјализациите, односно супспецијализациите со кој е предвидено распределување и уплата на 50% од средствата за надоместок за секој поединечен специјализант, односно супспецијализант за спроведување на неговата специјализација, односно супспецијализација согласно член 140 став (5) од овој закон во рок од два месеца од денот кога е донесен планот и програмата за специјализациите, односно супспецијализациите, а пред да бидат уплатени средствата од надоместокот од член 140 став (2) од овој закон согласно член 140 став (5) од овој закон (член 140 став (6) од овој закон);

13) високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата и супспецијализацијата не склучи договор со менторот за исплата на надоместок во висина од 90% од средствата што високообразовната установа ги добива за секој поединечен специјализант, односно супспецијализант што тој ментор го води, согласно член 140 став (7) од овој закон;

14) јавната здравствена установа каде што се совладуваат и исполнуваат одделните вештини од планот и програмата за специјализациите, односно супспецијализациите не склучи договор со едукаторот за исплата на надоместок во висина од 60% од средствата што јавната здравствена установа ги добива за секој поединечен специјализант, односно супспецијализант што тој едукатор го води, согласно член 140 став (8) од овој закон;

15) директорот на здравствената установа во која се спроведува турнусот не преземе соодветни мерки согласно член 144-к став (9) од овој закон во случајот кога постариот специјализант до него доставил известување дека одреден пациент не се лекува согласно упатствата за медицина базирана на докази;

16) директорот на здравствената установа во која се спроведува турнусот не определи и јавно не го објави временски распоред на дневните визити за секој постар специјализант одделно согласно член 144-к став (10) од овој закон;

17) не организира и не обезбеди здравствениот работник, односно здравствениот соработник во текот на работното време на работното место да носи на видно место ознака во форма на картичка која содржи фотографија на здравствениот работник, односно здравствениот соработник, неговото лично име, работното место и здравствената установа во која работи согласно член 169 став (2) од овој закон;

18) не поведе дисциплинска постапка против здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој не ја носи ознаката во форма на картичка која содржи фотографија на здравствениот работник, односно здравствениот соработник, неговото лично име, работното место и здравствената установа во која работи, во рок од седум дена од денот на дознавањето на причината за поведување на дисциплинска постапка, согласно член 169 став (2) од овој закон;

19) не му одговори на подносителот на претставката од член 193-а став (1) од овој закон за основаноста на претставката во рок од 15 дена од приемот на претставката согласно член 193-а став (6) од овој закон;

20) не формира комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинскиот престап, не го извести подносителот на претставката од член 193-а став (1) од овој закон дека е формирана комисија во рок од три дена од денот на формирањето на комисијата и/или во рок од 15 дена од денот на започнување на постапката не донесе решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап, односно не достави примерок од решението за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап во рок од три дена од денот на донесувањето на решението, согласно членот 193-а ставовите (8) и (9) од овој закон;

21) не спроведе дисциплинска постапка против здравствениот работник за дисциплински престап согласно член 193-а став (13) од овој закон;

22) внесени се неточни и неверодостојни податоци за резултатите од работењето на здравствениот работник во интегрираниот здравствен информатички систем (член 219 став (4) од овој закон);

23) одобрува исплата на плата пресметана врз основа на неточни, нецелосни и неверодостојни информации за резултатите од работењето на здравствениот работник спротивно на член 219 став (5) од овој закон;

Трошоците за полагање на тестовите од став 1 на овој член паѓаат на товар на кандидатот.

Член 11

По спроведената обука, кандидатот се пријавува за полагање на испит со поднесување на пријава до Државниот испитен центар. Во прилог на пријавата кандидатот доставува: носач на електронски запис (ЦД) со шестте семинарски трудови од модулите, потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет, примерок од уплатница за уплатени средства и завршниот семинарски труд во три печатени примероци.

Кандидатот кој ги исполнува условите за полагање на испит се известува за времето и местото на полагање на испитот најдоцна осум дена пред денот определен за полагање на испитот, со објавување на терминот за испит на веб страницата на Државниот испитен центар.

Член 12

Испитот за директор се полага пред Испитна комисија формирана од директорот на Државниот испитен центар.

Испитната комисија се состои од претседател и четири членови. Претседателот и еден член на Испитната комисија се од редот на вработените во Државниот испитен центар, два члена се од редот на вработените во високообразовните установи, кои имаат најмалку завршено високо образование VII/2 степен или 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) од областите опфатени со модулите и еден член од Министерство за образование и наука, кој го предлага министерот за образование и наука.

Претседателот и членовите на комисијата имаат свои заменици.

Испитната комисија има мандат од четири години.

Претседателот и членовите на комисијата имаат право на паричен надомест што го определува Управниот одбор на Државниот испитен центар.

Висината на надоместокот од ставот 5 на овој член е во зависност од бројот на кандидатите кои се пријавиле за полагање на испит.

Член 13

Испитот за директор се состои од три дела:

- практична проверка на компјутерски вештини,
- проверка на способноста за примена на теоретските знаења и
- презентација и одбрана на завршниот семинарски труд.

Првиот дел од испитот се полага со користење на компјутер за решавање на определен број задачи во врска со практична примена на софтверски програми и апликации што се користат во образованието и во канцелариското работење.

Вториот дел од испитот се полага со користење на компјутер и се состои од проверка на теоретските знаења и вештини стекнати во текот на обуката.

Третиот дел од испитот се состои од презентација и одбрана на завршниот семинарски труд на кандидатот.

Првиот и вториот дел од испитот технички го спроведува Државниот испитен центар, а третиот дел од испитот го спроведува Испитната комисија.

Сите делови од испитот се полагаат во просториите на Државниот испитен центар.

Член 14

Испитот за директор на училиште може да трае најмногу 120 минути за сите три дела од испитот. Првиот дел од испитот е со времетраење до 40 минути, вториот дел од испитот е со времетраење до 60 минути, а третиот со времетраење до најмногу 20 минути.

Испитот се организира најмалку два пати годишно за група од најмалку три пријавени кандидати.

Ако во текот на полагањето на испитот за директор настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство, повреда, влошена здравствена состојба) за што кандидатот доставува содветна лекарска потврда, како и во вонредни случаи на елементарна или друга непогода, ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

Решение за продолжување на испитот донесува директорот на Државниот испитен центар по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот 4 на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

Против решението на Државниот испитен центар од ставот 4 на овој член кандидатот може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Во продолжувањето на испитот, кандидатот за кој е донесено решение од став 4 на овој член, не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има положено.

Член 15

Првиот, вториот и третиот дел од испитот се полагаат во просторија за полагање на испит, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

Јавноста се информира за датумот и времето на полагањето на сите делови од испитот најмалку три дена пред одржувањето на испитот со објава на веб страницата на Државниот испитен центар.

Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Државниот испитен центар, а ако поради технички причини снимањето се прекине, сминката од целиот испит се поставува на веб страницата на Државниот испитен центар.

Во просторијата за полагање на првиот и вториот дел од испитот, за време на полагање на испитот се присутни тројца претставници: двајца претставници од Државниот испитен центар од кои еден е член на Испитната комисија, а вториот е администратор и членот на Испитната комисија од Министерството за образование и наука.

Пред почетокот на полагањето на првиот и вториот дел од испитот, администраторот го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во важечки документ за лична идентификација (лична карта или патна исправа).

Администраторот има право на паричен надомест што го определува Управниот одбор на Државниот испитен центар. Висината на надоместокот е во зависност од бројот на кандидати за испит.

На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува користење на мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со администраторот, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

Доколку кандидатот при полагањето на првиот дел од испитот постапува спротивно од ставовите 6 и 7 на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија.

Во случаите од ставот 10 на овој член, се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записникот за полагање на испитот за директор.

Овластените претставници од ставот 4 на овој член, за време на полагањето на испитот, не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Член 16

Првиот дел од испитот се состои од тест со три задачи од електронскиот систем во врска со практична примена на софтверски програми и апликации што се користат во образованието и тест со три задачи од електронскиот систем во врска со практична примена на софтверски програми и апликации што се користат во канцелариското работење.

Електронскиот систем содржи најмалку 50 задачи кои ги изготвуваат стручни лица ангажирани од Државниот испитен центар.

За првиот дел од испитот администраторот дава упатство за решавање на истиот, пред да започне полагањето на испитот.

Електронскиот систем не дозволува постоење на идентичен тест за првиот дел од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

Кандидатот задачите ги решава на компјутер.

Задачите од тестот се вреднуваат со поени определени во тестот.

Првиот дел од испитот се оценува со положил/не положил, врз основа на записот од полаганиот електронски тест што го доставува администраторот до Испитната комисија. Записот од првиот дел од испитот се чува во досието на кандидатот.

Се смета дека првиот дел од испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 80% од вкупниот број предвидени поени.

За резултатите од првиот дел од испитот кандидатот ќе биде известен најдоцна три дена по полагањето на испитот.

Доколку кандидатот не ги положи вториот и/или третиот дел од испитот во рок од шест месеци по полагањето на првиот дел од испитот, должен е првиот дел од испитот повторно да го полага.

Член 17

Вториот дел од испитот кандидатот го полага ако успешно го положил првиот дел од испитот.

Во вториот дел од испитот кандидатот на компјутер решава 30 прашања од теоретските знаења стекнати од модулите во текот на обуката.

Прашања се со четири опции за заокружување од кој едната е точна, а три се неточни.

Прашањата од тестот се вреднуваат со поени определени во тестот.

Прашањата се содржат во електронскиот систем, а ги подготвуваааат обучувачите, по 60 прашања од секој модул, односно вкупно 300 прашања .

Испитната комисија ги верификува прашањата.

За вториот дел од испитот администраторот дава упатство за решавање на истиот, пред да започне полагањето на испитот.

Електронскиот систем не дозволува постоење на идентична содржина на тестот за вториот дел од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

Вториот дел од испитот се оценува со положил/не положил, врз основа на записот од полаганиот електронски тест што го доставува администраторот до испитната комисија. Записот од вториот дел од испитот се чува во досието на кандидатот.

Се смета дека вториот дел од испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 80% од вкупниот број предвидени поени.

За резултатите од вториот дел од испитот кандидатот ќе биде известен најдоцна три дена по полагањето на испитот.

Член 18

Третиот дел од испитот кандидатот го полага ако успешно го положил вториот дел од испитот.

За третиот дел од испитот кандидатот изработува, презентира и брани завршен семинарски труд – студија на случај.

Темата на завршниот семинарски труд кандидатот ја добива по завршувањето на обуката, компјутерски генерирана, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од листата на теми.

Темите за листата од ставот 3 на овој член ги подготвуваааат обучувачите, по 20 теми од секој модул, односно вкупно 120 теми.

Испитната комисија ги верификува темите.

Завршниот семинарски труд кандидатот го подготвува, презентира и брани во рок од 30 дена од денот на добивањето на темата.

Кандидатот завршниот семинарски труд го презентира и брани пред Испитната комисија.

Испитната комисијата полноважно одлучува ако се присутни сите нејзини членови.

Кога некој член од Испитната комисијата е спречен да присуствува на испитот кој се спроведува, на негово место се повикува неговиот заменик.

Одлуките на Испитната комисија се донесуваат со мнозинство гласови.

Третиот дел од испитот Испитната комисија го оценува со положил/не положил, врз основа подготвениот, презентираниот и одбранететиот завршен семинарски труд. Кандидатот веднаш се известува за оценката на испитната комисија.

Се смета дека кандидатот го положил испитот ако успешно ги положил сите делови од испитот.

За резултатите од полагањето на испитот Државниот испитен центар го известува кандидатот, најдоцна во рок од 15 дена.

Против решението за неположеност на испит за директор, кој го донесува Директорот на Државниот испитен центарможе да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Член 19

За текот на испитот се води записник во кој се внесуваат следните податоци: име и презиме на кандидатот, состав на испитната комисија, дата на полагање на деловите од испитот, наслов на завршниот семинарски труд, резултати од трите делови на испитот, конечна оценка за испитот и други поважни забелешки од текот на испитот.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на Испитната комисија.

По завршување на испитот досието на кандидатот се дополнува со пријава за испит, записник од спроведениот испит, носач на електронски запис (ЦД) со шест семинарски работи и завршниот семинарски труд кои се чуваат во Државниот испитен центар.

Формата и содржината на записникот од став 1 на овој член ги утврдува директорот на Државниот испитен центар.

Член 20

Кандидатите кои не го положиле испитот можат да го полагаат испитот во кој било наредени испитен рок, со нова пријава и примерок од нова уплатница за уплатени средства за испит.

Кандидатите кои не дошле на испит имаат право истиот да го полагаат во кој било наредени испитен рок со нова пријава и примерок од претходната уплатница.

Кандидатите кои и по трет пат не го положиле испитот, немаат право да го полагаат испитот во наредните три години.

По истекот на рокот од став 3 на овој член кандидатите можат повторно да следат обука и да се пријават за испит.

IV. Услови и постапка на спроведување на напредната обука

Член 21

Напредна обука задолжително посетува директор на училиште со положен испит за директор.

Член 22

Заради надградување на знаењето, директорите на училиштата се должни да посетуваат обука за континуирано професионално усовршување од најмалку четири семинарски денови, со вкупно времетраење од најмалку 32 часа, во текот на една година.

Обуката од став 1 на овој член ја организира Државниот испитен центар.

Обучувачи на напредната обука се стручни лица од редот на вработените во Државниот испитен центар, стручни лица вработени во установи од областа на образованието и стручни лица од други установи/институции поврзани со теми од содржината на Програмата за напредната обука на директори, определени од директорот на Државен испитен центар.

Програмата за напредната обука на директори ја пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар, кој ја предлага во соработка со Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасните и Државниот просветен инспекторат.

Обучувачите имаат право на паричен надомест што го определува Управниот одбор на Државниот испитен центар.

Висината на надоместокот од ставот 5 на овој член е по семинарски ден.

За учеството на напредната обука Државниот испитен центар на директорите им издава потврда и истото го евидентира.

Формата и содржината на потврдата за учеството на напредната обука на директори ги утврдува директорот на Државниот испитен центар.

V. База на податоци, уверение и трошоци

Член 23

Евиденцијата за директорите се води во база на податоци, објавена на веб страницата на Државниот испитен центар.

Базата од ставот 1 на овој член е составена од два дела:

- Евиденција за лица кои се стекнале со уверение за директор и ги содржи следните податоци: име и презиме, општина, датум на издавање на уверението, датум на одземање на уверението.

- Евиденција за лица кои се директори на училишта и ги содржи следните податоци: име и презиме, општина, датум на издавање на уверението, датум на одземање на уверението, посетени семинарски денови и теми во рамки на напредната обука, училиште во кое е директор, електронска пошта и службен телефонски број.

Податоците од базата ги ажурира Државниот испитен центар, врз основа на податоците добиени од Министерството за образование и наука и единиците на локалната самоуправа на чие подрачје е училиштето.

Министерството за образование и наука доставува податоци за директорите на државните основни и средни училишта и државните ученички домови, а градоначалникот на општината, општината во град Скоје, односно град Скопје за општинските основни и средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење, во рок од десет дена од денот на избор, односно разрешување на директор.

Член 24

На кандидатот кој го положил испитот му се издава уверение за положен испит за директор, потпишано од претседателот на Испитната комисија и од директорот на Државниот испитен центар, во рок од седум дена од денот на завршување на испитот.

Уверението може да биде потпишано и од страна на заменик на директорот на Државниот испитен центар, по претходно овластување од директорот на Државен испитен центар.

Формата и содржината на Уверението за положен испит за директор ги пропишува министерот за образование и наука, на предлог на Државниот испитен центар.

Член 25

Важноста на уверението за директор престанува доколку кандидатот за директор што го поседува не биде избран за директор во период од пет години од денот на издавање на уверението.

Во случајот од став 1 на овој член кандидатот за директор има право да добие ново уверение со повторно следење на обуката и полагање на испитот за директор.

За повторното следење на обуката и полагање на испитот, кандидатот за директор е должен да поднесе пријава за обука и пријава за испит и да ги уплати трошоците.

Член 26

Државниот испитен центар со решение го одзема уверението на лицето кое во моментот ја извршува функцијата директор ако:

- се утврдат нерегуларности во полагањето на испитот,

- го нема исполнето годишниот минимум од четири семинарски денови од напредната обука,

- му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на судската пресуда и

- ако е донесена правосилна пресуда за кривични дела сторени во врска со вршење на службата со која му е изречена безусловна казна затвор над шест месеци.

Член 27

За одземање на уверението за директор предлог дава Комисија за ревизија и за одземање на уверение за директор.

Комисијата од став 1 од овој член ја формира министерот за образование и наука.

Комисијата од став 1 на овој член е составена од: двајца претставници од вработените во Министерството за образование и наука, определени од министерот за образование и наука, еден претставник од вработените во Државниот просветен инспекторат, определен од директорот на Државниот просветен инспекторат, еден претставник од Владата на Република Македонија и еден информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација, определен од министерот за информатичко општество и администрација.

Комисијата од став 1 на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку две сесии одржани во тековната година.

Комисија од став 1 на овој член има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на комисијата, но не порано од денот на отпочнувањето со примена на овој закон.

Доколку Комисија од став 1 на овој член утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот, предлага одземање на уверението од членот 24 од овој закон.

Член 28

Комисијата за ревизија и за одземање на уверение за директор до директорот на Државниот испитен центар доставува предлог за одземање на уверението за директор.

Директорот на Државниот испитен центар донесува решение за одземање на уверението за директор, врз основа на писмен предлог на Комисијата од став 1 на овој член, во рок од седум дена од приемот на предлогот.

Ако директорот на Државниот испитен центар не донесе решение за одземање на уверението за директор во рокот утврден во став 2 на овој член, решение за одземање на уверението за директор донесува министерот за образование и наука.

Против решението за одземање на уверение за директор може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

По конечноста на решението за одземање на уверението за директор решението се доставува до Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е училиштето и истото се внесува во евиденцијата од член 23 став 1 од овој закон.

Член 29

Трошоците за основната обуката, за напредната обука, за полагањето на испитот и за уверението се на товар на кандидатот.

Висината на надоместокот од став 1 на овој член ја определува директорот на Државниот испитен центар врз основа на реално направените трошоци за обуките, испитот и уверението.

Трошоците од став 1 на овој член се уплатуваат на сметка на сопствени приходи на Државниот испитен центар.

Член 30

Државниот испитен центар ќе ги користи личните податоци на кандидатот за директор во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Начинот на прибавувањето и размена на личните податоци на кандидатот за директор, а кои се потребни за издавање на уверението или за формирање на јавната база за евиденција, се врши во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Формата и содржината на обрасците за прибавување на личните податоци ги утврдува директорот на Државниот испитен центар.

Член 31

Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството.

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат.

VI. Прекршочни одредби

Член 32

Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на директорот на Државниот испитен центар доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Државниот испитен центар и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Државниот испитен центар согласно со член 15 ставот (3) од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното лице од член 15 став 4 од овој закон ако постапува спротивно на член 15 ставовите 5, 6, 7 и 12 од овој закон.

Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на Државниот испитен центар ако не донесе решение за одземање на уверение за директор во рокот утврден во член 28 став 2 од овој закон.

Член 33

За прекршоците предвидени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Пред поднесување на барање за поведување прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, Државниот просветен инспекторат води постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.

VII. Преодни и завршни одредби

Член 34

Подзаконските акти предвидени во овој закон ќе се донесат најдоцна 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 35

Државниот испитен центар ја изготвува и објавува базата за евиденција најдоцна до денот на отпочнувањето со примената на овој закон.

Државниот испитен центар го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на испитот за директори најдоцна до денот на отпочнувањето со примената на овој закон.

Член 36

Започнатите постапки за обука и полагање на испит за директор до денот на отпочнувањето на примената на овој закон ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

Член 37

Кандидатите кои се стекнале со уверение за директор согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, должни се најдоцна до 1 септември 2018 година да го положат испитот за директор и да се стекнат со уверение за директор согласно одредбите од овој закон.

Член 38

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува по една година од денот на неговото влегување во сила.

L I GJ
PËR TRAJNIM DHE PROVIM PËR DREJTOR TË SHKOLLËS FILLORE, SHKOLLËS SË MESME, KONVIKTIT TË NXËNËSVE DHE UNIVERSITETIT TË HAPUR CIVIL PËR MËSIM TË PËRJETSHËM

I. Dispozita të përgjithshme

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen kushtet dhe procedurat për zbatimin trajnimit fillestar dhe të avancuar dhe provimit për drejtor të shkollës fillore, shkollës së mesme, konviktit të nxënësve dhe universitetit të hapur civil për mësim të përjetshëm (në tekstin e mëtejmë: shkolla).

Neni 2

Trajnimi themelor dhe i avancuar për kandidatin për drejtor (në tekstin e mëtejmë: kandidati) zbatohet me qëllim që kandidati të marrë kompetenca të nevojshme profesionale për organizim, menaxhim të suksesshëm me punën edukativo-arsimore dhe administrimin e punës së shkollës.

Provimi për drejtor (në tekstin e mëtejmë: provimi) realizohet për kontrollin e aftësisë profesionale të kandidateve për menaxhim, zbatim të dispozitave ligjore dhe organizim të punës në shkollë.

Trajnimi dhe provimi për kandidatë për drejtorë të shkollës fillore, përkatësisht shkollës së mesme, konviktit të nxënësve dhe universitetit të hapur civil për mësim të përjetshëm zbatohet në pajtim me Programin për trajnim dhe provim të drejtorëve të shkollave fillore dhe të mesme.

Neni 3

Programin për trajnim dhe provim të drejtorëve të shkollës fillore dhe të mesme (në tekstin e mëtejmë: Programi) i përcakton ministri i Arsimit dhe Shkencës (në tekstin e mëtejmë: ministri), me propozim të Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Në Program përcaktohen përmbajtjet e moduleve nga neni 9 paragrafi 2 i këtij ligji sipas të cilëve kandidati përgatitet për provim dhe përshkrimi i provimit.

Neni 4

Punët administrative dhe profesionale për nevojat e trajnimeve dhe provimin i kryen Qendra Shtetërore e Provimeve.

II. Kushte dhe procedura për zbatimin e trajnimit filllestar

Neni 5

Kandidatët për drejtore të shkollave fillore e marrin të drejtën e trajnimit fillestar nëse kanë së paku arsim të lartë, i plotësojnë kushtet për mësimdhënës ose bashkëpunëtor profesional në shkolle fillore dhe kanë së paku pesë vjet përvoje pune në punën edukative arsimore.

Kandidatët për drejtorë të shkollave të mesme e marrin të drejtën e trajnimit fillestar nëse kanë së paku arsim të lartë, i plotësojnë kushtet për mësimdhënës ose bashkëpunëtor profesional në shkollë të mesme dhe kanë së paku pesë vjet përvojë pune në punën edukative arsimore.

Kandidatet për drejtorë të konvikteve të nxënësve e marrin të drejtën e trajnimit fillestar nëse kanë më së paku arsim të lartë, i plotësojnë kushtet për edukator ose bashkëpunëtor profesional në punën edukativo-arsimore dhe kanë së paku pesë vjet përvoje pune në punën edukative arsimore.

Kandidatët për drejtorë të universitetit të hapur civil për mësim të përjetshëm e marrin të drejtën për trajnim fillestar nëse kanë arsim të lartë dhe së paku pesë vjet përvojë pune.

Neni 6

Programin e realizojnë trajnues të zgjedhur në konkursi të shpallur nga Qendra Shtetërore e Provimeve.

Trajnuesit nga paragrafi 1 i këtij neni duhet t'i plotësojnë këto kushte të përgjithshme: të kenë së paku të kryer arsim të lartë - niveli VII A i kornizës nacionale të kualifikimeve, së paku pesë vjet përvojë pune në veprimtarinë edukativo-arsimore ose shkencore dhe përvojë si trajnues nga sfera e përmbajtjeve të modulit për të cilin konkuron.

Kushtet e veçanta për trajnues nga paragrafi 1 i këtij neni i përcakton Këshilli Drejtues i Qendrës Shtetërore të Provimeve, me propozim të drejtorit të Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Trajnuesit zgjidhen për periudhë prej dy vitesh.

Trajnuesi nuk mund të jetë i punësuar në Qendrën Shtetërore të Provimeve, Ministrinë e Arsimit dhe Shkencës, Qendrën për Arsim dhe Trajnim Profesional dhe Qendrën për Arsimin e të Rriturve.

Trajnuesit kanë të drejtë kompensimi me para për trajnim të mbajtur, që e përcakton Këshilli Drejtues i Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Shuma e kompensimit në para nga paragrafi 6 i këtij neni përcaktohet në bazë të numrit të ditëve të trajnimeve të realizuara.

Neni 7

Paraqitja e kandidatëve për trajnim bëhet me shkrim me dorëzimin e fletëparaqitjes.

Me fletëparaqitje nga paragrafi 1 i këtij neni kandidati duhet të dorëzojë:

1. Diplomë për arsim e kryer përkatës të lartë;
2. Vërtetim për përvojën e punës në institucionin edukativo-arsimor të verifikuar nga Ministria e të lëshuar nga institucioni kompetent;
3. Biografi e shkurtër (rezyme, Curriculum vitae) dhe
4. Kopje të fletëpagesës për shumën e paguar për trajnim.

Fletëparaqitjet e kandidatëve nga paragrafi 1 i këtij neni dorëzohen dhe evidentohen në Qendrën Shtetërore të Provimeve.

Neni 8

Realizimi i trajnimit sipas Programit, për kandidatët e paraqitur fillon pas formimit të grupit prej dhjetë kandidatëve, të paraqitur për trajnim në pajtim me nenin 7 të këtij ligji.

Për kandidatët e paraqitur për trajnimin për drejtor mbahet dosje për çdo kandidat veç e veç.

Dosja e kandidatit deri te provimi përbëhet nga kërkesa për trajnimin e kandidatit, punë seminarike për secilin nga modulet në letër dhe në formë elektronike të lejuara nga trajnuesit.

Dosja e kandidatit për mbajtjen e provimit për drejtor, më së voni një muaj pas përfundimit të trajnimit në pajtim me Programin, dorëzohet te kryetari i Komisionit për Mbajtjen e Provimit për Drejtor (në tekstin e mëtejmë: Komisioni i Provimit).

Neni 9

Kohëzgjatja e plotë e trajnimit është 192 orë dhe e njëjta është detyrueshme.

Trajnimi realizohet në pajtim me Programin me gjashtë module si vijojnë: Zbatimi i teknologjisë informatike-kompjuterike gjatë menaxhimit në arsim, Teoria e organizimit, Njerëzit në organizatë, Drejtori si udhëheqës pedagogjik, Legjislacioni dhe Financat.

Trajnimi ndahet në:

- trajnim i drejtpërdrejtë i cili zhvillohet në kohëzgjatje prej 18 orëve për një modul, të ndara në 12 sesione nga 90 minuta, të cilat realizohen në periudhën prej dy ditësh.
- punë individuale në kohëzgjatje prej 10 orësh për modul, kandidatët përgatitin punë seminarike në tema nga përmbajtjet e realizuara dhe
- prezantim në kohëzgjatje prej katër orësh, kandidatët e prezantojnë punimin e vet seminarik para grupit të trajnuesve.

Trajnuesi për modulet Teoria e organizatës, Njerëzit në organizatë detyrimisht e shfrytëzon edhe literaturën e profesionale që Ministria e siguron, shtyp dhe dorëzon në institucionet e arsimit të lartë,.

Moduli do të konsiderohet i përfunduar nëse kandidati ka marrë pjesë në minimum dhjetë nga 12 sesionet dhe me sukses e ka prezantuar punimin seminarik.

Pas përfundimit të çdo moduli trajnuesi, në afat prej tri ditësh nga përfundimi i trajnimit, në Qendrën Shtetërore të Provimeve, dorëzon raport për prezantimin e suksesshëm të punimeve seminarike nga kandidatët dhe listën e evidencës për praninë e kandidatëve në trajnim.

III. Kushtet dhe procedura e realizimit të provimit

Neni 10

Të drejtën e dhënies së provimit e merr kandidati i cili me sukses e ka përfunduar trajnimin fillestar për drejtor dhe e ka dhënë testin psikologjik dhe testin e integritetit për drejtor, i cili nuk duhet të jetë më i vjetër se dy vjet.

Për zbatimin e testit psikologjik dhe testit të integritetit Qendra Shtetërore e Provimeve angazhon persona të licencuar profesionalë nga institucioni profesional.

Harxhimet për mbajtjen e testeve nga paragrafi 1 i këtij neni bie në llogari të kandidatit.

Neni 11

Pas trajnimit të realizuar, kandidati paraqitet për mbajtjen e provimit me paraqitjen e fletëparaqitjes në Qendrën Shtetërore të Provimeve. Në shtojcë të kërkesës kandidati dorëzon: bartës të regjistrimit elektronik (CD) me gjashtë punimet seminarike të moduleve, vërtetim për testin e dhënë psikologjik dhe testin e integritetit, ekzemplarë nga fletëpagesa për mjetet e paguara dhe punimin përfundimtar seminarik në tre ekzemplarë të shtypur.

Kandidati i cili i plotëson kushtet për mbajtjen e provimit informohet për kohën dhe vendin e mbajtjes së provimit më së voni tetë ditë para ditës së përcaktuar për mbajtjen e provimit, me publikimin e terminit për provim në ueb faqen e Qendrës Shtetërore të Provimit.

Neni 12

Provimi për drejtor mbahet para Komisionit të provimit i formuar nga drejtori i Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Komisioni i provimit përbëhet nga kryetari dhe katër anëtarë. Kryetari dhe një anëtar i Komisionit të provimit janë nga radhët e të punësuarve në Qendrën Shtetërore të Provimit, dy anëtarë janë nga radhët e të punësuarve në institucionet e arsimit të lartë, të cilët kanë të mbaruar së paku arsim të lartë VII/2 ose 300 kredi sipas Sistemit evropian të transferit të kredive (SETK) nga sferat e përfshira me modulet dhe një anëtar nga Ministria e Arsimit dhe Shkencës, që e propozon ministri për Arsim dhe Shkencë.

Kryetari dhe anëtarët e komisionit kanë zëvendës të tyre.

Komisioni i provimit ka mandat prej katër vitesh.

Kryetari dhe anëtarët e komisionit kanë të drejtë kompensimi në para që e përcakton Këshilli Drejtues i Qendrës Shtetërore të Provimit.

Shuma e kompensimit nga paragrafi 5 i këtij neni është në varshmëri nga numri i kandidatëve të cilët janë paraqitur për mbajtjen e provimit.

Neni 13

Provimi për drejtor përbehet nga tri pjesë:

- kontrolli praktik i shkathtësive kompjuterike,
- kontrolli i aftësisë për zbatimin e njohurive teorike dhe
- prezantimi dhe mbrojtja e punimit përfundimtar seminarik.

Pjesa e parë e provimit jepet me shfrytëzimin e kompjuterit për zgjidhjen një numri të caktuar të detyrave lidhur me zbatimin praktik të programeve softuerike dhe aplikimeve që shfrytëzohen në arsim dhe në punën në zyre.

Pjesa e dytë e provimit jepet me shfrytëzimin e kompjuterit dhe përbëhet nga kontrolli i njohurive teorike dhe shkathtësive të arritura gjatë trajnimit.

Pjesa e tretë e provimit përbehet nga prezantimi dhe mbrojtja e punimit përfundimtar seminarik të kandidatit.

Pjesën e parë dhe të dytë të provimit teknikisht e zbaton Qendra Shtetërore e Provimit, ndërsa pjesën e trete të provimit e realizon Komisionit shtetëror i provimit.

Të gjitha pjesët e provimit mbahen në hapësirat e Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Neni 14

Provimi për drejtor të shkollës mund të zgjasë më së shumti 120 minuta për të gjitha tri pjesët e provimit. Pjesa e parë e provimit është me kohëzgjatje deri në 40 minuta, pjesa e dytë e provimi është me kohëzgjatja deri në 60 minuta, ndërsa e treta me kohëzgjatje deri më së shumti 20 minuta.

Provimi organizohet së paku dy herë në vit për grupin prej së paku tre kandidatëve të paraqitur.

Nëse gjatë dhënies së provimit për drejtor krijohen shkaqe të arsyeshme për të cilat kandidatët nuk mund ta vazhdojë mbajtjen e provimit (sëmundje, pushim i shtatzënisë, lëndim, keqësim i gjendjes shëndetësore) për të cilën kandidati dorëzon vërtetim përkatës mjekësor, si dhe në raste të jashtëzakonshme fatkeqësie elementare ose tjetër, do të ndërpritet provimi për kohë të caktuar, e cila nuk mund të jetë më e gjatë se gjashtë muaj.

Vendim për vazhdimin e provimit miraton drejtori i Qendrës Shtetëror të Provimit me lutje të kandidatit. Lutja dorëzohet në afat prej tetë ditësh nga ndërprerja e shkaqeve për shtyrjen e provimit, por më së voni në afat prej gjashtë muajsh.

Nëse kandidati nuk dorëzon lutje për vazhdimin e provimit në afatin e përcaktuar në paragrafin 4 të këtij neni do të konsiderohet se provimin nuk e ka dhënë.

Kundër aktvendimit të Qendrës Shtetërore të Provimit nga paragrafi 4 i këtij neni kandidati mund të ngritë paraqesë në Komisionin Shtetëror për vendimmarrje në procedurë administrative dhe procedurë të marrëdhënies së punës në shkallë të dytë, në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit.

Në vazhdimin e provimit, kandidati për të cilin është miratuar vendimi nga paragrafi 4 i këtij neni, nuk e mban atë pjesë të provimit që paraprakisht tanimë e ka dhënë.

Neni 15

Pjesa e parë, e dytë dhe e tretë e provimit mbahen në hapësirat e mbajtjes së provimit, të pajisur veçanërisht me pajisje materiale-teknike dhe informatike, lidhje të internetit dhe pajisje për incizimin e dhënies së provimit.

Publiku informohet për datën dhe kohën e mbajtjes së provimit për të gjitha pjesët e provimit së paku tri ditë para mbajtjes së provimit me shpallje në ueb faqen e Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Mbajtja e provimit incizohet dhe direkt emitohet në ueb faqen e Qendrës Shtetërore të Provimit, e nëse për shkaqe teknike incizimi ndërpritet, incizimi i provimit të plotë vendoset në ueb faqen e Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Në hapërisën e mbajtjes së pjesës së parë dhe të dytë të provimit, gjatë mbajtjes së provimit janë të pranishëm tre përfaqësues: dy përfaqësues të Qendrës Shtetërore të Provimeve prej të cilëve njëri është anëtar i Komisionit të provimit, ndërsa i dyti është administrator dhe anëtar i Komisionit të provimit nga Ministria e Arsimit dhe Shkencës.

Para fillimit të mbajtjes së pjesës së parë dhe të dytë të provimit, administratori e përcakton identitetin e kandidatit me kontrollin e dokumetit të vlefshëm për identifikim personal (letërnjoftim ose dekument udhëtimi).

Administatori ka të drejtë kompensimi në para që e përcakton Këshilli drejtues i Qendrës Shtetërore të Provimeve. Shuma e kompensimit varet nga numri i kandidatëve për provim.

Kandidatit gjatë mbajtjes së pjesës së parë dhe të dytë të provimit nuk i lejohet shfrytëzimi i telefonit celular, pajisjeve bartëese kompjuterike dhe mjeteve të tjera teknike dhe informatike, sendeve të përgatitura paraprakisht dhe të ngjashme.

Kandidatit gjatë kohës së mbajtjes së pjesës së parë dhe të dytë të provimit nuk i lejohet që të kontaktojë me kandidatë ose persona tjerë përveç me administratorin, në rast se ka probleme teknike me kompjuterin.

Nëse problemet teknike me kompjuterin mënjanohen për pesë minuta vazhdon provimi, e nëse nuk mënjanohen në këtë afat provimi vetëm për atë kandidatë ndërpritet dhe do të mbahet në afat prej tri ditësh nga dita e ndërprerjes së provimit.

Nese ka problemee me më shumë se pesë kompjuterë dhe ato nuk mënjanohen në afat për pesë minuta provimi ndërpritet përtërë kandidatët që e mbajnë provimin dhe do të mbahet në afat më së shumti prej tri ditësh nga dita e ndërprerjes se provimit.

Nëse kandidati gjatë mbajtjes së pjesës së parë të provimit veprn në kundërshtim me paragarfët 6 dhe 7 të këtij neni, nuk do t'i lejohet mbajtja e mëtejme e provimit në atë sesin të provimit.

Në rastet nga paragrafi 10 i këtij neni, llogaritet se kandidati nuk e ka dhënë provimin dhe i njëjti konstatohet në procesverbalin për mbajtjen e provimit për drejtor.

Përfaqësuesit e autorizuar nga paragrafi 4 i këtij neni, gjatë kohës së mbajtjes së provimit nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë sekonda në afërsi të drejtpërdrejtë të kandidatit i cili e mban provimin, përveç në raste mënjanimi të problemeve teknike kur nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë minuta.

Neni 16

Pjesa e parë e provimit përbëhet nga testi me tri detyra nga sistemi elektronik lidhur me zbatimin praktik të programeve të softuerit dhe aplikacioneve që shfrytëzohen në arsim dhe testi me tri detyra nga sistemi elektronik lidhur me zbatimin praktik të programeve të softuerit dhe aplikacioneve që shfrytëzohen në punën në zyrë.

Sistemi elektronik përmban së paku 50 detyra të cilat i përgatisin persona profesionistë të angazhuar nga Qendra Shtetërore e Provimeve.

Për pjesën e parë të provimit administratori jep udhëzime për zgjidhjen e të njëjtës, para fillimit të mbajtjes së provimit.

Sistemi elektronik nuk lejon ekzistimin e testit identik për pjesën e parë të provimit në një sesion për më shumë se një kandidat.

Kandiadti detyrat i zgjidh në kompjuter.

Detyrat nga testi vlerësohen me pikë të përcaktuara në test.

Pjesa e parë e vlerësohet me kaloi/nuk kaloi, në bazë të regjistrimit nga testi i dhënë elektronik që e dorëzon administratori në Komisionin e Provimeve. Regjistrimi nga pjesa e parë e provimit ruhet në dosjen e kandidatit.

Llogaritet se pjesën e parë të provimit e ka dhënë ai kandidat i cili me përgjigje të sakta të pyetjeve nga testi ka arritur më së paku 80% nga numri i përgjithshëm i pikëve të parapara.

Për rezultatet e pjesës së parë të provimit kandidati do të njoftohet më së voni tri ditë nga dhënia e provimit.

Nëse kandidati nuk e ka dhënë pjesën e dytë dhe/ose të tretë të provimit në afat prej gjashtë muajve pas dhënies së pjesës së parë të provimit, është i obliguar që pjesën e parë të prvovimit sërish ta japë.

Neni 17

Pjesën e dytë të provimit e jep nëse me sukses e ka kaluar pjesën e parë të provimit.

Në pjesën e dytë të provimit kandidati në kompjuter zgjidh 30 pyetje nga njohuritë teorike të arritura nga modulet gjatë trajnimit.

Pyetjet janë me katër opsione për rrethim prej të cilave njëra është e saktë, ndërsa tri janë të pasakta.

Detyrat nga testi vlerësohen me pikë të përcaktuara në test.

Pyetjet përmbahen në sistemin elektronik, ndërsa i përgatisin trajnuesit, nga 60 pyetje nga çdo modul, përkatësisht gjithsej 300 pyetje.

Komisioni i Provimeve i verifikon pyetjet.

Për pjesën e dytë të provimit administratori jep udhëzim për zgjidhjen e të njëjtës, para fillimit të dhënies së provimit.

Sistemi elektronik nuk lejon ekzistimin e përmbajtjes identike për pjesën e dytë të provimit në një sesion për më shumë se një kandidat.

Pjesa e dytë e provimit vlerësohet me kaloi/nuk kaloi, në bazë të regjistrimit nga testi i dhënë elektronik që e dorëzon administratori në Komisionin e Provimeve Regjistrimi nga pjesa e dytë e provimit ruhet në dosjen e kandidatit.

Llogaritet se pjesën e dytë të provimit e ka dhënë ai kandidat i cili me përgjigje të sakta të pyetjeve nga testi ka arritur më së paku 80% nga numri i përgjithshëm i pikëve të parapara.

Për rezultatet e pjesës së dytë të provimit kandidati do të njoftohet më së voni tri ditë pas dhënies së provimit.

Neni 18

Pjesën e tretë të provimit kandodati e jep nëse me sukses e ka kaluar pjesën e dytë të provimit.

Për pjesën e tretë të provimit kandidati përpunon, prezanton dhe mbron punim përfundimtar seminarik - studim të rastit.

Temën e puninimit përfundimtar seminarik kandidati e merr pas përfundimit të trajnimit, të gjeneruar me kompjuter, përmbajtjen e të cilës me zgjedhje të rastësishme e përcakton softueri i sistemit elektronik nga lista e temave.

Temat për listën nga paragrafi 3 të këtij neni i përgatisin trajnuesit nga 20 tema për çdo modul, përkatësisht gjithsej 120 tema.

Komisioni i Provimeve i verifikon temat.

Punimin përfundimtar seminarik e përgatit, prezanton dhe mbron në afat prej 30 ditësh nga dita e marrjes së temës.

Kandidati punimin përfundimtar seminarik e prezanton dhe mbron para Komisionit të Provimeve.

Komisioni i Provimeve në mënyrë të plotfuqishme vendos nëse janë të pranishëm të gjithë anëtarët e vet.

Kur ndonjë anëtar nga Komisioni i Provimeve është i penguar të marrë pjesë në provimin i cili realizohet, në vendin e tij thirret zëvendësi i tij.

Vendimet nga Komisioni i Provimeve miratohen me shumicën e votave.

Pjesën e tretë të provimit Komisioni i Provimeve e vlerëson me kaloi/nuk kaloi, në bazë të punimit përfundimtar seminarik të përgatitur, prezantuar dhe mbrojtur. Kandidti njëherë njoftohet për notën e Komisionit të Provimeve.

Llogaritet se kandidati e ka dhënë provimin nëse me suksesi i ka dhënë të gjitha pjesët e provimit.

Për rezultatet e dhënies së provimit Qendra Shtetërore e Provimeve e njofton kandidatin, më së voni në afat prej 15 ditësh.

Kundër aktvendimit për mosdhënie të provimit për drejtor, të cilin e miraton Drejtori i Qendrës Shtetërore të Provimeve, mund të paraqitet ankesë në Komisionin shtetëror për vendimmarrje në procedurë administrative dhe procedurë të marrëdhënies së punës në shkallë të dytë, në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit.

Neni 19

Për rrjedhën e provimit mbahet procesverbal në të cilin futen këto të dhëna: emri dhe mbiemri i kandidatit, përbërja e komisionit të provimit, data e dhënies së pjesëve të provimit, titulli i punimit seminarik përfundimtar, rezultatet e tri pjesëve të provimit, nota përfundimtare për provimin dhe vërejtje tjera më të rëndësishme nga rrjedha e provimit.

Procesverbali nënshkruhet nga kryetari dhe anëtarët e Komisionit të provimit.

Pas përfundimit të provimit, dosja e kandidatit plotësohet me fletëparaqitjen për provim, procesverbalin nga provimi i realizuar, bartësin e regjistrimit elektronik (CD) me gjashtë punime seminarike dhe punimin përfundimtar seminarik që ruhen në Qendrën Shtetërore të Provimeve.

Forma dhe përmbajtja e procesverbalit nga paragrafi 1 i këtij neni përcaktohet nga drejtori i Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Neni 20

Kandidatët që nuk a kanë dhënë provimin mund ta japin provimin në cilindo afat tjetër të radhës, me fletëparaqitje të re dhe ekzemplar të fletëpagesës së re për mjetet e paguara për provim.

Kandidatët që nuk kanë ardhur në provim kanë të drejtë që të njëjtin ta japin në cilindo afat tjetër të radhës me fletëparaqitje të re dhe ekzemplar nga fletëpagesa e kaluar.

Kandidatët që edhe për herën e tretë nuk e kalojnë provimin, nuk kanë të drejtë ta japin provimin në tri vitet e ardhshme.

Pas skadimit të afatit nga paragrafi 3 të këtij neni, kandidatët mund përsëri të ndjekin trajnim dhe të paraqiten për provim.

IV. Kushtet dhe procedura e zbatimit të trajnimit të avancuar

Neni 21

Trajnim të avancuar detyrimisht ndjek drejtori i shkollës me provim të dhënë për drejtor.

Neni 22

Për mbindërtim të njohurive, drejtorët e shkollave janë të obliguar të ndjekin trajnim për përsosje të vazhdueshme profesionale nga më së paku katër ditë seminarike, me kohëzgjatje të përgjithshme nga më së paku 32 orë, gjatë një viti.

Trajnimin nga paragrafi 1 të këtij neni e organizon Qendra Shtetërore e Provimeve.

Trajnues në trajnimin e avancuar janë persona profesionalë nga radhët e të punësuarve në Qendrën Shtetërore të Provimeve, persona profesionalë të punësuar në institucione nga sfera e arsimit dhe persona profesionalë nga institucione/ente tjera lidhur me tema nga përmbajtja e Programit për trajnim të avancuar të drejtorit, të caktuar nga drejtori i Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Programin për trajnimin e avancuar të drejtorit e përcakton ministri, i cili e propozon në bashkëpunim me Byronë për Zhvillim të Arsimit, Qendrën për Arsim Profesional dhe Trajnim, Qendrën për Arsim të të Rriturve dhe Inspektoratin Shtetëror të Arsimit.

Trajnuesit kanë të drejtë në kompensim në para që e përcakton Këshilli Drejtues i Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Lartësia e kompensimit nga paragrafi 5 të këtij neni është për ditë seminarike.

Për pjesëmarrje në trajnim të avancuar Qendra Shtetërore e Provimeve drejtorëve u lëshon vërtetim dhe të njëjtën e evidenton.

Formën dhe përmbajtjen e vërtetimit për pjesëmarrje në trajnimin e avancuar të drejtorëve i përcakton drejtori i Qendrës Shtetërore të Provimeve.

V. Baza e të dhënave, certifikata dhe shpenzimet

Neni 23

Evidenca për drejtor mbahet në bazën e të dhënave, e publikuar në ueb faqen e Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Baza nga paragrafi 1 të këtij neni përbëhet nga dy pjesë:

- Evidenca për persona të cilët kanë marrë certifikatë për drejtor dhe i përmban të dhënat në vijim: emrin dhe mbiemrin, komunën, datën e lëshimit të certifikatës, datën e heqjes së certifikatës.
- Evidenca për persona të cilët janë drejtorë të shkollave dhe i përmban të dhënat në vijim: emrin dhe mbiemrin, komunën, datën e lëshimit të certifikatës, datën e heqjes së certifikatës, ditët e ndjekura seminarike dhe temat në suaza të trajnimit të avancuar, shkollën në të cilën është drejtor, postën elektronike dhe numrin telefonik zyrtar.

Të dhënat nga baza i azhurnon Qendra Shtetërore e Provimeve, në bazë të të dhënave të marra nga Ministria e Arsimit dhe Shkencës dhe njësitë e vetëqeverisjes lokale në rajonin e së cilës është shkolla.

Ministria e Arsimit dhe Shkencës dorëzon të dhëna për drejtorët e shkollave shtetërore fillore dhe të mesme dhe konviktet shtetërore të nxënësve, kurse kryetari i komunës, komunës në Qytetin e Shkupit, respektivisht Qytetit të Shkupit për shkollat fillore dhe të mesme komunale, konviktet e nxënësve dhe universitetet e hapura civile për mësim të përjetshëm, në afat prej dhjetë ditëve nga dita e zgjedhjes, respektivisht shkarkimit të drejtorit.

Neni 24

Kandidatit i cili e ka kaluar provimin i lëshohet certifikatë për provim të kaluar për drejtor, të nënshkruar nga kryetari të Komisionit të provimit dhe nga drejtori i Qendrës Shtetërore të Provimeve, në afat prej shtatë ditëve nga dita e mbarimit të provimit.

Certifikata mund të nënshkruhet edhe nga ana e zëvendësdrejtorit të Qendrës Shtetërore të Provimeve, me autorizim paraprak nga drejtori i Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Formën dhe përmbajtjen e Certifikatës për provim të kaluar për drejtor i përcakton ministri i Arsimit dhe Shkencës, me propozim të Qendrës Shtetërore të Provimeve.

Neni 25

Vlefshmëria e certifikatës për drejtor ndërpritet nëse kandidati për drejtor i cili e posedon nuk zgjidhet për drejtor në periudhë prej pesë vjetësh nga dita e lëshimit të certifikatës.

Në rastin nga paragrafi 1 i këtij neni kandidati për drejtor ka të drejtë të marrë certifikatë të re me ndjekje të sërishme të trajnimit dhe dhënie të provimit për drejtor.

Për ndjekje të sërishme të trajnimit dhe dhënie të provimit, kandidati për drejtor është i detyruar të paraqesë fletëparaqitje për trajnim dhe fletëparaqitje për provim dhe t'i paguajë shpenzimet.

Neni 26

Qendra Shtetërore e Provimeve me aktvendim e heq certifikatën e peronit i cili për momentin e ushtron funksionin drejtor nëse:

- përcaktohen parregullsi në dhënien e provimit ,
Нето платата на членот на Одборот кој ја врши функцијата професионално во Одборот изнесува седум и половина просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година, освен за членовите од ставот 1 алинеја 5 на овој член, за кои висината на надоместокот е во висина од петнаесет просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година. Членовите од ставот 1 алинеја 5 на овој член имаат право на надоместок за направените трошоци за превоз, како и за сместување и здравствено осигурување во Република Македонија.

Надоместокот на членот на Одборот кој не ја врши функцијата професионално во Одборот изнесува три и половина просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година, освен за членовите од ставот 1 алинеја 5 на овој член, за кои висината на платата е во висина од седум просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година. Членовите од ставот 1 алинеја 5 на овој член имаат право на надоместок за направените трошоци за превоз, како и за сместување и здравствено осигурување во Република Македонија.

Платата на членот на Одборот кој е професионално ангажиран во Одборот, се исплаќа од буџетот на министерството надлежно за работите на високото образование, а надоместокот на членот на Одборот кој не е професионално ангажиран во Одборот и на стручните тела на Одборот може да се исплаќа и од сопствените приходи на Одборот.

Член 6

Во членот 71 став 1 по алинеа 8 сврзникот „и“ се заменува со запирка и се додаваат две нови алинеи, кои гласаат:

„ - го реализира државниот испит за студенти,

- го спроведува стручниот дел од приемниот испит за студенти, странски државјани и“.

Член 7

Насловот и членот 94 се менуваат и гласат:

„Прв циклус академски студии

Член 94

Првиот циклус на академски студии трае четири години и со неговото завршување се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити.

Лицето кое ги завршило студиите од став 1 на овој член се стекнува со диплома со додавка на соодветната струка, ако со закон поинаку не е уредено.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од став 1 на овој член припаѓаат на VI А ниво од Националната рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на првиот циклус на студии е baccalaureus, односно baccalaurea.

Студиските програми од прв циклус на академски студии се базираат на истражувања и на студентот му обезбедуваат компетенции и методолошки вештини во една или повеќе научни области и го квалификуваат да работи независно во рамките на својата професија.

Студиските програми од прв цилкус на академски студии според содржината и резултатите од учењето треба:

- да го воведат студентот во академските дисциплини во една или повеќе научни области преку вклучување на теории и методи за да може да се стекне со широки академски знаења и вештини;

- да му овозможат на студентот академски знаења, теоретски и методолошки квалификации коишто ќе го оспособат за самостојно идентификување, формулирање и решавање на сложени проблеми во рамките на соодветните составни делови на предметните области и

- да го оспособат студентот стекнатите неопходни основни вештини да ги применува за практикување на професијата на одредени стручни работни места и за влез во вториот циклус на академски студии.

Содржината на студиската програма за првиот циклус на академски студии од член 99 од овој закон треба да има најмалку 80% совпаѓање на содржините и исходите од учењето со иста или слична студиска програма, која се изведува на универзитет, кој се наоѓа на првите 50 места од соодветната област, на ранг листата која ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот Џиао Тонг Универзитет од Народна Република Кина, освен за слободно изборните предмети.

По исклучок од став 7 на овој член, содржината на студиската програма за првиот циклус на академски студии од член 99 од овој закон од полето на правните науки, треба да има најмалку 60% совпаѓање на содржините и исходите од учењето со иста или слична студиска програма, со која се изучува европското континентално право, а која се изведува на универзитет од Европскиот простор на високото образование кој се наоѓа на првите 20 места од соодветната област на ранг листата која ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот Џиао Тонг Универзитет од Народна Република Кина, освен за слободно изборните предмети.

Ставот 7 на овој член не се применува на студиските програми од областа на уметностите, националната историја и лингвистиката .

Студиската програма за прв циклус на студии најмалку содржи:

1. Назив на студиската програма на македонски и англиски јазик согласно Фраскатиевата класификација на научните подрачја, полиња и области. Ако студиската програма се реализира на друг јазик различен од македонскиот јазик, а кој го користат припадниците на заедниците во Република Македонија, називот на студиската програма е на тој јазик, македонски јазик и англиски јазик.

2. Елаборација на општествената оправданост од студиската програма со прилози за поткрепување, кои се однесуваат на домашни и стратешки документи на Обединетите Нации и докажана консултација со релевантни потенцијални работодавачи по однос на вработливоста.

3. Европска димензија на студиската програма преку компаративно прикажување на содржините со исти или слични студиски програми од најмалку три релевантни универзитети од ставовите 7 и 8 на овој член.

4. Потребните квалификации на наставниот и соработничкиот кадар од соодветното научно поле за изведување на предметните содржини за кои се избираат.

5. Оптовареност изразена во ЕКТС и доколку е предвидено, подготвителни курсеви.

6. Услови за запишување на студиската програма посебно за: редовни, вонредни и странски студенти кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма, од државната матура или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување.

7. Опис на академскиот профил:
- цели на студиската програма,
- наставни предмети и
- академски и стручни знаења, вештини и способности кои се стекнуваат со завршување на студиската програма согласно Националната рамка на високообразовни квалификации.

8. Правила со кои се уредуваат модулите, задолжителните и изборните предмети и нивниот опис со:
- цел на предметот и резултати од учењето согласно Националната рамка на високообразовни квалификации,
- детална содржина на предметот по поглавја и единици со резулатите од учење за секое поглавје,
- оптовареност со предметот изразена во ЕКТС,
- детален опис на наставните и работни методи за предметот,
- взаемна поврзаност на предметите и
- неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот.

9. Правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, дипломска работа и други активности кои се изведуваат писмено кои опфаќаат најмалку содржина, големина, начин на пишување и други релевантни барања.

10. Правила со кои се уредува начинот на оценувањето и опис на вреднувањето на постигнувањата на студентот како и можностите за избор на предмети на универзитетите во Македонија и странство.

11. Правила со кои се уредува практичната настава (и работното искуство за вработените вонредни студенти), нејзиното изведување, придобивки, поврзаност со исходите од учење на студиската програма и предметите како и оценување на постигнувањата од практичната настава.

12. Роковите за завршување на предвидените активности од студиската програма.

13. Правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма.

14. Содржина на додатокот на диплома кој се издава со завршување на студиската програма.

15. Работни места според важечката ИСЦО (ISCO) класификација на занимања за кои студентот е оспособен за работа на почетно ниво.

16. Научни полиња за студиски програми од втор цилкус на академски и стручни студии, за кои со завршување на соодветната студиска програма од прв циклус на студии, се обезбедува соодветна проодност.

Посебните услови за организирање, изведување и содржината на студиските програми за прв цилкус на академски студии по научни полиња како и начинот на писменото, усното и другите видови на оценување на знаењата, способностите и вештините на студентите ги уредува Одборот за акредитација и евалуација на високото образование врз основа на претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Согласност на академскиот назив, по претходно мислење од министерот надлежен за работите на високото образование, дава Одборот за акредитација и евалуација на високото образование".

Член 8

Членот 95 се менува и гласи:

„Академските универзитетски студии од вториот циклус траат една односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60 односно 120 ЕКТС кредити. Овие студии можат да траат и подолго доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на првиот и вториот циклус на академски универзитетските студии изнесува 300 односно 360 ЕКТС кредити.

Лицето кое ги завршило студиите од ставот 1 на овој член со вкупно 300 ЕКТС кредити се стекнува со назив – магистер специјалист од соодветната област и нема право за продолжување на студии од трет циклус.

Лицето кое ги завршило студиите од ставот 1 на овој член со вкупно 360 ЕКТС кредити се стекнува со научен назив – магистер на науки, или со друг назив на студиите од членот 106 на овој закон.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на вториот циклус на студии од став 3 на овој член е master.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на вториот циклус на студии од став 4 на овој член е master of science.

Лицето кое ги завршило студиите од став 1 на овој член со 300 односно со 360 ЕТКС кредити на студиските програми од уметноста се стекнува со назив – магистер на уметности и имаат право за продолжување на студии од трет циклус од областа на уметноста.

Академските студии од областа на уметностите се состојат од два дела: магистерски труд и јавна изведба на уметничко дело или изложба.

Посебните услови за академските студии од став 1 на овој член од областа на уметноста ги пропишува високообразовната установа со посебен акт “.

Член 9

Во членот 95-а ставот 2 се менува и гласи:

„Право да биде ментор на студентите од втор циклус на студии има само наставник кој објавил најмалку шест труда во меѓународни научни списанија или трудови кои имаат вкупно најмалку 5 бода, согласно став 6 на овој член во списание со импакт фактор кое е од соодветната област во базата на Web of Science и кој добил акредитација од Одборот за акредитација и евалуација во високото образование.“

Ставот 5 се менува и гласи:

„Право да биде ментор на студентите од втор циклус на студии од областа на уметностите има само наставник кој има остварено најмалку три соодветни врвни уметнички изведби во последните пет години на релевантни домашни и меѓународни настани согласно листа која ја изготвува Министерството за култура и кој добил акредитација од Одборот.

По ставот 5 се додаваат два нови става 6 и 7, кои гласат:

“Труд објавен во списание со импакт фактор кое е од соодветната област во базата на Web of Science носи вкупно пет бода. Авторот кој го објавил трудот самостојно добива пет бода. Доколку трудот има повеќе автори, првиот автор добива четири бода, вториот два и пол бода, а секој наредeн автор добива по два бода.

За авторите кои објавиле трудови од став 6 на овој член, министерството надлежно за работите на високото образование, води Регистар во електронска форма, кој се објавува на неговата веб страна.

Член 10

Во членот 96 став 6 зборовите “најмалку два“ се заменуваат со зборовите “трудови кои имаат вкупно најмалку десет бода , согласно член 95-а став 6 од овој закон.”, а по зборовите „импакт фактор“ се додаваат зборовите „кои се од соодветната област во базата на Web of Science,“.

Во ставот 10 зборовите: „или еден труд во меѓународно списание со импакт фактор“ се заменуваат со зборовите: “или трудови кои имаат вкупно најмалку пет бода, согласно член 95-а став 6 од овој закон во меѓународно списание со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science.“.

Ставот 12 се брише.

Член 11

Во членот 104 ставот 2 се менува и гласи:

„На студиските програми од прв и втор циклус акредитација врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, а решение за почеток со работа дава министерството надлежно за работите на високото образование. На студиските програми од трет циклус акредитација врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, а решение за почеток со работа дава Владата. Извештаите за акредитација и евалуација целосно се објавуваат на веб страната на Одборот. “

Ставот 4 се менува и гласи:

„За студиските програми од прв и втор циклус на приватните високообразовни установи решение за почеток со работа дава министерството надлежно за работите на високото образование, по претходна акредитација од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. За студиските програми од трет циклус решение за почеток со работа дава Владата, по претходна акредитација од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Извештаите за акредитација и евалуација целосно се објавуваат на веб страната на Одборот. “

Член 12

Во членот 105 ставот 4 се менува и гласи:

„Студиските програми од втор циклус кои содржат 120 кредити и заедно со 240 кредити стекнати на првиот циклус на академски студии и траат две години, се вреднуваат како магистерски студии. “

Во ставот 5 бројот „180“ се менува со бројот „240“.

Во ставот 6 бројот „300“ се менува со бројот „360“.

Член 13

Членот 106-а се брише.

Член 14

Во членот 108 ставот 2 се брише.

Во ставот 3 кој станува став 2 зборовите: „или училишна матура во уметничко образование“ се бришат.

Ставот 14 кој станува став 13, се менува и гласи:

„Студентите странски државјани се запишуваат на студии на јавните и приватните високообразовни установи под исти услови како и државјаните на Република Македонија, по исклучок на условите утврдени во ставовите 1 и 2 на овој член и доколку претходно имаат положено приемен испит. “

По ставот 14 кој станува став 13 се додаваат 13 нови ставови 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26, кои гласат:

„Приемниот испит за студенти, странски државјани е составен од два дела и тоа: тест за проверка на јазичните вештини и стручен испит. Тестот за проверка на јазичните вештини се состои од прашања со кои се проверува нивото на познавање на јазикот на кој кандидатот ќе ја следи наставата, а кој не може да биде пониз ок од ниво „Б“, освен ако високообразовната установа не одредува повисок степен на познавање на јазикот на кој се изведува студиската програма.

Тестот за проверка на јазичните вештини го спроведува сертифицирана високообразовна установа согласно стандардите на Заедничката европска рамка за референтност на јазиците, поставена од Советот на Европа, по посебна програма утврдена од високообразовната установа, а по претходна согласност од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Трошоците за полагање на тестот за проверка на јазичните вештини се на товар на кандидатот.

Висината на средствата за полагање на тестот за проверка на јазичните вештини ја определува високообразовната установа, по претходна согласност на министерот надлежен за високото образование.

Стручниот дел од испитот го спроведува Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, во високообразовната установа во која се запишуваат студентите странски државјани и се состои од прашања од два предмети клучни за соодветната област.

Стручниот дел од испитот од ставот 14 на овој член се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број на прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

Прашањата на тестот зависно од тежината се вреднуваат со поени определени во тестот.

Прашањата содржани во тестовите за полагање на стручниот дел од испитот и нивните одговори, се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на приемниот испит.

Електронскиот систем од ставот 21 на овој член содржи база на прашања од областа на предмети за потребите на стручниот дел од испитот.

Во електронскиот систем е содржано и посочување на литература во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот и вториот дел од испитот.

Резултатите од полагањето на стручниот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Студентите странски државјани кои ги стипендира Владата на Република Македонија кои студираат на универзитетите на кои наставата се изведува на англиски јазик, не полагаат приемен испит доколку достават доказ/диплома за познавање на ниво Б1 од Европската јазична рамка, издадена од официјален европски тестатор, член на Здружението АЛТЕ на европски тестатори.

Студентите странски државјани кои сакаат да се запишат на студии на јавните и приватните високообразовни установи во Република Македонија, не го полагаат вториот дел на приемниот испит, односно тестот за проверка на јазичните вештини, ако следат настава на јазик на државата од која доаѓаат или претходното образование го завршиле на јазикот на кој се изведува студиската програма на високообразовната установа на која се запишуваат.“

Член 15

По членот 108 се додава нов член 108-а кој гласи:

„Член 108-а

На денот на полагањето на стручниот дел од испитот, спроведувачот на испитот му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 108 став 22 од овој закон.

По одобрувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест од испитот, компјутерски генериран, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 108 став 22 од овој закон и од базата од членот 108 став 23 од овој закон.

Стручниот дел од испитот содржат упатство за начинот на решавање на истиот, за кое спроведувачот дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронскиот тест од испитот, во една сесија за повеќе од еден кандидат.

Приемниот испит започнува со полагање на тестот за проверка на јазичните вештини, а потоа полагање на стручниот испит.

Тестот за проверка на јазичните вештини се полага во рок од 15 дена пред полагање на стручниот испит.

Приемниот испит се смета дека е положен, доколку кандидатот го положил и двата дела на испитот.

Доколку кандидатот не го положи тестот за проверка на јазичните вештини нема право да го полага стручниот испит.

Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени одделно во двата дела на испитот.

Приемниот испит се спроведува во два приемни рока и тоа на почетокот на месец јуни и на почетокот на месец септември.

На странските државјани им се ограничува или ускратува упис ако станува збор за студии кои се однесуваат на воено или полициско образование или студии кои се од интерес за националната безбедност.

Посебните услови за начинот на изведување на приемен испит за студенти странски државјани на предлог на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ги утврдува министерот надлежен за работите на високото образование.“

Член 16

Во членот 110 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„На одлуката за бројот на студентите кои се запишуваат на студии од трет циклус на приватна високообразовна установа согласност дава Владата, на предлог на наставно-научниот совет, односно на наставничкиот совет, односно на советот на приватната научна установа. “

Ставот 5 станува став 6.

Член 17

Во членот 110-а по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Високообразовните установи, двапати годишно, и тоа еднаш по запишување на студиите и еднаш на крајот на академската година, имаат обврска да достават список на запишани и дипломирани студенти во тековната академска година, по факултети и студиски програми до министерството надлежно за високото образование, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.“

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 18

Во членот 113 во ставот 6 точката во крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „со усна и писмена проверка “.

Член 19

Во членот 120, по ставот 2, се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„За издадените дипломи од страна на високообразовните установи во Република Македонија од нивното основање министерството надлежено за работите на високото образование води Регистар.

Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од став 3 на овој член го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.“

Член 20

Во член 121 по ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Високообразовна дејност, како наставно-научен односно наставен кадар, може да врши и лице странски државјанин, под исти услови утврдени во член 125 од овој закон.“

Ставовите 7 и 8 стануваат ставови 8 и 9.

Член 21

Во членот 125 ставовите 2, 3, 4 и 5 се менуваат и гласат:

“За доцент може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или научни труда во научно списание со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science во последните пет години, кои носат вкупно најмалку десет бода, согласно член 95-а став 6 од овој закон, како и постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата.

За вонреден професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или научни труда во научно списание со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science во последните пет години, кои носат вкупно најмалку 15 бода, согласно член 95-а став 6 од овој закон, како и учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, придонес во оспособувањето на помлади наставници и кое покажало способност за изведување на разни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата.

За редовен професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или научни труда во научно списание со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science во последните пет години, кои носат вкупно најмалку 20 бода, согласно член 95-а став 6 од овој закон, како и кое учествувало или раководело со научноистражувачки проект и кое има придонес во оспособувањето на помлади наставници и кое покажало способност за изведување на сите видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата.

За повторен избор за редовен професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или научни труда во научно списание со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science во последните седум години, кои носат вкупно најмалку 20 бода, согласно член 95-а став 6 од овој закон, како и кое учествувало или раководело со научноистражувачки проект и кое има придонес во оспособувањето на помлади наставници и кое покажало способност за изведување на сите видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата.“

Член 22

Во членот 133 ставот 14 се менува и гласи:

„Лице избрано во наставно-научно звање или соработничко звање на кое му мирува работниот однос поради вршење на функција на избрано или именувано лице, може да изведува настава и да спроведува испити во деновите петок, сабота и недела, не може да биде ментор или член на комисија за оценка или одбрана на магистерски труд и докторска дисертација и не може да прима надоместок од високообразовната установа за извршена наставна, научно-истражувачка или применувачка дејност, освен членовите на Одборот од став 2 на член 70 од овој закон кои професионално ја извршуваат својата функција во Одборот.“

Член 23

Во членот 136 во ставовите 1 и 2 по зборовите: „импакт фактор“ се додаваат зборовите: „кои се од соодветната област во базата на Web of Science“.

Ставот 2 се менува и гласи:

“По исклучок, лице може да биде избрано во повисоко наставно-научно, наставно и научно звање и порано, пред истекот на најмалку половина од времето за кое е извршен изборот во постојното звање, доколку покрај условите од ставот 1 на овој член има објавено научни труда во научно списание со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science, кои носат вкупно најмалку 20 бода, согласно член 95-а став 6 од овој закон. Предвремен избор во повисоко звање по истекот на половина од времето за кое е извршен изборот во постојното звање може да се спроведе за лицата кои докторирале или магистрирале на еден од првите 200 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа.“

Член 24

Во членот 146-а по зборовите: „импакт фактор“ се додаваат зборовите: „кои се од соодветната област во базата на Web of Science“.

Член 25

Во членот 146-б во ставот 4 по зборовите: „импакт фактор“ се додаваат зборовите: „кои се од соодветната област во базата на Web of Science“.

Член 26

Во членот 157 по ставот 2 се додаваат четири нови ставови 3, 4, 5 и 6 кои гласат:

„Спроведување на постапка за еквиваленција и признавање на странска високообразовна квалификација не може да започне доколку барателот не достави доказ дека има положено државен испит на високообразовна установа во Република Македонија која изведува иста или слична студиска програма како програмата за која кандидатот бара признавање.

Ако во Република Македонија не се изведува студиска програма за која кандидатот бара признавање, тогаш кандидатот доставува доказ дека има положено државен испит на високообразовна установа во Република Македонија која реализира студиска програма од исто научно поле со студиката програма за која се бара признавање.

Определувањето на високообразовната установа од ставовите 3 и 4 на овој член го врши министерството надлежно за признавање на странски високообразовни квалификации на предлог на стручната комисија од член 159 од овој закон.

По исклучок од став 3 на овој член, при еквиваленција и признавање на странската високообразовна квалификација за прв и втор циклус стекнати во некоја од земјите на ОЕЦД, не се бара доказ за положен државен испит во Република Македонија.“

Член 27

Во членот 158 по ставот 1 се додаваааат три нови ставови 2, 3 и 4, кои гласат:

„За еквиваленција и признавање на странските високообразовни квалификации министерството надлежно за високо образование води регистар кој се објавува на неговата веб страницата.

Министерот надлежен за високото образование, најмалку еднаш во текот на календарска година, формира комисија составена од три члена, која врши ревизија на постапката на еквиваленција и признавање на странските високообразовни квалификации, на одреден број на предмети, по случаен избор.

Формата и содржината на регистарот од став 2 на овој член ја пропишува министерот надлежен за високото образование.

Член 28

По членот 167-б се додаваат два нови члена 167-в и 167-г, кои гласат:

„Член 167-в

Глоба во износ од 5000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на член на рецензиона комисија ако не постапи согласно член 132 став 7 од Законот за високо образование, односно при избор на кандидат во наставно-научно звање биде предложен кандидат кој не ги исполнува условите согласно одредбите од Законот за високо образование или не биде предложен кандидат кој ги исполнува условите за избор во звање.

Глоба во износ од 3000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на претседателот и членовите на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ако не постапат согласно член 70 став 7 од овој закон, односно не достават годишен извештај за своето работење.

Глоба во износ од 3000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на претседателот и членовите на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ако не постапат согласно член 104 ставови 2 и 4 од овој закон, односно не ги објават извештаите за акредитација и евалуација на студиските програми.

Глоба во износ од 15000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на високообразовната установа ако запише ученик кој е без положена државна матура (член 108 став 1).

Глоба во износ од 10000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на високообразовната установа за прекршокот од ставот 4 на овој член.”

„Член 167-г

Глоба во износ од 10.000 до 30.000 евра во денарска противвредност и мерка забрана за вршење на високообразовна дејност ќе и се изрече на високообразовната установа која ќе му дозволи на студентот полагање на повеќе од една половина на испити од трета студиска година или запишување во четврта студиска година без претходно да го има положено државниот испит кој се полага по завршувањето на втората студиска година односно му издаде диплома за завршено високо образование на студент кој не положил државен испит (член 69-а). “

Член 29

По членот 168-а се додава нов член 168-б, кој гласи:

“Издавање на диплома без положен државен испит

Член 168-б

Одговорното лице на високобразовната установа, кое ќе постапи спротивно на овој закон, односно ќе му дозволи на студентот полагање на повеќе од една половина на испити од трета студиска година или запишување во четврта студиска година без претходно да го има положено државниот испит кој се полага по завршувањето на втората студиска година односно му издаде диплома за завршено високо образование на студент кој не положил државен испит, ќе се казни со затвор од 1 до 3 години (член 69-а).“

Член 30

Студентите запишани според студиските програми до денот на влегувањето во сила на овој закон можат да ги завршат студиите под услови кои важеле при уписот, но најдоцна во рокот определен за завршување на студиската програма продолжен за две години за студиите за прв циклус, односно за една година за студиите за втор и трет циклус.

Член 31

Одредбата од членот 4 од овој закон ќе се применува за студентите кои ќе се запишат на прв, односно втор циклус на студии од академската 2015/2016 година.

До отпочнување на примената на одредбите од членот 4 од овој закон претседателот на Одборот може да донесе решение за пробно спроведување на државниот испит со кое ќе ги определи високообразовните установи во кои ќе се спроведе истиот. Резултатите од пробното спроведување на државниот испит нема да имаат правни последици врз учесниците во истиот. Резултатите од пробното спроведување на државниот испит ќе се искористат за потребите на Одборот, заради подобрување на процедурите за спроведување на државниот испит.

Високообразовните установи најдоцна до 30 септември 2015 година треба да ги акредитираат студиските програми согласно член 7 од овој закон.

За академската 2015/2016 година, јавниот конкурс за запишувањето на студии универзитетот, односно самостојната високообразовна установа кој ги реализира студиите е согласно акредитираните студиски програми, односно студиските програми од член 94 од Законот за високото образование, кои се во постапка на акредитација во Одборот и се објавува најдоцна еден месец пред започнување на наставата.

Член 32

Одредбите од членот 14 и 15 на овој закон ќе започнат да се применуваат од академската 2015/2016 година.

Член 33

Единствениот електронски систем за полагање на приемниот испит од членот 14 ставот 22 на овој закон ќе се воспостави најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Бројот на прашањата во базата од членот 14 став 22 од овој закон се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од академската 2017/2018 година.

Член 34

Високообразовните установи во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон имаат обрска до министерството надлежено за работите на високото образование да ги достават податоците потребни за регистарот од член 19 став 1 на овој закон.

Член 35

Студентите кои се стекнале со звања пред влегувањето во сила на овој закон, истите ги задржуваат.

Член 36

Учениците кои се стекнале со средно образование пред воведувањето на државна матура, училишна матура и завршен испит можат да конкурираат за упис на високообразовна установа.

Член 37

Одредбите од членот 26 став 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 38

Одредбите од членовите 95-а, 96, 125 и 136 од Законот за високото образование кои се однесуваат на објавување на трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации се применуваат до 31 декември 2016 година, а од 1 јануари 2017 година се применуваат само одредбите кои се однесуваат на објавување трудови во научни списанија со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science.

Член 39

Членовите на Одборот, започнувајќи од 1 јануари 2018 година, треба да имаат објавено трудови кои имаат вкупно најмалку 15 бода, согласно членот 95-а став 6 од овој закон.

Член 40

Најдоцна во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон се конституира Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и се избираат генерален секретар, секретари за одделени области и нивни заменици.

До конституирање на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование согласно овој закон, продолжува со работа Одборот за акредитација и евалуација на високото образование формиран согласно Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14 и 130/14).

Конститутивната седница на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ја свикува министерот надлежен за работите на високото образование.

Член 41

Со влегување во сила на овој закон, основање и вршењето на дејноста на високообразовните установи за образование на наставници во предучилишно воспитание, основното и средното образование се врши согласно Законот за високообразовните установи за образование на наставници во предучилишно воспитание, основното и средното образование.

Член 42

Признавањето на странски високообразовни квалификации за вршење на дејноста на наставници во предучилишно воспитание, основното и средното образование се врши согласно Законот за високообразовните установи за образование на наставници во предучилишно воспитание, основното и средното образование.

Член 43

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 44

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ARSIMIN E LARTË

Neni 1

Në Ligjin për arsimin e lartë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 11/14, 116/14 dhe 130/14), në nenin 28 pas paragrafit 3 shtohen dy paragrafë të rinj 4 dhe 5, si vijojnë:

"Programe studimore të ciklit të tretë mund të organizojnë vetëm universitetet që janë në mesin e pesë universiteteve të para të ranguara dhe institucione të arsimit të lartë në përbërje të universiteteve (fakultete dhe akademi arti), të regjistruara në regjistrin e institucioneve të arsimit të lartë të shtetit, të përcaktuara në rangimin e fundit në pajtim me nenin 77-a të këtij ligji.

Nëse universiteti, përkatësisht institucioni i arsimit të lartë nga paragrafi 1 i këtij neni e humb statusin e njërit prej pesë universiteteve të para të ranguara në shtet në rangimin e ardhshëm, në atë rast universiteti, përkatësisht institucioni i arsimit të lartë nuk mund të regjistrojë kandidatë të rinj në ciklin e tretë të studimeve të doktoraturës. Nëse universiteti, përkatësisht institucioni i arsimit të lartë regjistron kandidatë të rinj, Këshilli detyrimisht miraton aktvendim për ndërprerjen e aktvendimit për akreditim për gjitha ciklet për të cilat është akredituar universiteti, përkatësisht institucioni i arsimit të lartë."

Neni 2

Në nenin 53 pas paragrafit 7 shtohet paragraf i ri 8, si vijon:

"Rektor mund të jetë edhe personi shtetas i huaj, në kushtet e njëjta të përcaktuara në paragrafët 2 dhe 7 të këtij neni."

Neni 3

Në nenin 65 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Dekan, përkatësisht drejtor mund të jetë edhe personi shtetas i huaj, në kushtet e njëjta të përcaktuara në paragrafët 1 dhe 4 të këtij neni."

Paragrafët 2, 3 dhe 4 bëhen paragrafë 3, 4 dhe 5.

Neni 4

Pas nenit 69 shtohet nen i ri 69-a, si vijon:

"Provimi shtetëror

Neni 69-a

Për shkak të kontrollit të aftësimit profesional të studentëve për zbatim të pavarur të njohurive të marra, aftësive dhe shkathtësive të përcaktuara në vetë programin studimor, gjatë studimit dhe në fund të vitit përfundimtar realizohet edhe provim shtetëror për studentët e regjistruar në ciklin e parë, përkatësisht të dytë të studimeve, përveç për studentët e regjistruar në programet studimore për mjekësi të përgjithshme. Provim shtetëror nuk jep studenti për ato lëndë të cilat i ka dhënë në suazat e programeve evropiane për mobilitet.

Provimin shtetëror për studentë e realizon Këshilli për Akreditim dhe Evaluim të Arsimit të Lartë.

Provimin shtetëror studenti e jep pas përfundimit të vitit të dytë studimor, por mund edhe më herët nëse studenti i ka dhënë së paku 50% të numrit të përgjithshëm të lëndëve të parapara për programin studimor konkret dhe në fund të vitit përfundimtar të studimeve, para mbrojtjes së punimit të diplomës, nëse programi studimor parasheh përpilim dhe mbrojtje të punimit të diplomës.

Provimin shtetëror studenti e jep në fund të muajve: shkurt, prill, gusht dhe nëntor, vetëm një herë në tremujorin e vitit akademik, me ç'rast dy mbajtjet e para janë falas.

Studentët e regjistruar në ciklin e dytë të studimeve provimin shtetëror e japin në fund të vitit të fundit studimor.

Dy mbajtjet e para të provimit shtetëror për studentë janë falas.

Nëse studenti nuk ka pasur sukes që ta japë provimin shtetëror dy herë radhazi, paraqitjet e ardhshme për mbajtje të provimit janë në ngarkim të studentit, edhe atë për herën e tretë 1 000,00 denarë, për herën e katërt 6 000,00 denarë dhe për çdo paraqitje të ardhshme 12 000,00 denarë. Mjetet për dhënien e provimit shtetëror paguhen në llogari të Këshillit.

Provimi shtetëror për studentë përmban pesë pyetje, përkatësisht studime të rastit (në tekstin e mëtejmë: pyetje) prej çdo lënde të detyrueshme dhe zgjedhore nga neni 99 paragrafi 3 i këtij ligji. Pyetjet janë me peshë të ndryshme me katër zgjidhje të ofruara, prej të cilave njëra zgjidhje është përgjigje e saktë e pyetjes së ofruar.

Pyetjet e përmbajtura në testet për dhënie të provimit shtetëror dhe përgjigjet e tyre, ruhen në sistemin unik elektronik për dhënie të provimit shtetëror.

Sistemi elektronik nga paragrafi 8 i këtij neni përmban edhe bazë të qasshme publikisht të pyetjeve nga sfera e lëndëve kryesore për nevojat e provimit shtetëror.

Pyetjet nga çdo lëndë veças që do t'u jepen, me zgjedhje të rastësishme, secilit student gjatë dhënies së provimit shtetëror, nëpërmjet sistemit të veçantë softuerik, do të jenë të nivelit të ndryshëm të ndërlikueshmërisë edhe atë dy pyetje do të jenë të llojit më të ndërlikuar, kurse tri pyetjet tjera do të përbëhen me nivele më të ulëta të ndërlikueshmërisë.

Provimi shtetëror mbahet në hapësirë për dhënie të provimit, veçanërisht të pajisur me pajisje materiale-teknike dhe informatike, lidhje të internetit dhe pajisje për incizim të dhënies.

Studentët informohen për datën dhe kohën e dhënies së provimit shtetëror së paku tri ditë para mbajtjes së provimit shtetëror.

Dhënia e provimit incizohet edhe drejtpërdrejt emitohet në ueb faqen e ministrisë kompetente për arsim të lartë, ndërkaq nëse për shkaqe teknike incizimi ndërpritet, incizimi i provimit të tërësishëm vendoset në ueb faqen e ministrisë kompetente për arsim të lartë.

Kriteret në lidhje me kushtet hapësinore dhe pajisjen materiale-teknike dhe informatike të hapësirave për dhënien e provimit shtetëror i përcakton ministri kompetent për arsim të lartë me propozim të Këshillit.

Në hapësirën për dhënien e provimit shtetëror, gjatë kohës së dhënies së provimit shtetëror, janë të pranishëm një përfaqësues i institucionit të arsimit të lartë, dy përfaqësues të Këshillit dhe dy përfaqësues të ministrisë kompetente për arsimin e lartë, prej të cilëve njëri është informatikan.

Para fillimit të dhënies së provimit shtetëror, përfaqësuesi i Këshillit e konfirmon identitetin e studentit me këqyrje të letërnjoftimit ose dokumentit të udhëtimit.

Studentit gjatë dhënies së provimit shtetëror nuk i lejohet shfrytëzimi i veglave ndihmëse mësimore, telefonit mobil, aparateve portative kompjuterike dhe mjeteve tjera teknike dhe informatike, lëndëve të përgatitura paraprakisht dhe ngjashëm.

Studentit gjatë kohës së dhënies së provimit shtetëror nuk i lejohet të kontaktojë me studentë tjerë ose persona përveç me informatikanin nga paragrafi 15 i këtij neni, në rast se ka problem teknik me kompjuterin.

Nëse problemet teknike me kompjuterin mënjanohen për pesë minuta provimi vazhdon, e në qoftë se nuk mënjanohen në këtë afat provimi vetëm për atë student ndërpritet dhe do të mbahet në afat prej më së shumti tri ditësh nga dita e ndërprerjes së provimit shtetëtor.

Nëse ka probleme me më shumë se pesë kompjuterë dhe ato nuk mënjanohen në afat prej pesë minutave provimi ndërpritet për gjithë studentët të cilët e japin provimin shtetëror dhe do të mbahent në afat prej më së shumti tri ditësh nga dita e ndërprerjes së provimit shtetëror.

Në rastet e paragrafit 18 të këtij neni nëse studenti nuk paraqitet në provimin shtetëror në afat prej më së shumti tri ditësh, konsiderohet se studenti nuk e ka dhënë provimin shtetëror dhe kjo konstatohet në procesverbalin për dhënien e provimit shtetëror.

Përfaqësuesit e autorizuar nga paragrafi 15 i këtij neni, gjatë dhënies së provimit, nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë sekonda në afërsi të drejtpërdrejtë të studentit i cili e jep provim, përveç në rast të mënjanimit të problemit teknik kur nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë minuta.

Nëse studenti nuk parashtron lutje për vazhdimin e provimit profesional në afatin e caktuar në paragrafin 23 të këtij neni do të konsiderohet se provimin nuk e ka dhënë.

Në ditën e dhënies së provimit shtetëror, përfaqësuesi i Këshillit i jep studentit kod për qasje, përkatësisht fjalëkalim me të cilin i lejohet qasja në sistemin elektronik.

Pas aprovimit të qasjes, studenti merr pyetje, të gjeneruara me kompjuter, përmbajtjen e të cilave me përzgjedhje të rastësishme e cakton softueri i sistemit elektronik.

Në rast të pengesës së zbatimit të provimit shtetëror për shkaqe të çojnë në pamundësi teknike të funksionimit të sistemit elektronik, dhënia e provimit shtetëror ndërpritet.

Nëse shkaqet që çojnë në pamundësi teknike të funksionimit të sistemit elektronik mënjanohen në afat prej 60 minutave nga ndërprerja e provimit shtetëror, i njëjti vazhdon menjëherë pas mënjanimit të tyre.

Nëse shkaqet që çojnë në pamundësi teknike të funksionimit të sistemit elektronik nuk mënjanohen në afat prej 60 minutave provimi shtetëror ricaktohet për termin tjetër.

Kohëzgjatja e përgjithshme e caktuar për përgjigjen e pyetjeve të provimit shtetëror është 180 minuta.

Provimi shtetëror për studentë konsiderohet i dhënë nëse studenti ka fituar së paku 60% të numrit të përgjithshëm të pikëve të parapara për të gjitha lëndët.

Me përjashtim nga paragrafi 31 i këtij neni, provimi shtetëror konsiderohet i dhënë nëse studenti për 20% të lëndëve ka fituar së paku 30% të pikëve nga çdo lëndë e veçantë, por numri i përgjithshëm i pikëve të mos jetë më i vogël se 60% nga numri i përgjithshëm i pikëve për të gjitha lëndët

Provimi shtetëror konsiderohet si i kaluar edhe nëse studenti për 20% të lëndëve ka arritur së paku 30% të pikëve për secilën lëndë veças, por shuma e përgjithshme e pikëve të mos jetë më pak se 60% e numrit të përgjithshëm të pikëve të parapara për të gjitha lëndët.

Me përjashtim, provimi shtetëror për studentët që studiojnë në programet studimore nga fusha shkencore e shkencave teknike, përkatësisht në programet studimore nga sfera e arteve realizohet në mënyrë me të cilën në mënyrë përkatëse vlerësohen edhe arritjet në zgjidhjen e problemeve për shkencat teknike, përkatësisht të përvetësimit të shkathtësive artistike.

Pyetjet për provimin shtetëror janë nga lista e pyetjeve që i përpilojnë dhe propozojnë mësimdhënësit e institucioneve të arsimit të lartë, të regjistruar në Regjistrin nga neni 36 i këtij ligji.

Pyetjet për provimin shtetëror duhet të jenë të përpiluara në pajtim me metodologjinë për përpilimin e pyetjeve për provim shtetëror, të cilën e përcakton Këshilli.

Zgjedhje të pyetjeve të propozuara dhe revizion të tyre bën Këshilli, me propozim të trupit profesional, të formuar nga Këshilli.

Sudenti që nuk e ka dhënë provimin shtetëror pas mbarimit të vitit të dytë të studimeve mund t'i dëgjojë lëndët e vitit të tretë të studimeve dhe të japë më së shumti gjysmën e provimeve të lëndëve të parapara për vitin e tretë të studimeve, por nuk mund të regjistrohet në vitin e katërt të studimeve.

Kushtet e veçanta për mënyrën e realizimit të provimit shtetëror për studentë, mënyrën e realizimit të pjesës së veçantë të provimit nga paragrafi 33 i këtij neni, me propozim të Këshillit për Akreditim dhe Evaluim të Arsimit të Lartë i përcakton ministri kompetent për punët nga arsimi i lartë, me pëlqim paraprak të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë."

Neni 5

Neni 70 ndryshohet si vijon:

"Anëtarët e Këshillit i zgjedh dhe shkarkon Kuvendi i Republikës së Maedonisë. Këshilli përbëhet prej 11 anëtarëve që zgjidhen në konkurs publik të shpallur nga Kuvendi i Republikës së Maqedonisë në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë" , në dy gazeta ditore dhe në gazetë publike ndërkombëtare. Anëtarët e Këshillit zgjidhen nga:

- tre anëtarë nga radhët e kuadrit mësimor shkencor të universitetit të parë të ranguar sipas rangimit të fundit të zbatuar të të gjithë universiteteve dhe institucioneve të arsimit të lartë në përbërje të universiteteve (fakultete dhe akademi të artit) të regjistruara në regjistrin e institucioneve të arsimit të lartë në Republikën e Maqedonisë,
- dy anëtarë nga nga radhët e kuadrit mësimor shkencor të universitetit të dytë të ranguar sipas rangimit të fundit të zbatuar të të gjithë universiteteve dhe institucioneve të arsimit të lartë në përbërje të universiteteve (fakultete dhe akademi të artit) të regjistruara në regjistrin e institucioneve të arsimit të lartë në Republikën e Maqedonisë,
